МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНО ПРАВО И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ПРАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ СКЛУЧУВАЊЕ И РАЗВОД НА БРАК СО СТРАНЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА СО ПРАВНИТЕ РЕШЕНИЈА ВО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ

СТУДЕНТ: СЛАВИЦА ЈОВАНОВА
БРОЈ НА ИНДЕКС: М247017
МЕНТОР: ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА ИЦОСКА

Свети Николе, 2025

АПСТРАКТ

Меѓународното приватно право претставува клучен правен механизам во регулирањето на правните односи со странски елемент, особено во доменот на семејното право и склучувањето и раскинувањето на меѓународните бракови. Зголемената мобилност на лицата, глобализацијата и транснационалните движења на населението придонесуваат за зголемен број на бракови меѓу државјани на различни држави, што води кон комплексни правни ситуации кои бараат соодветна правна регулација.

Во овој магистерски труд се анализираат правните предизвици кои произлегуваат од склучувањето и раскинувањето на меѓународни бракови, со акцент на применливото право, меѓународната надлежност на судовите, признавањето и извршувањето на странски судски одлуки, како и улогата на меѓународните договори и регулативи кои ја уредуваат оваа материја. Преку компаративна анализа на законодавствата на Република Северна Македонија и нејзините соседни држави (Србија, Бугарија, Албанија, Грција), се идентификуваат сличностите, разликите и правните празнини, со посебен фокус на постапките за признавање на странски разводи и прашањата за колизија на закони.

Истражувањето се базира на аналитичко-догматска и компаративна метода, со употреба на позитивноправна анализа, како и анализа на судска практика и меѓународни извори. Се користат домашно и странско законодавство, Хашките конвенции, регулативи на Европската Унија и релевантна практика на домашни судови.

Овој труд придонесува кон подобро разбирање на современите предизвици што произлегуваат од меѓународните брачни односи, при што нуди конкретни препораки за унапредување на националната регулатива и за приближување кон европските и меѓународните стандарди. Резултатите од истражувањето можат да им послужат на правните професионалци, судиите и законодавецот во насока на обезбедување поголема правна сигурност, предвидливост и заштита на човековите права во контекст на меѓународните бракови.

Клучни зборови: меѓународно приватно право, меѓународни бракови, признавање на странски одлуки, развод

ABSTRACT

Private international law serves as a key legal mechanism in the regulation of legal relationships involving a foreign element, particularly in the area of family law and the formation and dissolution of international marriages. Increased global mobility, globalization, and the transnational movement of people have led to a rise in marriages between nationals of different countries, resulting in complex legal situations that require adequate legal regulation.

This master's thesis analyzes the legal challenges arising from the conclusion and dissolution of international marriages, with a focus on applicable law, international jurisdiction of courts, recognition and enforcement of foreign judgments, and the role of international treaties and regulations governing this field. Through a comparative analysis of the legislation of the Republic of North Macedonia and its neighboring countries (Serbia, Bulgaria, Albania and Greece), the thesis identifies similarities, differences, and legal gaps, with special attention given to the procedures for recognizing foreign divorces and the issues of conflict of laws.

The research is based on an analytical-dogmatic and comparative methodology, including positivist legal analysis and an examination of court practice and international legal sources. It draws on domestic and foreign legislation, Hague Conventions, European Union regulations, and relevant case law from national courts.

This thesis contributes to a better understanding of the modern challenges arising from international marital relations and offers concrete recommendations for improving national legislation and aligning it with European and international standards. The findings may assist legal professionals, judges, and legislators in ensuring greater legal certainty, predictability, and protection of human rights in the context of international marriages.

Keywords: private international law, international marriages, recognition of foreign decisions,divorce

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ…….....i

Клучни зборови:.....i

ABSTRACT……ii

Keywords:.....ii

ВОВЕД……...1

1.ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ……4

1.1Формулација на проблемот, предмет и цел на истражувањето……...4

1.1.1Формулација на проблемот……. 4

1.1.2 Предмет на истражување……4

1.1.3 Цел на истражувањето…….5

1.1.4 Научна и општествена оправданост на истражувањето……...6

1.1.5 Хипотетска рамка…….7

1.1.6.Методолошки постапки…….....7

2. ПРАВНА РАМКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ БРАКОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА……9

2.1 Поим и дефиниција на бракот……9

2.2. Домашно законодавство…… 12

2.2.1.Услови за склучување на брак согласно ЗС……12

2.2.2.Граѓанско-правен странски елемент според ЗМПП……...14

2.2.3 Семејно-правните односи според ЗМПП…….18

2.2.3.1.Услови и форма за скучување на брак……..19

2.2.3.2.Меродавно право при развод на брак……...22

2.2.4. Меѓународна легислатива……...27

3. ПОСТАПКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАК СО СТРАНЕЦ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА…….29

3.1 Пријавување на брак склучен во странство во РСМ…….36

4.НАДЛЕЖНОСТ НА СУД НА РСМ ВО БРАЧНИТЕ ОДНОСИ……..39

4.1 Меѓународна судска надлежност во постапките за склучување и развод на брак со странец……..39

4.2 Судска пракса во Република Северна Македонија поврзана со бракови со странски елемент……..40

4.3 Правната положба на странците во постапките за склучување и развод на брак со странски државјани во Република Северна Македонија…….43

5. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА СО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ……47

5.1. Република Србија……47

5.1.1. Склучување на брак со меѓународен елемент……47

5.1.2.Развод на брак со меѓународен елемент……..49

5.1.3. Признавање на странски одлуки за развод……50

5.1.4. Компаративна анализа помеѓу меѓународни бракови во Република Северна Македонија и Република Србија……50

5.2 Правна рамка за меѓународните бракови во Република Бугарија……...51

5.2.1. Склучување на брак во Бугарија…….52

5.2.2. Колизиски решенија и применливо право…….52

5.2.3. Признавање на странски бракови……..53

5.2.4. Компаративна анализа помеѓу Република Северна Македонија и Бугарија во однос на меѓународните бракови…….53

5.3 Правна рамка за меѓународните бракови во Грција…….55

5.3.1 Компаративна анализа помеѓу Република Северна Македонија и Грција во однос на меѓународните бракови……57

5.4.Правна рамка во Република Албанија……..58

5.4.1. Компаративна анализа помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија…….60

6.ПРИЗНАВАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРАНСКИ СУДСКИ ОДЛУКИ……62

6.1.Преглед на уставните и законските одредби……63

6.1.1 Уставни основи…….63

6.1.2 Национални законски извори……..64

6.1.3 Меѓународни правни извори……64

6.2. Институционална рамка за признавање и извршување на граѓанските судски одлуки……..67

6.2.1 Преглед на законските одредби и учесници во постапката за признавање и извршување на граѓански судски одлуки…….67

6.3 Видови странски судски одлуки што се признаваат и извршуваат – осврт на семејната материја……..72

6.4.Поведување на постапката – надлежност на судовите во Северна Македонија во врска со признавањето и извршувањето странски пресуди…….74

6.5.Постапка за признавање на странски судски одлуки……..76

6.5.1. Поведување на постапката…….76

6.5.2 Услови за признавање и извршување на странски судски одлуки за кои судот внимава по службена должност…….78

6.5.3 Услови за кои судот внимава по приговор на странките…….83

6.5.4 Тек на постапката по предлог за признавање странска судска одлука за развод на брак……84

6.5.5 Судска пракса по предлог за признавање странска судска одлука..88

7.ПРАКТИЧНИ ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ ПРИЗНАВАЊЕТО НА СТРАНСКИ БРАКОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА…….99

7.1. Воведни напомени……..99

7.2. Недостаток на унифицирани стандарди за форма и суштина на бракот…..99

7.3. Неуредени или тешко достапни странски документи……99

7.4.Недоволна информираност на странките и органите……100

7.5. Судски формализам и долгото времетраење на постапките……100

7.6.Недостаток на правна помош и толкување…….100

8.ПРОВЕРКА НА ХИПОТЕТСКА РАМКА.....101

9.ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА И ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА РАМКА……...102

ЗАКЛУЧОК……..106

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА……...114

ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1: Број на случаи на брак со странски државајнин…….32
Слика 2: Држави од кои најчесто доаѓаат странските државјани што склучуваат брак во РСМ…….33
Слика бр.3:Документи кои странците најчесто не ги доставуваат или ги доставуваат нецелосно при склучување брак во РСМ…….34
Слика бр.4: Графикон за информираност на странците за постапката за брак во РСМ……..35
Слика 5: Учество на судии и адвокати во постапки за признавање на странски судски одлуки во врска со брак или развод…….....95

Слика 6:Перцепција на испитаниците за јасноста на регулираноста на постапката за признавање според Законот за меѓународно приватно право од 2020 година……96

Слика бр.7 : Времетраењето на постапката за признавање на странска судска одлука во Република Северна Македонија……97
Слика бр.8:Потреба од централен регистар на признаени странски одлуки…….98

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Табела на документи и чекори во постапката за скучување на брак со странец……..30
Табела 2: Компаративна анализа помеѓу меѓународни бракови во Република Северна Македонија и Република Србија…….51
Табела бр.3:Компаративна анализа помеѓу Република Северна Македонија и Бугарија во однос на меѓународните бракови……..55
Табела бр.4: Компаративен приказ на меѓународни бракови помеѓу Република Грција - Република Северна Македонија……58
Табела бр.5: Компаративен приказ на меѓународни бракови во Република Албанија и РСМ……...…60

ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Анкета на тема „Брак со странец во Република Северна Македонија“…..109
Прилог 2: Анкета за постапката за признавање на странски судски одлуки во семејноправната област наменета за судии и адвокати во Република Северна Македонија……....111

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

ЗС – Закон за семејството
ЗМПП – Закон за меѓународно приватно право
РСМ-Република Северна Македонија

ВОВЕД

Бракот, како една од најстарите и најзначајни социјални институции, претставува правно регулиран однос што поврзува две лица во заедница призната и заштитена од државата. Тој не само што има емотивна и културна димензија, туку претставува и правна категорија со далекусежни последици во доменот на личното, имотното и семејното право. Во ерата на глобализација, слобода на движење, миграција и растечка меѓународна мобилност, сè почесто се склучуваат бракови помеѓу лица со различно државјанство, национална припадност или место на живеење. Овие таканаречени „меѓународни бракови“ носат со себе специфични правни и административни предизвици кои бараат внимателен и координиран пристап од страна на правниот систем.

Изразот „меѓународен брак“ нема универзално прифатена дефиниција во меѓународното право, но генерално се смета дека станува збор за брак во кој постои елемент на странство – како што е различно државјанство на брачните другари, нивен престој во различни држави, или склучување/раскинување на бракот во држава различна од онаа на државјанството на странките. Токму ваквите ситуации создаваат потреба од примена на нормите на меѓународното приватно право, кои играат клучна улога во одредувањето на применливото право, надлежноста на судовите, како и признавањето и извршувањето на странски судски одлуки.

Во правниот систем на Република Северна Македонија, прашањата поврзани со склучувањето и раскинувањето на бракот се регулирани со националното семејно право. Сепак, кога бракот содржи странски елемент, автоматски се активираат и правилата на меѓународното приватно право, особено оние што се однесуваат на личниот статус, формалните услови за склучување на брак, правното дејствување на странски одлуки за развод и прашања поврзани со правната способност. Во праксата склучувањето на брак со странец, како и разводот на таков брак, често вклучуваат дополнителни административни и судски постапки, признавање на странски документи, потреба од заверени преводи, потврди за слободен брачен статус и други формалности кои ја усложнуваат постапката.

Дополнителен предизвик претставува постоењето на различни правни режими во различни држави, што води до судири на надлежности, одбивање на признавање на странски судски одлуки или правни празнини во заштитата на индивидуалните права.

Во тој контекст, Република Северна Македонија како држава-кандидат за членство во Европската Унија, се соочува со потребата од понатамошна хармонизација на своето законодавство со европските правни стандарди и јакнење на механизмите за меѓународна правна соработка во областа на семејното право.

Законот за меѓународно приватно право од 2020 година претставува темелна реформа на нашето национално меѓународно приватно право. Реформите настанаа како резултат на целосната хармонизација на македонското меѓународно приватно право со меѓународното приватно право на ЕУ при што решенијата во Регулативите на ЕУ поврзани со прекугранични семејни односи беа инкорпорирани во домашните правни правила. Овој закон е важен за усогласување на македонскиот правен систем со европските стандарди и за обезбедување правна сигурност во случаите со меѓународни елементи. Гледано низ судската практика по судовите во РСМ, семејните односи со странски елемент се најзастапени случаи во Република Северна Македонија во делот на меѓународното приватно право.

Истражувањето на оваа тема е од значење не само од академски, туку и од практичен аспект, бидејќи придонесува за зголемување на правната сигурност на странките во транснационални семејни односи и за унапредување на механизмите за заштита на човековите права. Основното проблемско прашање кое се поставува во рамки на овој труд е дали постојната правна рамка во Република Северна Македонија обезбедува доволна правна предвидливост и ефективност при регулирање на меѓународните бракови и нивно раскинување, во согласност со европските и меѓународните стандарди.

Целта на овој труд е да се анализира примената на домашното и меѓународното право при склучување и раскинување на меѓународни бракови, како и да се идентификуваат правните предизвици и потенцијалните слабости во постојната правна рамка. Посебен акцент се става на компаративна анализа со правните решенија на соседните држави – Србија, Бугарија, Грција и Албанија – кои припаѓаат на различни правни традиции и имаат различно ниво на хармонизација со правото на Европската Унија. Ваквиот пристап овозможува согледување на добри практики, но и на потенцијалните реформи кои би можеле да придонесат за унапредување на националното законодавство.

Во трудот се применува аналитичко-догматска и компаративна метода, со анализа на позитивното право, релевантни меѓународни извори (вклучувајќи ги Хашките конвенции и правото на ЕУ), како и судска практика од домашните и

странските судови. Трудот е структуриран во неколку поглавја: воведен дел, преглед на националното законодавство на Република Северна Македонија, компаративна анализа со соседните држави, анализа на применливите меѓународни инструменти, преглед на судската пракса, како и заклучоци и препораки за унапредување на постојната состојба.

1.ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

1.1. Формулација на проблемот, предмет и цел на истражувањето

1.1.1. Формулација на проблемот

Современите општества се карактеризираат со висока мобилност на населението, интензивирана миграција и зголемен број транснационални бракови помеѓу лица со различни државјанства или престојувалишта. Овие таканаречени „меѓународни бракови“ сè почесто стануваат предмет на судски и административни постапки кои бараат примена на правила од меѓународното приватно право, особено при признавање и извршување на странски судски одлуки за склучување и развод на брак.

Проблемот кој се анализира во рамки на овој труд произлегува од потребата за надминување на правната фрагментираност, неусогласеноста на националните законодавства, сложеноста на колизионите правила и ограничената правна предвидливост во случаи со странски елемент. Во Република Северна Македонија, ова се манифестира преку недоволно уредени постапки за признавање странски разводи, административни бариери, недоследности во примената на меѓународните договори и отсуство на хармонизација со европските стандарди.

Карактеристично за проблемот на истражување е постоењето на практични и правни пречки за признавање на странски судски одлуки, различни правни режими меѓу државите, како и ограничена предвидливост за граѓаните кои стапуваат или излегуваат од брак со странец. Ова води до потенцијални прекршувања на човековите права, нерамноправност или правна празнина во заштитата на личниот и семејниот статус на граѓаните.

1.1.2. Предмет на истражување

Предмет на ова истражување е правната рамка, постапките и судската практика во Република Северна Македонија што се однесуваат на меѓународни бракови, со акцент на признавањето и извршувањето на странски судски одлуки за склучување и развод е на брак. Се анализираат:

- Примената на колизионите правила и определувањето на надлежноста во случаи со странски елемент;

- Националните законски решенија за склучување на меѓународните бракови и признавање странски одлуки;
- Влијанието на меѓународните договори, како и билатералните и мултилатералните инструменти (на пр. Хашки конвенции);
- Компаративни аспекти – споредбено со правните системи на соседните држави: Србија, Бугарија, Грција и Албанија;
- Практични административни и правни проблеми поврзани со странска документација, преводи, заверки и правна важност.

1.1.3. Цел на истражувањето

Истражувањето има за цел да понуди систематизирана и компаративна правна анализа на меѓународните бракови – односно брачните заедници во кои барем едниот од брачните другари е странски државјанин – во контекст на правниот систем на Република Северна Македонија и правните системи на соседните држави: Србија, Бугарија, Грција и Албанија. Со оглед на зголемената меѓународна мобилност, миграциите и културната разновидност во регионот, ваквите бракови стануваат сè почеста правна појава која бара внимателна нормативна и практична обработка.

Примарна цел на истражувањето е да се испита постојната законска рамка што се однесува на склучувањето, признавањето и разводот на меѓународни бракови, како и да се утврди степенот на усогласеност со меѓународните документи и европските правни стандарди. Истовремено, истражувањето има за цел да ја открие практичната примена на овие норми од страна на судовите, нотарите и административните органи, при што се анализираат и реалните предизвици со кои се соочуваат граѓаните.

Поконкретно, истражувањето има за цел:

- Да се анализира домашната законска и подзаконска регулатива на Република Северна Македонија во областа на меѓународните бракови.
- Да се спроведе компаративна анализа со законодавствата на соседните држави, во насока на идентификување сличности, разлики и правни предизвици.
- Да се утврдат административните и судските практики во поглед на признавање на странски бракови и разводи.
- Да се истражи примената на релевантните меѓународни конвенции и билатерални договори.

- Да се понудат конкретни препораки за унапредување на законската рамка, административната практика и меѓудржавната соработка во оваа правна област.
- Поттикнување на академска и стручна дискусија за натамошна реформа на националното право во контекстот на меѓународните бракови.

1.1.4. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Истражувањето на правните аспекти на меѓународните бракови во Република Северна Македонија и соседните држави е од значајна научна и општествена вредност. Овие бракови носат со себе комплексни правни прашања, особено кога станува збор за нивното склучување, правна важност, признавање на странски одлуки и постапки за развод. Токму поради тоа, постои зголемена потреба за систематско и компаративно истражување на оваа проблематика.

Од научен аспект, ова истражување придонесува кон продлабочување на знаењата во областа на семејното право, меѓународното приватно право и правната компарација. Анализата на нормативната рамка, примената на релевантните меѓународни договори, како и споредбата со правните системи на соседните земји, создава основа за идентификување на системски слабости, но и за предлагање на правни решенија во насока на хармонизација со европските и меѓународните стандарди.

Од општествен аспект, истражувањето е оправдано поради зголемениот број на бракови со странски државјани, што во пракса често резултира со административни и судски компликации, особено во случаи на развод, старателство над деца, признавање на странски одлуки и двојна или конфликтна надлежност на судовите. Граѓаните, институциите, адвокатите и судиите често се соочуваат со недоволна правна јасност, што може да води кон правна несигурност, повреда на човековите права и нарушување на принципот на еднаквост пред законот. Оттаму, ова истражување има за цел не само академски придонес, туку и практична примена – преку понуда на конкретни препораки за подобрување на законската рамка, административната пракса и меѓународната соработка. Истовремено, се придонесува кон зајакнување на правната заштита на граѓаните и олеснување на остварувањето на нивните права во прекугранични брачни односи.

1.1.5. Хипотетска рамка

Во насока на исполнување на поставените цели, истражувањето тргнува од неколку основни работни хипотези кои ќе бидат подложени на теоретска и емпириска анализа. Поставените хипотези се следниве:

- Во Република Северна Македонија постојат значителни правни и административни пречки кои го отежнуваат склучувањето и раскинувањето на меѓународни бракови, особено кога станува збор за признавање на странски судски одлуки.
- Правната регулатива на соседните држави покажува разновидност и нецелосна усогласеност со меѓународните и европските стандарди, што создава правна несигурност за брачните другари.
- Праксата на институциите (судови, нотари, управни органи) во третирањето на меѓународните бракови не е секогаш доследна, што доведува до нееднаква правна заштита на странските државјани.
- Постои недоволна координација и правна соработка помеѓу Република Северна Македонија и соседните држави во поглед на меѓусебното признавање на бракови и разводи.
- Хармонизацијата на националната регулатива со правото на Европската унија и меѓународните инструменти би довела до поефикасно, појасно и правично регулирање на меѓународните бракови.

1.1.6. Методолошки постапки

Во текот на изработката на овој магистерски труд ќе се користат неколку научни методолошки постапки, со цел сеопфатна, систематизирана и аргументирана обработка на темата што се однесува на меѓународните бракови и признавањето на странски судски одлуки за брак и развод.

Првенствено, ќе се користи аналитичко-догматската метода, преку која ќе се анализираат позитивните правни норми од домашното законодавство на Република Северна Македонија, Законот за меѓународно приватно право, Законот за семејство, како и релевантните меѓународни договори и унификациски инструменти (Хашки конвенции, Регулативи на ЕУ и билатерални договори). Со оваа метода ќе се овозможи длабинско разбирање на важечките правни решенија, нивниот обем, содржина и влијание.

Понатаму, ќе се применува компаративната метода, преку која ќе се споредат правните решенија и праксата на Република Северна Македонија со оние на нејзините соседни држави (Србија, Бугарија, Грција и Албанија). Овој метод овозможува идентификување на сличности и разлики, но и потенцијални добри практики и модел-решенија кои би можеле да се адаптираат во националниот систем.

Дополнително, ќе се користи и казуистичката метода (анализа на случаи), преку која ќе се обработат конкретни примери од судска пракса со цел да се прикаже на кој начин овие институции постапуваат при признавање на странски судски одлуки и како се применуваат релевантните правни норми во пракса.

Покрај горенаведените, ќе се користи и дедуктивна и индуктивна метода:

- Со дедуктивниот пристап, ќе се тргне од општите правни норми и теории за да се оценат конкретните правни решенија и ситуации во националната пракса;
- Со индуктивниот пристап, ќе се изведуваат генерални заклучоци врз основа на анализа на поединечни случаи, примери и законски одредби.

Конечно, ќе се користи и нормативната метода, преку која ќе се процени квалитетот, стабилноста и хармонизираноста на правните норми, особено од аспект на нивната усогласеност со меѓународните стандарди и заштитата на човековите права во транснационални семејноправни односи.

Комбинирањето на овие методи ќе овозможи трудот да биде изграден на научно заснована и практично ориентирана основа, со цел да се предложат релевантни и применливи решенија за унапредување на постојната правна рамка.

2. ПРАВНА РАМКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ БРАКОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2.1. Поим и дефиниција на бракот

Поимот и дефиницијата на бракот се разгледуваат од различни аспекти – правни, социолошки, антрополошки – и зависат од нормативните акти кои ја уредуваат оваа материја, како и од правната теорија што се занимава со институцијата на бракот и со правните односи што произлегуваат од него. Во литературата постојат бројни, понекогаш суштински различни дефиниции, што укажува на тоа дека не постои универзална, општоприфатена дефиниција на бракот. Може да се констатира дека бројот на дефиниции приближно одговара на бројот на автори кои ја анализирале оваа тема – било да се работи за правници, социолози, етнолози или други научници – и дека нивните пристапи се условени од историскиот контекст, општествените вредности, културните традиции на конкретната земја, па дури и од индивидуалниот став на авторот.

Во националните законодавства често може да се забележи тенденција преку дефиницијата на бракот да се истакнат одредени вредности, како што се неговата општествена и правна функција, значењето на бракот за заедницата, или пак специфични обележја на брачниот однос, како што се меѓусебната верност, доверба, почитување, добрина, па дури и целта за создавање потомство.

Разноликоста и променливоста на дефинициите укажува на тоа дека дефинирањето на бракот е динамичен процес, подложен на постојани трансформации кои произлегуваат од општествените промени, развојот на семејното право и менувањето на општествените вредности. Оттука, тешко е да се воспостави единствена и трајна дефиниција на бракот која би била применлива во сите времиња и општествени контексти.

Правната дефиниција на бракот, покрај тоа што има долга историја, е и доста разновидна. Како најстара се наведува дефиницијата на бракот дадена од римскиот правник Модестин (живеел во IV век на нашата ера), според која: „Бракот е врска меѓу маж и жена, соединети со севкупност од животот, во која тие делат сè што е предвидено од боженствениот и човечкиот вечен правен поредок“. Во Јустинијановите Институции бракот се дефинира како „врска меѓу маж и жена, која содржи нераздвојна

животна заедница“. Во австрискиот Општ граѓански законик од 1811 година, бракот бил дефиниран како договор во кој „две лица од различен пол изјавуваат, согласно со законот, својата волја дека ќе живеат во нераскинлива заедница, дека ќе раѓаат деца, дека ќе ги воспитуваат и дека заедно ќе се помагаат“. Српскиот Граѓански законик од 1844 година, пак, бракот го дефинира како „заедница меѓу две лица од различен пол кои изјавуваат дека неразделно ќе живеат, заветувајќи се на вечна љубов и на неразуршлива верност.[1]

Денес во скори сите законски решенија дадени се речиси исти формулации за тоа што претставува брак, поточно сите во себе содржат дел кој упатува на тоа дека со бракот се уредува заедница на живот на маж и жена“.

И покрај формулациските разлики, во законските дефиниции на бракот може да се идентификуваат три основни и суштински обележја: бракот се определува како заедница помеѓу еден маж и една жена, тој претставува трајна животна заедница и е правно уредена односно формализирана заедница.

Првото обележје – дека бракот е заедница меѓу лица од различен пол – укажува на традиционалното разбирање на бракот како институција заснована врз биолошката комплементарност на половите, што, меѓу другото, има и за цел репродукција и продолжување на човечкиот род. Од ова гледиште, бракот се сфаќа не само како правен туку и како природен (биолошки и општествен) феномен кој историски се развивал како заедница на маж и жена.Врз основа на ваквото разбирање, определбата за брак помеѓу лица од ист пол традиционално се сметала за непоимлива во рамките на класичниот концепт на семејното право. Сепак, современите правни системи и општества сè почесто се движат кон прифаќање на поинклузивни дефиниции на бракот, со оглед на еволуцијата на човековите права, еднаквоста и недискриминацијата.

Имено, иако традиционалната правна дефиниција на бракот се засновала на заедницата помеѓу еден маж и една жена, современите општествени и правни тековидоведоа до преиспитување на ова разбирање. Во последниве децении, сè поголем број држави воведуваат нормативни решенија со кои се признава можноста за склучување брак и помеѓу лица од ист пол. Ова претставува чекор напред во насока на унапредување на човековите права, еднаквоста и недискриминацијата врз основа на сексуална ориентација.

[1] Проф.д-р. Миле Хаџивасилев, Семејно право, Скопје, 1987 година, стр. 64

Во таа смисла, дел од современите законодавства, особено во Европа, Северна и Јужна Америка и делови од Океанија, во своите семејноправни норми го проширија поимот на бракот, прифаќајќи го како законски уредена заедница на живот и помеѓу две полнолетни лица, независно од нивниот пол. Овие промени се резултат и на развојот на судската практика на меѓународни и наднационални судови, како што е Европскиот суд за човекови права, кој во своите одлуки сè почесто ја нагласува важноста на еднаквиот пристап до правните институции, вклучително и бракот.

Друго основно обележје на бракот е неговата карактеризација како трајна и целосна животна заедница, што укажува на неговата емотивна, психолошка и економска димензија. Бракот не се темели исклучиво на сексуалната компонента, туку се заснова и на заемна љубов, почит, доверба и континуирана поддршка помеѓу брачните другари. Неговата суштина се огледува во заедничкото учество на двајцата брачни партнери во секојдневниот живот, со еднакво споделување на радостите, одговорностите и тешкотиите што произлегуваат од заедничкото живеење. На тој начин, бракот претставува комплексна социјална врска што се реализира преку меѓусебна емоционална поврзаност и практична соработка.

Нормативното обележје на бракот е неговата формалност – односно фактот дека бракот може да настане и да се смета за правно релевантен однос само ако е склучен под условите и на начин пропишан со закон. Според позитивното право, само брак кој е регистриран согласно законската процедура ужива статус на институционализирана правна заедница. Секоја друга форма на заеднички живот, дури и ако е стабилна и опстојува врз основа на љубов и заемна поддршка, не се признава како брак, туку се третира како вонбрачна заедница (или фактички брак), која има различен правен третман и ограничена правна заштита.

Врз основа на овие елементи, во правната теорија и практика, бракот може да се дефинира како: со слободна волја на граѓаните создадена заедница на живот меѓу маж и жена, која е уредена со закон и ужива правна заштита од страна на државата. Оваа дефиниција ја опфаќа целината на елементите што го сочинуваат бракот како институција: емоционални (љубов и приврзаност), психолошки (меѓусебна поддршка), економски (заедничко стопанисување и помагање), правни (склучување според закон) и, во традиционалната смисла, и биолошки (можност за создавање потомство).

Оттаму, бракот се третира како посебна правна институција која, покрај личната волја на странките, мора да биде во согласност со нормативниот систем. Уставот и законите на Република Северна Македонија го гарантираат бракот како заедница која е

правно уредена и институционално заштитена, со што се потврдува неговото значење и стабилност во правниот поредок.

2.2. Домашно законодавство

2.2.1. Услови за склучување на брак согласно ЗС

Во Република Северна Македонија, склучувањето и регулирањето на бракот е уредено со Законот за семејството, кој ги пропишува условите, формата и правните последици од брачниот однос. Во чл.6 од овој закон е регулирано дека:„ Бракот е со закон уредена заедница на живот на маж и жена во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството.Односите меѓу брачните другари се засноваат врз слободна одлука на мажот и жената да склучат брак, врз нивната рамноправност, меѓусебно почитување и заемно помагање“.[2]

Од изложеното произлегува дека бракот претставува значајна општествена и правна институција, чијашто природа е од посебен интерес за државата и општеството во целина. Со оглед на таа важност, неговото склучување е предмет на строго уредени законски услови и процедури, со цел да се обезбеди правна сигурност и заштита на правата и обврските на брачните другари.

Бракот, според неговата правна природа, може да се квалификува како договор од посебен вид (sui generis), односно како специфичен семејноправен договор што се разликува од класичните облигациони договори по својата содржина, последици и општествена функција. Една од неговите основни карактеристики е свеченоста и формалноста, кои се услов за неговата правна валидност – склучувањето мора да биде спроведено пред надлежен орган и во форма пропишана со закон.

Во член 6 од Законот за семејството, во вториот став, е содржана суштинската основа на правниот режим на брачната заедница. Во него се нагласува дека односите меѓу брачните другари се засноваат врз нивната слободна волја да влезат во брак, на нивната рамноправност, заемно почитување и меѓусебна поддршка. Со ова се потенцираат личните и моралните елементи на брачниот однос, кои, заедно со правната форма, ја сочинуваат целината на институцијата на бракот како трајна и заштитена заедница.

[2] Закон за семејството („Службен весник на РМ“ бр. 80/92, 9/96, 38/04 и др.), чл. 6

Според чл.15 од овој закон, брак можат да склучат две лица од различен пол со слободно изјавена волја пред надлежен орган, на начин определен со закон.[3]

Во рамките на семејното право, постои јасна поделба меѓу условите за склучување на бракот и условите за неговата полноважност. Оваа дистинкција е суштинска за разбирање на правната природа на бракот како институција која истовремено претставува израз на лична волја и предмет на јавен интерес.

Условите за склучување на брак се оние предуслови без чије исполнување не може воопшто да се пристапи кон склучување брак. Согласно ЗС на Република Северна Македонија, тоа се:

- слободна и взаемна согласност на идните брачни другари[4]
- исполнета минимална возраст од 18 години (освен во исклучителни случаи со судско одобрение)[5],
- отсуство на законски забрани, како што се: постоење на друг брак, блиско крвно сродство, посвојување меѓу странките, или психичка неспособност[6].

Од друга страна, условите за полноважност се поврзани со формата и начинот на склучување брак, како:

- изразување на согласност пред надлежен орган – матичар – и во присуство на двајца полнолетни сведоци[7],
- отсуство на принуда, измама или тешка заблуда[8].

Непочитувањето на овие правила резултира со ништовност или оспорливост на бракот, зависно од карактерот на повредата. На пример, брак меѓу блиски сродници е апсолутно ништовен, додека брак склучен со измама може да биде поништен со тужба во определен рок.

Оттука, произлегува дека бракот, како правна институција, бара исполнување на строги материјални и формални предуслови, со што правниот поредок настојува да обезбеди стабилност, правна сигурност и заштита на странките, како и на поширокиите општествени интереси.

[3] Закон за семејството („Службен весник на РМ“ бр. 80/92, 9/96, 38/04 и др.), чл. 15
[4] Закон за семејството, Сл. весник на РМ бр. 80/92, чл. 15.
[5] Исто, чл. 16.
[6] Исто, чл. 17–18, чл.20.
[7] Исто, чл. 27.
[8] Исто, чл.19

2.2.2. Граѓанско-правен странски елемент според ЗМПП

Постојаното меѓународно поврзување на субјектите и правните односи во глобализираното општество доведува до се почеста појава на т.н. странски елемент во граѓанскоправните односи. Токму тој странски елемент претставува основната карактеристика која е од суштинско значење за појавата и примена на меѓународното приватно право како посебна правна дисциплина.

Странци се сите физички и правни лица кои немаат државјанство или припадност на Република Северна Македонија. Странците можат да се јават како субјекти во приватноправните односи кои настануваат на територијата на РСМ, при што таквите односи стекнуваат меѓународен елемент во субјектот. Државата има суверено право правно да ја регулира можноста за појава на вакви односи.

Во правната доктрина, странскиот елемент се дефинира како фактичка или правна околност која на одреден приватноправен однос му дава прекугранично, односно меѓународен карактер, што пак условува примена на колизионите и процесните норми на меѓународното приватно право.

Странскиот елемент може да се манифестира во повеќе облици. Кај физичките лица странскиот елемент може да се сретне кога лицето има странско државјанство, живее или редовно престојува во странство. Не секој странски елемент автоматски значи дека ќе се применат нормите на МПП. Потребно е да постои реална и правно релевантна врска на односот со странскиот правен систем, која законодавецот ја препознава како основа за примена на колизионите или процесните правила.

Во практиката, судот секогаш треба да го констатира присуството на странскиот елемент, по што следува анализа за тоа дали тој е релевантен за: утврдување на меѓународната судска надлежност, определување на меродавното право, или одредување на правната положба на странските лица во постапката.

Современата теорија на меѓународното приватно право прави разлика меѓу три нивоа на правно релевантност на странскиот елемент:

- Неважни околности кои се правно ирелевантни и по правило се игнорираат;
- Потенцијално важни околности кои бараат претходна правна анализа и локализација на односот и
- Пресудни околности кои го дефинираат односот како меѓународен и водат до примена на меѓународно приватно право.

Само околностите кои припаѓаат на третото ниво се сметаат за релевантен странски елемент кој доведува до конечна локализација на односот во систем на странско право. Врз основа на нив, законодавецот утврдува критериуми за примена на меѓународноправните норми и надлежност на судот.

Регулирањето на граѓанскоправните односи со странски елемент претставува основна функција на меѓународното приватно право. Во таа насока, во правната теорија се развиле два основни методи на уредување на ваквите односи: непосреден (директен) и посреден (колизионен) метод[9].

Непосредниот метод се состои во директна примена на материјални и процесни норми од правниот поредок на домашната држава врз односи со странски елемент. Тој метод е најизразен во регулирањето на правната положба на странците и судирот на јурисдикции, односно прашањата на меѓународната судска надлежност и признавањето и извршувањето на странски судски и арбитражни одлуки. Во областа на меѓународната судска надлежност, директниот метод се користи за да се одговори на прашањето дали домашниот суд е надлежен да одлучува за однос со странски елемент. Тоа се прави преку процесни правила, кои се составен дел на националното процесно право. Исто така, преку непосредниот метод се решава и можноста за признавање и извршување на странски судски или арбитражни одлуки, односно дали тие можат да произведат правно дејство во домашниот правен поредок.

За разлика од директниот метод, колизионите норми се карактеризираат со посреден пристап. Овие норми не го решаваат правното прашање по суштина, туку упатуваат на националниот правен поредок кој е меродавен за регулирање на односот. Колизионите правила ја имаат улогата да го идентификуваат "најсоодветниот" правен систем кој има најтесна врска со односот. Колизионите норми овозможуваат флексибилност и поголема правна сигурност, бидејќи овозможуваат примената на странско право кога тоа е соодветно, но и истовремено зачувуваат институционален неутралитет.

Бракот, како личен и семеен правен однос, не е имун на влијанието на странскиот елемент. Правото на брак се третира како општо право, т.е. како право кое е подеднакво домашно за домашните државјани и за странците. Единствената разлика која може да постои меѓу домашните и странските физички лица во поглед на

[9] Тони Дескоски, Вангел Доковски, Меѓународно приватно право, Скопје 2021 година, стр.43-50

склучувањето на брак може да биде во условите за склучување на брак, за кои меродавното право се определува со помош на колизионите норми на МПП.

Тоа значи дека централното прашање на меѓународното приватно право претставува уредувањето на судирот на закони, кој се јавува при регулирање на граѓанскоправни односи со странски елемент. Во таквите ситуации често се појавува активна конкуренција, односно колизија меѓу правните системи на различни држави, што го отвора прашањето – кој правен поредок ќе биде применлив за конкретниот однос. Во оваа смисла, меродавното право се определува преку т.н. колизионни норми, кои имаат функција да го упатат надлежниот орган – најчесто судот – кон правниот систем на онаа држава со која правниот однос е најтесно поврзан. Колизионите норми не го решаваат суштинскиот спор, туку обезбедуваат инструмент за локализација на односот, односно утврдување на *lex causae* – правото што треба материјално да се примени врз односот во прашање.

Со ваквиот пристап се овозможува правна сигурност и предвидливост, како и почитување на принципот на најтесна поврзаност, кој е водечки критериум во современото меѓународно приватно право.[10]

Колизионите норми претставуваат суштински елемент на колизионата метода во меѓународното приватно право, преку која се врши утврдување на меродавното право за конкретен граѓанскоправен однос со странски елемент. Тие се правила кои не го уредуваат односот по суштина, туку ја одредуваат правната надлежност на конкретен правен поредок чии материјални норми ќе се применат за регулирање на односот до крајот. Колизионите норми му помагаат на надлежниот орган (суд или друг надлежен орган во државата) да идентификува со кој правен систем конкретниот приватноправен однос е најтесно поврзан, што е основен критериум во модерната колизиона теорија. На тој начин се овозможува примена на материјално право што е соодветно локализирано според реалните поврзаности на странките, местото на дејствието или објектот на односот.

Колизионите норми се состојат од два клучни елементи:правна категорија (lex causae) која се однесува на видот на односот или правното прашање кое се регулира(пр.семејни односи) и точка на врзување (point of attachment) која претставува конкретниот критериум според кој се утврдува кој правен систем ќе биде применлив (на пример, државјанство, престојувалиште).

[10] Тони Дескоски, Вангел Доковски, Меѓународно приватно право, Скопје 2021 година, стр.248

Правната категорија може да биде: онкретен правен институт, вид на однос и одделни правни прашања. Со оваа структура, колизионата норма обезбедува јасно разграничување на сферата на примена и ја насочува постапката кон соодветен правен поредок кој по својата природа и поврзаност е најрелевантен за односот што се разгледува[11].

Во структурата на колизионата норма, клучна улога игра таканаречената точка на врзување (лат. *point of attachment*), односно оној елемент кој законодавецот го препознава како најрелевантна и пресудна врска помеѓу одреден приватноправен однос и одреден правен систем. Токму преку оваа точка се изведува заклучокот за тоа кое право ќе биде меродавно за регулирање на спорниот однос.

Точката на врзување варира во зависност од правната природа на односот. Кај статусни и семејни односи, најчести точки на врзување се државјанството или домицилот на странките.

Во правната теорија, точките на врзување се класифицираат според различни критериуми:

- Непосредно обврзувачки точки на врзување – се оние кај кои законодавецот јасно се определил за една конкретна врска како релевантна (на пр. државјанството за личниот статус), со што оставил минимален простор за дискреција при примена.
- Рамковни точки на врзување – обезбедуваат овластување на судот или друг надлежен орган да изврши самостојна проценка за тоа кое право да се примени во конкретниот случај, врз основа на околностите на конкретниот однос.
- Прости точки на врзување – укажуваат на една можност за примена на право, но не секогаш водат до исто меродавно право (на пример: lex loci actus).
- Комплексни точки на врзување – се состојат од повеќе елементи во рамките на една колизиона норма, при што може да водат до повеќе можни меродавни права, а нивната примена зависи од дополнителни услови или хиерархија на критериуми.
- Постојани точки на врзување – се фиксирани во одреден момент и простор, како на пример моментот на склучување на договорот.

[11] Тони Дескоски, Вангел Доковски, Меѓународно приватно право, Скопје 2021 година, стр.251-254

- Променливи точки на врзување – овие не се фиксирани еднаш засекогаш, туку може да се менуваат во текот на правниот однос (на пример: вообичаено престојувалиште, кое може да се промени)[12].

Колизионите норми се делат и според насоката на нивното упатување. Според тоа истите можат да бидат:

- Едностранi колизионни норми кои секогаш упатуваат на примената на домашното право, без оглед на природата на странскиот елемент.
- Двострани колизионни норми кои претставуваат типични правила во современото меѓународно приватно право, кои дозволуваат примена и на домашно и на странско право, во зависност од точката на врзување и фактичката ситуација. Овие норми ја изразуваат отвореноста на правниот систем и почитувањето на начелото на најтесна поврзаност.

2.2.3. Семејно-правните односи според ЗМПП

Семејно-правните односи со странски елемент претставуваат едно од најчестите и најчувствителни подрачја на примена на меѓународното приватно право. Со порастот на меѓународните бракови, миграцијата и мобилноста на населението, сè почесто се јавуваат ситуации во кои се поставува прашањето кое право е применливо на брак, развод, старателство, посвојување или друг семејно-правен однос кога странките имаат различни државјанства или живеат во различни држави.

Законот за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија од 2020 година ги уредува овие прашања во посебен дел, посветувајќи посебно внимание на тоа да се воспостави баланс помеѓу правната сигурност, автономијата на волјата на странките и потребата од заштита на послабите страни, особено децата. Основната цел на законодавецот е да се обезбеди предвидливост и правична правна рамка за решавање на вакви ситуации, во согласност со современите европски и меѓународни текови.

Во тој контекст, ЗМПП од 2020 година содржи норми со кои се уредува кое право се применува на различни видови семејно-правни односи: склучување и развод на брак, лични и имотни односи меѓу брачни другари, потекло на дете, посвојување, старателство и одговорност на родителите. Притоа, вообичаено се применуваат критериуми како државјанство, вообичаено живеалиште, или пак правото на државата

[12] Тони Дескоски, Вангел Доковски, Меѓународно приватно право, Скопје 2021 година, стр.257-261

со која странките имаат најтесна поврзаност. Во одредени случаи, законодавецот предвидува и можност странките однапред да се договорат за применливото право, со што се зајакнува правната сигурност и индивидуалната автономија.

Значајно е што македонскиот ЗМПП не се задржува само на класичниот пристап, туку настојува да ги усогласи домашните правила со современите меѓународни инструменти, како што се Хашките конвенции и актите на Европската унија во оваа сфера. Овој пристап придонесува кон хармонизација со правните системи на другите држави и полесно меѓународно признавање и извршување на правните ефекти на семејно-правните односи, особено во поглед на браковите и разводите склучени во странство.

ЗМПП од 2020 година претставува значаен чекор напред во уредувањето на семејно-правните односи со странски елемент. Со неговото донесување, се поставуваат темелите за еден модерен, транспарентен и функционален систем на меѓународно приватно право, кој ја препознава комплексноста на семејниот живот во глобализиран свет и се стреми кон правна заштита која ќе биде и правично и ефикасно применлива во пракса. Овој закон предвидува дека за семејно-правните спорови со меѓународен елемент првенствено се применуваат одредбите од меѓународните договори што Северна Македонија ги ратификувала, а доколку не постои таков договор, се применуваат одредбите од националниот Закон за меѓународно приватно право.Основен принцип е примена на најблиската врска помеѓу спорот и правниот поредок, како и почитување на странските одлуки, под услов тие да не го нарушуваат јавниот поредок. Законот тежнее да промовира правна сигурност и заштита на правата на сите засегнати страни, вклучително и најдобриот интерес на децата.

2.2.3.1.Услови и форма за скучување на брак

Условите за склучување на брак во случаи со странски елемент се уредени со член 24 од Законот за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија (Сл. весник на РСМ“ бр. 32/20), кој претставува колизиска норма за определување на применливото право во однос на личните услови потребни за валидно склучување на брак. Согласно оваа одредба, условите за склучување на брак се оценуваат според националното право на секое од лицата кои имаат намера да стапат во брак.[13]

[13] Закон за меѓународно приватно право на РСМ (Сл. весник на РСМ“ бр. 32/20), чл. 24

Оваа одредба претставува двострана колизиона норма која упатува на различно меродавно право за секој од брачните другари, според нивното државјанство.Овде правната категорија се условите за склучување на брак(на пр. возраст, здравствена состојба, дозволена степен на сродство, слободен статус и сл.), додека точката на врзување е државјанството на лицето во моментот на склучувањето на бракот.

На пример, доколку едното лице е државјанин на Република Северна Македонија, а другото лице е државјанин на Република Турција, тогаш условите за склучување на брак за македонскиот државјанин ќе се оценуваат согласно македонското семејно право, а за турскиот државјанин – според турското национално право.Доколку и двете лица ги исполнуваат условите според сопствените национални законодавства, тогаш може да склучат брак во РСМ.

Овие услови опфаќаат прашања од материјално правен карактер, како што се: минималната дозволена возраст за склучување брак, брачна способност, слободна волја за стапување во брак, забрана за постоење на претходен важечки брак, забрани поради блиско сродство (крвно или сватовско), ментална способност за давање на согласност, како и евентуални други ограничувања кои произлегуваат од националниот правен поредок (на пр., религиозни или културни бариери во одредени држави).

Согласно претходно наведното ако македонски државјанин (кој, според домашното право, мора да има навршени 18 години за да склучи брак) сака да стапи во брак со лице од држава каде што е дозволено склучување брак со 16 години (на пример, со претходна судска одлука или родителска согласност), тогаш тоа лице ќе мора да ги исполни условите за склучување брак кои се утврдени во правниот поредок на неговата држава. Во пракса, ова значи дека и двајцата идни брачни другари мора да ги исполнат одделните предуслови кои ги поставуваат нивните сопствени национални закони.

Оваа правна рамка, иако обезбедува транспарентност и правна сигурност, во исто време може да создаде колизии помеѓу различните правни системи. На пример, ако едно лице, според правото на својата држава, е правно способно за склучување брак, но според правото на другата држава со кое е поврзан другиот брачен другар тоа не е дозволено (поради возраст, сродство, или претходен брак), може да дојде до правна невозможност за склучување брак, или до ситуација каде бракот ќе биде признаен во една држава, но не и во другата.Таквите ситуации се особено чувствителни и бараат дополнителна правна интервенција, било преку билатерални меѓудржавни договори, било преку примена на меѓународни конвенции, како што е Конвенцијата за признавање на браковите (Convention on Celebration and Recognition of the Validity of

Marriages, 1978 – Хаг)[14], доколку е ратификувана од страна на засегнатите држави. Во спротивно, спорот се решава преку примена на националното колизисно прав**о**, во согласност со одредбите од Законот за меѓународно приватно право.

Исто така, член 24 отвора простор за примена на корективен механизам преку институтот на јавниот поредок (ordre public), каде судот во Република Северна Македонија може да одбие примена на странско право, доколку тоа би довело до последици кои се спротивни на основните начела на домашниот правен поредок – на пример, ако странското право дозволува брак со лице под 16 години.

Во рамките на меѓународните брачни односи, прашањето на формата на склучување на бракот претставува суштински аспект, особено во ситуации кога брачните другари потекнуваат од различни држави со различни правни системи. Формата на бракот, за разлика од условите за склучување на брак, се однесува на надворешните постапки и формалности што мора да се исполнат за бракот да биде правно валиден – како што се: обредот на склучување, потпишување на брачната изјава, присуство на сведоци и слично.

Според член 25 од Законот за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија, формата на склучување на бракот се уредува според правото на државата во која бракот фактички се склучува, независно од државјанството на брачните другари[15]. Оваа одредба е едноставна, едностранa колизиона норма која за формата на бракот секогаш го применува правото на местото на склучување на бракот т.н. lex loci celebrationis. Тоа значи дека како точка на врзување е местото на склучување на бракот.

Таквото уредување има за цел да обезбеди едноставност, правна сигурност и формална валидност на бракот, особено кога се работи за т.н. меѓународни бракови, односно бракови со странски елемент.

Примената на правото на местото на склучување значи дека, без оглед на тоа од која држава доаѓаат брачните партнери, тие мора да ја следат националната процедура на државата во која го склучуваат бракот. На пример, доколку македонски и германски државјанин решат да склучат брак во Република Северна Македонија, за формата на бракот ќе се применува македонското право, што подразбира обврска за почитување на

[14] Hague Convention on Celebration and Recognition of the Validity of Marriages, concluded at The Hague on 14 March 1978. Достапна на: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=80 (посетено на 14.07.2025година)

[15] Закон за меѓународно приватно право на РСМ (Сл. весник на РСМ“ бр. 87/20), чл. 25

сите формални услови предвидени во Законот за семејството на РСМ – вклучително и присуство пред матичар, сведоци и потпишување на изјавата.

Со ваквото уредување се избегнуваат правни несигурности и колизии, кои би можеле да настанат доколку страните се обидат да ја применат формата на нивното национално право, кое може да предвидува поинакви или несовпадливи формалности.

Важно е да се направи разлика помеѓу формата на бракот, која се уредува според lex loci celebrationis, и условите за склучување брак (како што се возраст, согласност, степен на сродство и сл.), кои се регулираат според личниот статут на секој од брачните другари, односно според правото на државата чиј државјанин е секое лице согласно член 24 од ЗМПП.

2.2.3.2.Меродавно право при развод на брак

Одредбите за меродавното право при развод на брак со странски елемент предвидени во член 27 од ЗМПП се засноваат на структуриран и хиерархиски систем на колизионите правила, кој овозможува примена на најсоодветниот правен поредок со кој односот има најтесна врска. Примената на овие критериуми – заедничко престојувалиште, последно престојувалиште, државјанство – ја обезбедуваат предвидливоста и правната сигурност, додека супсидијарната примена на правото на РСМ обезбедува функционалност и правна целисходност во отсуство на други правни врски. Ваквиот пристап е во согласност и со современите европски стандарди, како што се содржани и во Регулативата Рим III на ЕУ[16], која има слична логика на уредување.

Голема е и потребата за прецизно утврдување на меродавното право кое ќе се примени во постапката за развод на меѓународните бракови. Поставувањето на ова прашање е суштинско во рамките на меѓународното приватно право, бидејќи се работи за транснационален правен однос кој содржи странски елемент, како на пример: различно државјанство, различно место на живеење, или развод пред суд на држава различна од онаа каде бракот е склучен.

Законот за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија во член 27 ги утврдува колизионите правила за определување на меродавното право при

[16] Совет на Европската унија, Регулатива (ЕУ) бр. 1259/2010 од 20 декември 2010 година за спроведување на засилена соработка во областа на правото што се применува за развод и раздвојување, Службен весник на ЕУ, L 343/10, 29.12.2010.

развод на брак со странски елемент. Овие правила се уредени хиерархиски и се применуваат по редослед, зависно од околностите на конкретниот случај.

Како примарен критериум за определување на меродавното право е предвидено вообичаеното заедничко престојувалиште на брачните другари во моментот на поднесување на тужбата за развод. Доколку и двајцата сопружници живеат во иста држава во моментот кога се покренува постапката, ќе се применува правото на таа држава[17]. Ова правило ја истакнува реалната врска меѓу брачниот однос и правниот поредок на конкретна држава, што е во склад со принципите на локализација и блиска поврзаност.

Во случаи кога брачните другари немаат заедничко престојувалиште во моментот на покренување на постапката, како втор критериум се применува правото на државата на последното нивно заедничко престојувалиште, но под два кумулативни услови: откако престанало заедничкото престојувалиште, не поминала повеќе од една година и барем еден од брачните другари и понатаму има вообичаено престојувалиште во таа држава. Овој критериум ја задржува врската со правниот поредок кој бил фактички применуван во текот на заедничкиот живот и ја уважува реалната социјално-правна ситуација, под услов да не настанала значителна временска дистанца и да постои континуитет со таа држава.[18]

Ако не се исполнети горенаведените критериуми, следниот чекор е примена на правото на државата чиј државјани се двајцата брачни другари во моментот на поднесување на тужбата. Овој критериум има за цел да обезбеди национална правна поврзаност, особено во случаи кога животниот центар на странките е расцепкан или мобилен. Овде државјанството функционира како врска на правна лојалност меѓу странките и државата, што се зема како основа за применливо право.[19]

Доколку не постои заедничко вообичаено престојувалиште, нема последно заедничко престојувалиште или странките немаат исто државјанство, тогаш како последна алтернатива се применува правото на Република Северна Македонија – односно правото на форумот (lex fori), како супсидијарно решение.[20]Ова правило овозможува судовите на РСМ да постапуваат по сопственото право во случаи кога нема доволна правна поврзаност со друг систем, со што се избегнува правна празнина.

---

[17] Член 27 ст.1 од Законот за меѓународно приватно право („Службен весник на РСМ“ бр. 87/2020).

[18] Исто, член 27 став 2 ЗМПП

[19]Исто, член 27 став 3 ЗМПП

[20] Исто, член 27 став 4 ЗМПП

Современите меѓународни брачни односи, во кои сопружниците имаат различно државјанство или живеат во различни држави, создаваат потреба од флексибилен и предвидлив механизам за утврдување на применливото право при развод. Во таа насока, членот 28 од Законот за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија (2020) воведува можност брачните другари да изберат кое право ќе се применува при нивниот развод, пред или во текот на судската постапка.Оваа одредба претставува значаен напредок во однос на традиционалните пристапи, бидејќи им дозволува на странките автономно да изберат правен систем со кој имаат реална поврзаност, наместо автоматски да се применуваат законските колизионни правила. На тој начин се овозможува поголема правна сигурност, предвидливост и адаптибилност кон конкретните животни околности на странките.

Брачните другари може експлицитно и во писмена форма да го изберат правото на државата во која имаат заедничко вообичаено престојувалиште во моментот на изборот. Оваа опција е логична и правно стабилна, бидејќи претпоставува реална, тековна животна врска со таа држава. Изборот на правото на земјата во која двојката живее заеднички во моментот на изборот обезбедува блиска локализација и познавање на правниот систем од страна на странките.[21]

Брачните другари може да го изберат и правото на државата во која брачните другари имале последно заедничко вообичаено престојувалиште, под услов едниот од нив да продолжи да живее таму. Оваа можност е особено релевантна во случаи на географска раздвоеност, но при историска правна и социјална врска со дадената држава. Се овозможува примена на познат правен систем, сè додека еден од брачните другари има тековно престојувалиште во таа држава во моментот на изборот.[22]

Како меродавно право може да биде избрано и државата чиј државјанин е едниот од брачните другари во моментот на изборот. Изборот на националното право е чест избор во меѓународните случаи, бидејќи одразува културна, правна и јазична поврзаност со правниот систем на земјата на потекло. Дури и ако двојката не живее во таа држава, државјанството претставува доволен колизионен елемент за да се оправда примената на нејзиното право.[23]

Како четврта алтернатива, брачните другари можат да го изберат македонското право, без оглед на нивното државјанство или престој. Ова е особено значајно во

[21] Член 28 став 1 точка 1 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)
[22] Исто, чл. 28 ст.1 т.2 ЗМПП
[23] Исто, чл. 28 ст.1 т.3 ЗМПП

случаи кога постапката се води пред македонски суд, бидејќи примената на домашното право ја поедноставува процедурата и ја намалува потребата од експертиза за странско право.[24]

Можноста за автономен избор на меродавно право при развод ја рефлектира тенденцијата кон договорна автономија во меѓународното приватно право. Таа им овозможува на брачните другари поголема контрола врз правните последици од нивниот развод, додека правната сигурност и правичност се обезбедени преку јасните формални и содржински ограничувања. Ова решение е усогласено со Регулативата (ЕУ) бр. 1259/2010 (Рим III), која исто така дозволува избор на применливо право за развод, врз основа на престој, државјанство и национално право, под слични услови[25].

Договорот за избор на меродавно право може да се склучи или да се промени најдоцна до моментот на поднесување на тужбата за развод на брак. Тоа значи дека, иако брачните другари имаат можност да изберат меродавно право, тие мораат да го направат изборот пред започнувањето на судската постапка. Ова правило обезбедува јасност и сигурност, така што правниот систем што ќе се применува е веќе познат пред почетокот на постапката, што ја минимизира можноста за правни конфузии или повлекување на изборот во текот на процесот.

Брачните другари можат да направат избор за меродавно право и во текот на постапката за развод. Во овој случај, брачните другари треба да го направат изборот пред судот, кој го запишува на записник. Ова е флексибилен механизам кој им овозможува на брачните другари да променат своето почетно решение ако, на пример, во текот на постапката наидат на нови околности или ако согледаат дека друго правно решение ќе им одговара повеќе.

Доколку брачните другари не можат да се договорат за избор на правото на странска држава, тие секогаш имаат можност да изберат правото на Република Северна Македонија. Ова може да биде поволно ако двојката има некоја поврзаност со Македонија (на пример, ако еден од партнерите е државјанин на Македонија или ако имаат други правни врски со оваа држава). Овој избор обезбедува сигурност и едноставност, бидејќи правото на Македонија е познато и може да биде најлесно за примена во случај на правни проблеми.

Постојат јасни критериуми и услови за формалната полноважност на договорот

[24] Исто, чл. 28 ст.1 т.4 ЗМПП

[25] Регулатива (ЕУ) бр. 1259/2010 на Советот од 20 декември 2010 година за спроведување на засилена соработка во областа на правото што се применува за развод и раздвојување, *Службен весник на Европската унија*, L 343, 29.12.2010, стр. 10–16

за избор на меродавно право за развод на брак, односно за тоа како треба да се изготви и потпише договорот со цел истиот да биде валиден и ефективен во правната постапка за развод.

За договорот да биде правно полноважен, тој мора да биде во писмена форма која обезбедува сигурност во однос на содржината на договорот и неговата автентичност, да биде со датум, што е важно за утврдување на моментот на склучување на договорот бидејќи датумот е клучен за правна сигурност и да се утврди кога е донесен изборот на меродавното право, бидејќи тоа има значење за правата на брачните другари од тој момент и да биде потпишан од двајцата брачни другари. Потписот од двете страни е неопходен како доказ дека и двата брачни другари доброволно и свесно се согласуваат со условите на договорот. Ова обезбедува законска валидност и спречува можност за една страна да оспори договорот или да се повика на недостиг на согласност[26].

Освен договор во писмена форма предвидено е договорот за избор на меродавно право за развод на брак да биде склучен преку електронски средства. Ако договорот за избор на меродавно право за развод на брак се склучи преку средства за електронска комуникација кои овозможуваат траен запис, тој ќе се смета за валиден т.е. ќе се смета дека е склучен во писмена форма.Со оглед дека во денешно време е можно да се склучуваат правни договори преку електронски канали, кои се законски признати ова законско решение е важно. Со дозволата за користење на електронска комуникација, законот ја признава дигитализацијата на правото и го олеснува процесот за брачните другари, без да мораат физички да бидат присутни за да потпишат документ. Иако договорот не е во физичка форма, електронските средства кои овозможуваат траен запис ја обезбедуваат автентичноста и интегритетот на договорот.

За да договорот биде формално полноважен, мора да ги исполнува овие критериуми. Доколку било кој од овие услови не се исполни (на пример, договорот не е потпишан од двајцата брачни другари или не е во писмена форма), договорот за избор на меродавно право ќе биде неважечки и нема да може да се применува во правниот процес за развод.

Договорот за избор на меродавно право е важен механизам во меѓународните разводи, каде што може да има значителни различности помеѓу правните системи на различни држави. Овој член овозможува брачните другари да се договорат за тоа кој

[26] Член 29 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

правен систем ќе важи за нивниот развод, што може да биде корисно за избегнување правни конфликти или непредвидливи резултати од примена на правото на некоја странска држава. Доколку двајца брачни другари, кои живеат во различни држави, сакаат да изберат одредено право, тие можат да склучат договор во кој ќе го изберат тоа право. За тој договор да биде валиден, тој мора да биде во писмена форма, потпишан од двете страни и да има јасен датум. Ако тие го направат изборот преку електронски канали, како што е преку мејл со електронски потпис, договорот ќе има исто толку правна сила како да е потпишан на хартија.

Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП) на Република Северна Македонија, во неговата актуелна верзија од 2020 година, предвидува и дека во случај на развод на брак кога меродавното право не предвидува можност за развод или не обезбедува еднакви права за развод по основ на полот на брачните другари, меродавното право ќе биде правото на Република Северна Македонија.Ова дава гаранција дека Република Северна Македонија ќе се грижи за правото на развод, како и за правото на еднаквост помеѓу брачните другари, што ја потврдува правната стабилност и правата на поединците во контексти на меѓународните правни конфликти.

2.2.4. Меѓународна легислатива

Република Северна Македонија, во рамки на својата надворешноправна политика и со цел унапредување на меѓународната соработка во областа на граѓанското и семејното право, има склучено повеќе билатерални договори за правна помош со соседните држави, со кои се уредуваат прашањата на меѓусебно признавање и извршување на судски одлуки и јавни исправи. Овие договори имаат суштинско значење при обработката на случаи кои содржат меѓународен елемент, особено во доменот на склучување и раскинување на брак, признавање на странски изводи од матичните книги, како и извршување на родителски права или издржување.

Меѓу најзначајните договори од ваков вид се: Договорот за правна помош во граѓански и кривични работи меѓу Република Македонија и Република Србија (2005), Договорот со Република Албанија за заемна правна помош (2001), Договорот со Република Бугарија за правна помош во граѓански и кривични предмети (2001) и Договорот за заемна правна помош во граѓански и кривични предмети со Република Грција, склучен во рамки на поранешните уредби со СФРЈ, кој и натаму се применува

врз основа на принципот на наследство на меѓународни договори.[27]

Овие билатерални договори обезбедуваат ослободеност од легализација или поедноставена процедура за признавање на јавни исправи, како што се изводи од матичната книга на венчаните, родени или умрените, како и судски одлуки за развод на брак, старателство или издржување.

Во таа насока, посебно значајно е тоа што Република Северна Македонија е потписничка на Конвенцијата на Хаг од 5 октомври 1961 година за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи (*Abolishing the Requirement of Legalisation for Foreign Public Documents*), позната како Хашка апостил-конвенција.[28]

Со пристапувањето кон оваа Конвенција, се укинува потребата од класична конзуларна или дипломатска легализација на странските јавни исправи, што значително ја поедноставува и забрзува процедурата за меѓународно признавање на документи. Наместо тоа, автентичноста на документот се потврдува со ставање апостил печат од надлежен орган во државата во која документот е издаден. Ова е особено важно во пракса, на пример, кога македонскиот орган треба да признае извод од матичната книга на венчаните издаден во Германија или Австрија, или обратно — кога македонски извод треба да биде признаен во странство.

Примената на Хашката конвенција значително ја олеснува транснационалната правна мобилност на физичките лица, особено при меѓународни бракови, разводи и запишување на бракови склучени во странство, и е клучна за ефикасноста на современото меѓународно приватно право.

[27] Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети меѓу Република Македонија и Република Србија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2005); Договор меѓу Република Македонија и Република Албанија за заемна правна помош во граѓански и кривични предмети („Службен весник на РМ“ бр. 10/2001).

[28] Hague Convention Abolishing the Requirement of Legalisation for Foreign Public Documents, 1961,достапно на: https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=41[последен пристап: 16.07.2025].

3. ПОСТАПКА ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАК СО СТРАНЕЦ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Склучувањето на брак, без оглед дали е меѓу двајца домашни државјани или меѓу домашен државјанин и странец, е јавноправна постапка што се спроведува пред надлежен матичар на единица на локалната самоуправа. Постапката за склучување на брак со странец во Република Северна Македонија претставува строго формализиран процес кој бара исполнување на услови од домашното и странското право. Комбинирањето на домашната надлежност со колизионите правила на меѓународното приватно право обезбедува правна сигурност, транспарентност и почитување на волјата на странките. Соработката преку билатерални договори и меѓународни конвенции, како Хашката конвенција, значително го олеснува административниот процес.

Во Република Македонија дозволено е секој полнолетен македонски државјанин да склучи брак со полнолетен државјанин на било која држава. Исто така дозволено е да се склучи брак и помеѓу двајца странски државјани, а одредбите од Законот за семејството и ЗМПП упатуваат на тоа кои услови треба да ги поседува странскиот државјанин за да може да склучи брак со РСМ со државјанин на Република Северна Македонија.

Улогата на Управата за водење на матични книги во контекст на склучување брак со странец во Република Северна Македонија е централна и административно-правна, бидејќи таа претставува органот надлежен за водење и евиденција на матичните состојби на граѓаните.

Според дадената официјалната информација од Управата за водење на матични книги на нивниот веб-сајт за склучување брак со странец потребни се следните документи: „За странскиот државјанин потребно е: оригинал извод од Матичната книга на родените со апостил печат не постар од 6 месеци на интернационален образец (преведен на македонски јазик и заверен на нотар доколку содржи некоја од буквите Y, W, X, Q и др.); уверение за слободна брачна состојба со апостил печат не постаро од 6 месеци(преведено на македоснки јазик и заверено на нотар); потврда дека не постојат законски пречки за склучување на бракот во Р.Македонија со апостил печат(Доколку матичната држава не издава потврда дека не постојат законски пречки за склучување на брак, потребно е да се издаде документ со кој потврдуваат дека не ја издаваат истата); оригинал важечки документ за идентификација.За македонскиот државјанин потребно е:оригинал извод од матичната книга на родените и важечки документ за идентификација“

Чекор	Опис	Надлежни органи
1. Спремање на документи	Апостилирани и преведени изводи, потврди, пасоши	Државни органи на државата на странецот
2. Пријава за брак	Поднесување на пријава најмалку 30 дена однапред	Општинска матична служба
3. Проверка на документи	Верификација и одобрување на комплетноста и валидноста на документи	Матичар / УВМК
4. Склучување на брак	Церемонија со присуство на овластен преведувач	Матичар, странски преведувач
5. Издавање на извод	Потврда за склучен брак	Општинска матична служба
6. Дополнителни постапки	Пријавување во други институции, постапки за престој, државјанство итн.	Министерство за внатрешни работи и други

Табела бр.1: Табела на документи и чекори во постапката за скучување на брак со странец

Постапката за склучување брак со странец е следната: „Потребно е двајцата младоженци лично со горенаведените документи да присуствуваат кај матичарот кој ќе присуствува на денот на венчавката на составување на записник за склучување брак. При составувањето на Записникот се одредува датумот на склучување на бракот. Откако ќе биде составен Записникот за склучување брак, странките потребно е да појдат во секторот за странци при Министерството за внатрешни работи со цел да се провери легалноста на престојот на странецот во Република Македонија.Откако ќе се констатира легалноста на престојот странките се упатуваат кај раководителот на матичарот со цел истиот да изврши проверка на доставените документи и да го парафира составениот Записник за склучување брак. Со самото тоа се смета дека терминот за склучување брак е договорен и бракот ќе се склучи на претходно договорениот датум. На денот на склучување на бракот задолжително е да присуствува овластен судски преведувач на јазикот кој го зборува странскиот државјнин“.[29]

[29]https://uvmk.gov.mk/Склучување на брак со странски државјанин [последен пристап: 16.07.2025].

Бракот се склучува со јавно изразување на согласност пред матичарот, во присуство на двајца полнолетни сведоци. Согласноста се дава лично и јасно, по што матичарот го запишува актот за склучување на брак во матичната книга на венчани[6].

Бракот може да се склучи и надвор од службените простории (на пример, на отворено), ако постојат оправдани причини, а за тоа одлучува надлежниот орган.

Државниот завод за статистика објавува годишни извештаи за вкупниот број на склучени бракови — на пример, во 2023 година се склучени 12 672 брака[30], а во 2024 година 11 066 брака.[31]

Меѓутоа, не постојат официјални јавно објавени статистички податоци кои јасно ги одвојуваат браковите каде што еден сопружник е странец, односно брак со странец, во македонската база на податоци на Државниот завод за статистика. Тоа значи дека во официјално објавените статистички податоци на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија отсуствува прецизна дистинкција на браковите склучени со странски државјани, што претставува методолошки и информациски недостаток од аспект на анализа на оваа правна и општествена појавашто претставува недостаток[32].

Исто така, образецот за пријава за склучување на брак не е објавен на интернет во унифицирана форма, бидејќи се користат внатрешни обрасци на Управата за водење матични книги, кои се пополнуваат на лице место во општината. Сепак, граѓаните можат да се обратат до општинската служба за матични книги, која ќе го обезбеди формуларот и ќе даде насоки за точна подготовка на документацијата.

Во рамки на изработката на трудот беше спроведена анкета на тема: „Брак со странец во Република Северна Македонија“(прилог бр.1), со цел да се добие непосреден увид во практичните аспекти на оваа правна област. Анкетата беше насочена кон вработени во Управата за водење матични книги и Државниот завод за статистика кои во своето секојдневно работење се сретнуваат со случаи на склучување и раскинување на брак со странски државјани.

Анкетата опфати прашања кои се однесуваат на зачестеноста на вакви случаи, државите од кои најчесто доаѓаат странците, типични проблеми при обработка на

[30]https://www.stat.mk/mk/stat/население-и-услови-за-живеење/naselenie/sklucheni-i-razvedeni-brakovi/sklucheni-i-razvedeni-brakovi-vo-2023-godina[последна посета на 17.07.2025 година].
[31]https://www.stat.mk/mk/stat/население-и-услови-за-живеење/naselenie/sklucheni-i-razvedeni-brakovi/sklucheni-i-razvedeni-brakovi-vo-2024-godina, [последна посета на 17.07.2025 година].
[32] Види: Државен завод за статистика на РСМ, *Природното движење на населението во Република Северна Македонија*, достапно на: https://www.stat.gov.mk [последен пристап: 08.август 2025 година]

странски документи, недостиг или нецелосност на потребната документација, како и потребата од евентуални законски измени и подобрување на постапката.

На прашањето „Колку често имате случаи на склучување брак со странски државјанин во вашата матична единица?“, испитаниците понудија различни одговори во зависност од искуствата во нивната практика. Од вкупно 10 анкетирани службеници добиени се следниве резултати:3 испитаници (30%) одговорија дека имаат случаи на склучување брак со странски државјани многу често;4 испитаници (40%) изјавија дека таквите случаи се случуваат повремено;2 испитаници (20%) одговорија дека таквите случаи се случуваат ретко и 1 испитаник (10%) наведе дека никогаш не се соочил со склучување брак со странец.


Овие податоци укажуваат на тоа дека во најголемиот дел од матичните служби постои барем повремено искуство со бракови со странски државјани, додека третина од анкетирани службеници изјавуваат дека тоа е честа појава. Оваа распределба ја потврдува релевантноста и практичната важност на темата, особено во контекст на потребата од јасна процедура, точна документација и соодветна законска регулатива при ваквите брачни постапки.



Слика1: Број на случаи на брак со странски државјанин

На прашањето „Од кои држави најчесто доаѓаат странските државјани што склучуваат брак во РСМ?“ испитаниците имаа можност да изберат повеќе одговори. Резултатите покажуваат дека најголем дел од испитаниците (7 од 10) посочиле дека

најчести се браковите со државјани од Србија, а Бугарија ја навеле 5 испитаници. Турција е избрана од 4 испитаници, Германија од 3, додека државјани од Италија се спомнати од 2 испитаници. Австрија и Швајцарија ги навел по 1 испитаник. Дополнително, еден испитаник навел и „друга“ држава, конкретно САД. Овие резултати укажуваат дека најчесто брак со странски државјанин во РСМ се склучува со лица од соседните држави, особено Србија и Бугарија, додека земјите од Западна Европа и други континенти се застапени во значително помал процент.




Слика 2: Држави од кои најчесто доаѓаат странските државјани што склучуваат брак во РСМ

Во рамките на спроведената анкета меѓу вработени во управните служби за водење на матични книги, едно од прашањата се однесуваше на тоа кои документи странските државјани најчесто не ги доставуваат или ги доставуваат нецелосно при поднесување барање за склучување брак во Република Северна Македонија. Согласно добиените одговори од 10 испитаници, се покажа дека најчесто недостасува апостилот или легализацијата на странските документи, при што дури 9 од анкетираните го посочиле овој проблем. Понатаму, потврдата за слободен брачен статус не била уредно доставувана во 80% од случаите, а овластениот превод на македонски јазик бил наведен како проблем во 70% од одговорите.

Исто така, значителен дел од испитаниците укажаа и на недостиг или нецелосност на потврдата за престој или дозволата за престојување (60%) и на изводот

од матична книга на родени (50%). Помал број испитаници (40%) посочија дека недостасувала потврда за државјанство, додека проблеми со лична идентификација (пасош или лична карта) биле евидентирани ретко (само од 1 испитаник). Дел од испитаниците (20%) наведоа и други документи, како на пример докази за развод или смрт на поранешен брачен другар.

Овие наоди укажуваат на реални административни предизвици со кои се соочуваат службите при обработката на барања за склучување брак со странци, особено кога станува збор за документи што бараат дополнителни формалности (апостилирање, преведување, легализација и сл.).




Слика 3: Документи кои странците најчесто не ги доставуваат или ги доставуваат нецелосно при склучување брак во РСМ.

Според добиените одговори од анкетата, времетраењето на обработката на барање за склучување брак со странец (од прв контакт до закажување или составување на записник) варира. Најголем дел од испитаниците – 50% – изјавиле дека постапката трае од 3 до 7 дена. Околу 30% одговориле дека истата може да се заврши за помалку од 3 дена, додека 20% навеле дека е потребно повеќе од 7 дена.

Според резултатите од спроведената анкета, матичните служби најчесто се соочуваат со повеќе проблеми при обработка на документи од странство. Најчест е недостатокот на апостил или легализација, кој го навеле 8 од 10 испитаници (80%). Следува нејасна или непотполна содржина на документите (7 од 10 испитаници, 70%) и недостаток на овластен превод на македонски јазик (6 од 10 испитаници, 60%). Дел од

испитаниците истакнале и други проблеми, како што се документи издадени од нерелевантен орган (4 од 10 испитаници, 40%), застареност на документите (3 од 10 испитаници, 35%), недоволна соработка со дипломатско-конзуларни претставништва (3 од 10 испитаници, 30%) и несоодветна формална форма, односно неисполнети формални услови (2 од 10 испитаници, 25%).

На прашањето: „Дали странците генерално се добро информирани за процедурата и потребните документи за склучување брак во Република Северна Македонија?“, добиени се следниве одговори од вкупно 10 испитаници: 2 испитаници (20%) одговориле „Да“, сметајќи дека странските државјани во најголем дел имаат доволно информации за постапката и потребните документи, 5 испитаници (50%) одговориле „Делумно“, наведувајќи дека иако постојат достапни информации, тие често се недоволно детални или не се достапни на јазик разбирлив за сите странци и 3 испитаници (30%) одговориле „Не“, оценувајќи дека странците најчесто не се запознаени со конкретните законски барања и потребната документација, што доведува до проблеми и одложувања во постапката.



Слика бр.4: Графикон за информираност на странците за постапката за брак во РСМ

На прашањето:„Дали сметате дека законската регулатива за брак со странци е јасна и доволно прецизна за спроведување?“ 3 од 10 испитаници (30%) одговориле „Да“, дека законската регулатива е јасна и доволно прецизна, 5 од 10 испитаници (50%) одговориле „Делумно“, сметајќи дека регулативата е делумно јасна и 2 од 10

испитаници (20%) одговориле „Не“, сметајќи дека законската регулатива не е доволно јасна.

На прашањето пак:„ Дали Управата има доволно стручни упатства и обуки за постапувањето со странски документи при склучување брак?“ 2 од 10 испитаници (20%) одговориле „Да“, сметајќи дека постојат доволно упатства и обуки, 4 од 10 испитаници (40%) одговориле „Делумно“, сметајќи дека упатствата и обуките се делумни и 3 од 10 испитаници (30%) одговориле „Не“, сметајќи дека не постојат доволно упатства и обуки.

Тоа значи дека од извршената анкета произлегоа разновидни одговори, кои укажуваат на тоа дека, и покрај постоењето на законска рамка, во пракса постојат бројни административни, технички и правни предизвици. Посебно беа истакнати проблемите со непотполната документација, доцнење или неусогласеност на странските документи со домашните правни барања, како и отежнатата меѓународна соработка со одредени држави. Дополнително, одреден број учесници укажаа на потреба од појаснување и уедначување на процедурите, како и од дополнителни едукативни обуки за административниот кадар.

Овие податоци претставуваат значајна основа за идентификување на правните празнини и административните пречки, и послужија како еден од изворите при формулирање на заклучоците и препораките во овој труд.

3.1. Пријавување на брак склучен во странство во Република Северна Македонија

Согласно македонското право, браковите склучени во странство можат да произведат правни дејства и во Република Северна Македонија, под услов истите да бидат соодветно евидентирани и пријавени во домашните матични книги. Пријавувањето на брак склучен пред странски органи е од суштинско значење за остварување на различни права на брачните другари во државата, како што се: право на наследување, право на здравствено осигурување преку брачен другар, регулирање на имотни односи, добивање на извод од матичната книга на венчаните и сл.

Правната рамка за пријавување на брак склучен во странство е утврдена во повеќе закони, пред сè во: Законот за матичната евиденција („Службен весник на РСМ“ бр. 8/1995, со измени), Законот за меѓународно приватно право („Службен весник на РСМ“ бр. 32/2020) како и во подзаконски акти донесени од Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда.

Според Законот за матичната евиденција, бракот склучен во странство меѓу државјани на Република Северна Македонија или меѓу државјанин и странец, може да се запише во матичната книга на венчаните, ако е склучен во согласност со прописите на државата каде што е заклучен бракот и ако не е спротивен на јавниот поредок на Република Северна Македонија[33].

Барањето за упис на брак во матичната книга на венчаните се поднесува директно до матичната служба во општината каде што подносителот има живеалиште во Република Северна Македонија, или преку дипломатско - конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во странство, во случај кога брачните другари не престојуваат во државата.

За пријавување на брак кој е склучен надвор од Р. Македонија потребни документи се: Важечка лична карта или пасош (за идентификација), Извод од матична книга на венчаните од другата држава, барање за запишување на бракот и 50 денари административна такса (Уплатница).Доколку изводот од матичната книга на венчаните е непотполен, потребно е да се достави и извод од матичната книга на родените.
Доколку изводот не е интернационален, односно изводот е на обичен образец, потребно е превод на македонски јазик заверен во дипломатско-конзуларно претставништво на РСМ и истиот да биде заверен на нотар.[34]

Во зависност од државата каде што е склучен бракот, може да биде потребна апостил печат или дипломатска легализација, согласно билатералните договори или членството на државата во Конвенцијата за укинување на легализацијата на странски јавни исправи (Хашка Конвенција од 1961 г.).

Во согласност со член 24 од Законот за меѓународно приватно право, условите за склучување на бракот се оценуваат според националното право на секој од брачните другари. Формата на бракот, пак, е уредена со член 25, каде што се предвидува дека бракот е валиден ако е склучен во форма што ја предвидува правото на државата каде што е склучен, или според правото на кое било од брачните другари[4]. Ова правило овозможува признавање на широк спектар на странски бракови, се додека тие не се во спротивност со јавниот поредок на Република Северна Македонија (чл. 6 од ЗМПП).

Во пракса, може да настанат проблеми при пријавување на брак склучен во држави кои не издаваат меѓународни извештаи, кои немаат соработка со РСМ или каде

[33] Законот за матичната евиденција („Сл. весник на РМ“ бр. 8/1995 со измени и дополнувања)
[34] Пријавување на брак кој е склучен надвор од Р. Македонија – УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ [последен пристап 31.07.2025 година]

што не се признава институцијата брак во традиционална форма (на пример, обреден брак без државна регистрација). Во такви случаи, потребна е дополнителна административна проверка и евентуална судска верификација.

4. НАДЛЕЖНОСТ НА СУД НА РСМ ВО БРАЧНИТЕ ОДНОСИ

4.1 Меѓународна судска надлежност во постапките за склучување и

развод на брак со странец

Постапките за склучување и развод на брак со странец претставуваат класичен пример на приватноправни односи со странски елемент, со што директно се активираат нормите на меѓународното приватно право, особено правилата за меѓународна судска надлежност. Овие правила служат како инструмент за дефинирање на границите на суверената судска власт на Република Северна Македонија во ситуации кога барем една од странките не е државјанин на државата или кога правно релевантните факти се случиле надвор од нејзината територија.

Меѓународната судска надлежност подразбира право и должност на судот на една држава да одлучува по предмети со странски елемент. Таа не е предмет на унифицирана меѓународна регулатива, туку се утврдува врз основа на националното законодавство на судот кој постапува (lex fori). Во македонското право, прашањата на меѓународна судска надлежност е регулирана во Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП).

Директната надлежност се однесува на прашањето дали судот на РСМ е надлежен да ја води постапката во моментот на нејзиното покренување. На пример, во разводна постапка со странец, судот најпрвин ја оценува својата надлежност врз основа на критериуми како што се живеалиштето или државјанството на странките. Индиректната надлежност, пак, е релевантна во постапки за признавање на странски судски одлуки, при што се оценува дали странскиот суд бил надлежен според критериумите кои ги признава македонското право.

Општата надлежност, постои кога тужениот има живеалиште или домицил во РСМ. Во постапки без тужба (на пример, признавање на странски брак), доволно е лицето спрема кое се поведува постапката да има живеалиште во државата. Посебната надлежност, пак овозможува поведување постапка и тогаш кога странката нема живеалиште во државата, но кога има други релевантни поврзувачки елементи, особено во случаи кои бараат заштита на послабата страна, како што се постапки за издршка, старателство или посета на дете.

Во практика често се јавува конкурентна надлежност, односно повеќе држави истовремено имаат основ за да постапуваат по конкретен семејноправен спор. На пример, македонскиот суд може да биде надлежен поради живеалиштето на едниот брачен другар во РСМ, додека судот на државата на другиот брачен другар може да

биде надлежен според неговото државјанство. Ова бара меѓународна координација и примена на принципот lis pendens за да се избегне паралелно водење на постапка. Наспроти тоа, исклучивата надлежност, се однесува на области каде само македонскиот суд може да постапува.

Прекумерната надлежност претставува ситуација кога македонскиот суд би презел надлежност без постоење на доволно силна поврзаност со правниот однос – на пример, само затоа што една странка е државјанин на РСМ, без друга врска со спорот. Таквата пракса се смета за проблематична од аспект на правната предвидливост и принципот на меѓународна судска разумност.Реторзивната надлежност претставува реакција на правниот третман на македонските државјани во странство, со што РСМ го воспоставува начелото на реципроцитет и симетрија во пристапот до правдата.

Во меѓународните бракови честопати странките склучуваат договор за избор на судска надлежност (пророгација).Дополнително, постои и молкумна пророгација, кога тужениот не ја оспорува надлежноста на судот на РСМ и учествува во постапката без приговор.

4.2. Судска практика во Република Северна Македонија поврзана со бракови со странски елемент

Правната надлежност на судовите на Република Северна Македонија во спорови кои се однесуваат на утврдување на постоење или непостоење на брак, поништување на брак и развод на брак, е уредена во член 131 од Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП). Овој член претставува клучна одредба во одредувањето на меѓународната надлежност во семејноправната сфера, посебно во контекст на зголемената мобилност на граѓаните и појавата на се почести бракови со меѓународен елемент.

Македонските судови се надлежни ако еден од брачните другари е државјанин на Република Северна Македонија во времето на поведување на постапката или бил државјанин во времето на склучување на бракот[35]. Оваа одредба е во согласност со принципот на државјанска припадност како основ за меѓународна надлежност, кој е широко прифатен во компаративното право. На пример македонски државјанин склучил брак со странка од Италија додека живееле во Германија. По престанокот на брачната заедница, македонскиот државјанин поднесува тужба за развод пред суд во

[35] Закон за меѓународно приватно право („Службен весник на РСМ“ бр. 32/2020), чл. 131 ст. 1 т. 1

РСМ. И покрај тоа што двојката повеќе не живее во Македонија, судовите имаат надлежност врз основа на државјанството на еден од брачните другари.

Судовите во РСМ се надлежни ако двата брачни другари имаат вообичаено престојувалиште во Северна Македонија во моментот на поднесување на тужбата[36]. Вообичаеното престојувалиште (habitual residence) е клучен поим во меѓународното приватно право и претставува реална врска на лицето со одредена територија. На пример двајца странски државјани, кои легално престојуваат и работат во Македонија подолг период, решаваат да се разведат. Иако не се државјани на РСМ, постоењето на заедничко вообичаено престојувалиште го оправдува форумот на македонските судови.

Законоското решение предвидува надлежност доколку едниот брачен другар е лице без државјанство (апатрид) и има вообичаено престојувалиште во Македонија[37]. Оваа одредба е важна од аспект на заштитата на лица со неутврден или изгубен државјански статус, за кои вообичаеното престојувалиште станува главната јурисдикциона врска. Лице од Сирија кое добило азил и долго време престојува во Македонија, поднесува тужба за развод од странец со кого бракот е склучен во трета држава. Македонските судови имаат надлежност врз основа на престојот на апатридот.

Македонските судови ќе бидат надлежни ако последното заедничко престојувалиште на странките било во РСМ и едниот од нив се уште живее таму[38]. Оваа хипотеза е особено важна во ситуации кога едниот брачен другар се иселил, но другиот останал во земјата. На пример македонска двојка се иселила во Швајцарија, но по распадот на односите, еден од брачните другари се вратил во Македонија. Се поднесува тужба за развод, при што надлежноста се заснова на последното заедничко престојувалиште.

Надлежност постои и ако тужителот има вообичаено престојувалиште во Македонија најмалку една година пред започнување на постапката[39]. Оваа одредба е заснована на принципот на реална поврзаност со државата, како и заштита на странки кои живеат и работат во РСМ. Странец кој живее и работи во Македонија подолг временски период, а претходно склучил брак во својата матична држава, поднесува тужба за развод во Македонија. Судовите ќе бидат надлежни ако постои условот за едногодишен престој.

[36] Исто, чл. 131 ст. 1 т. 2
[37] Исто, чл. 131 ст. 1 т. 3.
[38] Исто, чл. 131 ст. 1 т. 4
[39] Исто, чл. 131 ст. 1 т. 5

Овие основи на надлежност претставуваат урамнотежен систем кој овозможува заштита на правата на странките во брачни спорови со меѓународен елемент, истовремено следејќи ги современите текови во компаративното меѓународно приватно право. Законодавецот на Република Северна Македонија преку член 131 од ЗМПП овозможува флексибилност и правна сигурност, со јасно дефинирани критериуми врз основа на државјанство, престој и семејна поврзаност.

Според расположливите информации и увидот во јавно достапната судска пракса, може да се заклучи дека во судовите на Република Северна Македонија се води релативно мал број на постапки кои се однесуваат на утврдување на постоење или непостоење на брак, поништување или развод на брак со меѓународен елемент. Овие постапки, кои по својата природа претставуваат спој на семејното право и меѓународното приватно право, се уредени со одредбите од член 131 од Законот за меѓународно приватно право, но нивната практична примена е сè уште ограничена.

Недоволниот број на вакви постапки може да се припише на неколку фактори: сè уште ограниченият број на мешани бракови во споредба со внатрешно-државните бракови; честото решавање на семејноправните односи во странство, особено кога барем еден од брачните другари има престој или државјанство на друга држава; како и недоволната информираност на странките за можноста да ја активираат надлежноста на домашните судови согласно критериумите на чл. 131 од ЗМПП.

Дополнително, постои забележителна нерамномерност во бројот на вакви постапки низ различните апелациони подрачја, што најверојатно се должи на демографски, економски и социјални разлики меѓу регионите. Така, во подрачјето на Апелациониот суд Скопје се бележи поголема застапеност на вакви случаи, што е разбирливо имајќи предвид дека Скопје е најголем центар со зголемено меѓународно присуство и повисока фреквенција на бракови со странски елемент. Од друга страна, во апелационите подрачја на Битола, Штип или Гостивар, овие случаи се поретки и несистематизирани.

Особено е значајно да се напомене дека на официјалните веб-страници на судовите, како и на порталите на Министерството за правда, Судскиот совет или Управата за водење на матични книги, не постојат јасно евидентирани, детални или класифицирани податоци за бројот и карактеристиките на судските постапки со странски елемент. Одлуките што се објавуваат во електронските бази се делумни, често анонимизирани и несоодветно означени по правна природа, што претставува пречка за правна анализа и научно истражување. Отсуството на централизирана и транспарентна

база на податоци го отежнува пристапот до релевантна пракса, што пак остава простор за непотполно познавање и нерамномерна примена на нормите од меѓународното приватно право во семејната материја.

Со оглед на сето тоа, неопходни се понатамошни емпириски истражувања и официјална систематизација на статистички податоци, кои ќе овозможат подетална и поконзистентна анализа на практиката на судовите во оваа област. Така би се обезбедила правна сигурност, транспарентност и развој на доследна судска пракса, што е особено важно во контекст на зголемената мобилност на населението и појавата на сè поголем број на бракови со меѓународен карактер.

4.3 Правната положба на странците во постапките за склучување и развод на брак со странски државјани во Република Северна Македонија

Правната положба на странците во правниот поредок на Република Северна Македонија, се одликува со неколку суштински карактеристики: директна (непосредна) регулација, примена на принципот на територијалитет и почитување на минималните меѓународни стандарди. Овие основни принципи имаат директна рефлексија и во доменот на постапките за склучување и развод на брак со странски државјани, особено кога е во прашање примена на домашното семејно право во контекст на меѓународни односи.

Во Република Северна Македонија, странците имаат право да склучуваат и да раскинуваат брак под истите услови како и домашните државјани, освен ако со закон не е поинаку определено. Условите и постапките за склучување и развод на брак не се регулираат преку колизиски норми (што би упатувале на странско право), туку преку директни, материјалноправни правила содржани во Законот за семејство и Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП). На пример, согласно член 24 од ЗМПП, условите за склучување на брак (капацитет, дозволеност, согласност) се определуваат според личното право на секој од брачните другари, односно според правото на државата чиј државјанин е лицето. Но, формата на склучување на бракот (дали е пред матичар, со изјава и др.) е регулирана според правото на местото на склучување на бракот, што значи дека странците кои склучуваат брак во РСМ подлежат на македонското право во однос на формалностите, согласно принципот на територијалитет.

Кога странски државјанин, самостојно или заедно со македонски државјанин, започнува бракоразводна постапка во Северна Македонија, се применува македонското процесно право, а судот ја утврдува својата меѓународна надлежност според член 131 од ЗМПП. Како што веќе беше разработено, судовите на РСМ се надлежни ако: еден од брачните другари е македонски државјанин; или ако двата брачни другари имаат вообичаено престојувалиште во РСМ; или ако последното заедничко престојувалиште било во РСМ или ако тужителот (странски државјанин) престојува во РСМ најмалку една година пред поведувањето на постапката. Овој пристап ја потврдува улогата на територијалниот принцип – Република Северна Македонија има право да уредува постапки за брак и развод за лица кои се наоѓаат на нејзина територија или се поврзани со неа преку државјанство или престој.

Иако државата го задржува правото да направи разлика меѓу домашни и странски државјани во одредени области, постапките за склучување и развод на брак мора да бидат во согласност со меѓународните стандарди за недискриминација и човекови права, пред сè со Универзалната декларација за правата на човекот, која во предвидува дека маж и жена имаат право да склучат брак и да го раскинат истиот под еднакви услови и Конвенцијата за укинување на сите форми на расна дискриминација, која бара еднаков третман на лицата независно од нивното државјанство, етничка припадност или потекло. Во практика, ова значи дека странците не смеат да бидат дискриминирани ниту во пристапот до институциите кои вршат склучување на брак (матични служби), ниту пред судовите кои решаваат по развод или поништување на брак. Истовремено, странците имаат право на судска заштита, толкување на јазикот, правна помош и правично судење, како што тоа им е гарантирано на домашните граѓани.

Правото на склучување и развод на брак спаѓа во групата на општи приватни права, кои се достапни и на странци без дополнителни ограничувања. Тоа значи дека не постојат системски законски пречки или забрани за странец да склучи или раскине брак во РСМ, доколку ги исполнува условите од националното право и од ЗМПП. Сепак, одредени права што произлегуваат од бракот (на пр. право на престој, државјанство, стекнување имот) можат да бидат класифицирани како релативно резервирани права, кои се достапни под одредени услови, како што се дозвола за престој, реципроцитет или претходна административна одлука.

Правната положба на странците во Република Северна Македонија, како што е уредена со домашните и меѓународните норми, овозможува еднаков и формално

недискриминаторски пристап до институциите за склучување и раскинување на брак. Примената на принципот на територијалитет, заедно со материјалноправното регулирање и обврската за почитување на меѓународните стандарди, создава правна рамка која дозволува судовите во РСМ да решаваат за семејни спорови со странски елемент, без да се повредат правата на странците како учесници во тие постапки. Ова покажува дека државата успешно ја спојува својата надлежност со обврските кои произлегуваат од глобалниот правен поредок.

Во контекст на склучување и развод на брак со странец пред судовите во Република Северна Македонија, принципот на реципроцитет има важна улога во ползувањето на одредени права од страна на странските државјани. Иако правото на брак и развод, како основни човекови права, генерално не се сметаат за "релативно резервирани права", одредени постапки кои произлегуваат од овие односи, како на пример признавање на странска судска одлука за развод, или водење на брачни спорови пред македонските судови со странски државјани, можат индиректно да бидат поврзани со принципот на заемност (реципроцитет).

Користењето на права од страна на странците во овие постапки може да биде условено со реципроцитет, особено кога се работи за признанието на странски правни акти и одлуки, како и за процесна легитимација и достапност на судска заштита. Притоа, реципроцитетот може да биде:

- Дипломатски, заснован на меѓународен договор, каде клаузулите за најповластена нација, национален третман или непосредно повластување можат да овозможат пристап до постапки за склучување или раскинување на брак под исти услови како и за домашните државјани;
- Фактички, кога во практика се дозволува спроведување на одредена постапка за странец, врз основа на тоа што таков третман е обезбеден и за македонски државјани во државата на тој странец;
- Законски, кога законот на странската држава гарантира исти права за македонските државјани, што служи како основа за овозможување на реципроцитет во постапки во РСМ.

Во практиката, ова прашање се јавува особено во ситуации каде државјани на држави со кои РСМ нема билатерални договори поднесуваат барања за признавање на странски бракови или разводи. Иако бракот како личен однос генерално се признава под поширок човекови стандарди, прашањата за процесна еднаквост, применливо

право и надлежност на судовите честопати наидуваат на формални и материјални ограничувања токму поради непостоење на договори или неизјаснет реципроцитет.

Оттаму, при проценатa на странскиот елемент во семејните односи, судовите можат да го земат предвид принципот на реципроцитет, посебно кога странскиот државјанин сака да поведе постапка или да се повика на одлука донесена во странство. Иако тоа ретко води до отфрлање на правото на пристап до суд, сепак може да има влијание врз формалната допустливост или извршливост на странски акти и одлуки.

Во таа смисла, потребно е и натамошно следење на судската практика, како и развој на билатерални договори, кои би овозможиле правна сигурност и предвидливост во остварувањето на семејните права со странски елемент во Република Северна Македонија.

5. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА СО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ

Меѓународните бракови се сè почеста појава на Балканот, како резултат на миграција, мешани етнички заедници и слободата на движење. Поради тоа, важно е да се направи споредбена анализа на законодавствата во Република Северна Македонија и нејзините соседи, со фокус на условите за склучување брак, признавање странски бракови и применливото право.

5.1. Република Србија

Регулативата на Република Србија во областа на меѓународните бракови се темели на современи принципи на меѓународното приватно право и покажува висок степен на усогласеност со европските правни стандарди. Колизиските норми се детални и прецизни, со што се овозможува правна предвидливост при склучување на бракови со меѓународен елемент. Дополнително, билатералните договори, како оној со Северна Македонија, играат значајна улога во олеснување на прекуграничната правна соработка.

Во Република Србија, правната рамка за регулирање на брачните односи е утврдена со Семејниот закон („Породични закон“) од 2005 година[40], кој ја регулира формата, условите и последиците од склучување и раскинување на бракот. Бракот, како граѓанскоправна институција, се склучува пред надлежен матичар, во присуство на двајца сведоци, што претставува заедничка карактеристика со македонското право.

5.1.1. Склучување на брак со меѓународен елемент

Странски државјани можат да склучат брак во Србија под истите услови како и српските државјани, но со дополнителни документи кои се бараат од матичната служба. Најзначаен меѓу нив е уверението дека лицето е слободно за брак (certificate of no impediment), кое мора да биде издадено од надлежен орган на матичната држава на странскиот државјанин и заверено со апостил, согласно Хашката конвенција од 1961 година.

Дополнително, странскиот државјанин мора да приложи: важечка патна исправа (пасош), доказ за престој во Србија (доколку има долг престој) и официјален превод на сите странски документи на српски јазик.

[40] Породични закон Србије („Службени гласник РС“ бр. 18/2005).

Правниот основ за утврдување на применливото право во случаи со странски елемент се наоѓа во Законот за меѓународно приватно право („Закон о међународном приватном праву“, „Службени гласник РС“, бр. 87/2011)[41]. Според овој закон, органите на Република Србија се надлежни за склучување брак кога барем еден од идните сопружници е државјанин на Србија или кога двајцата странски државјани имаат привремено место на живеење во Србија во согласност со прописите за странци[42]. Ова правило ја покажува флексибилноста на српскиот правен систем во поглед на меѓународните бракови, бидејќи им овозможува на странци да склучат брак во Србија под услов да имаат регулиран престој.

Со овој закон се предвидува дека судот е надлежен да издаде дозвола за склучување брак доколку предлагачите (идните брачни другари) се државјани на Србија или имаат вообичаено место на живеење на нејзина територија. Овој механизам се применува во специфични ситуации каде што правната способност за склучување брак е предмет на судско одобрување, како на пример при брак на лица со ограничена деловна способност.

За материјалните услови за склучување брак (возраст, слобода за брак, прифаќање итн.), се применува националното право на секој иден сопружник, односно правото на државата чие државјанство го има лицето во моментот на склучување брак.На пример ако едниот сопружник е македонски државјанин, ќе се применат условите утврдени со македонскиот Закон за семејство и Законот за меѓународно приватно право (2020), како што се возраста, забраната за блиско сродство, итн.

Во однос на формата на склучување на бракот (јавна форма, присуство пред матичар и сведоци) предвиднео е дека се применува правото на државата во која се склучува бракот, односно српското право. Ова е типично forum regit actum правило – се применува правото на местото на склучување на бракот (lex loci celebrationis). Ако се склучува брак во Србија, важат српските формални услови, без оглед на државјанството.

Доколку пак бракот се склучува преку полномошник, тогаш за валидноста на полномошното (и материјална и формална) се применува исто така правото на државата каде што се склучува бракот.

[41] Закон о међународном приватном праву,(Службени гласник РС“, бр. 87/2011)
[42] Исто, чл. 67.

Овие правила обезбедуваат правна сигурност во транснационални случаи и го намалуваат ризикот од неважечки или непризнаени бракови поради разлики во националните правни системи.

При склучување брак, странските државјани мора да приложат уверение за брачна слобода издадено од надлежниот орган на нивната држава, кое треба да биде преведено на српски јазик и заверено со апостил (или легализација, во зависност од државата). Ова го гарантира почитувањето на материјалните услови според правото на нивната земја.

Србија и Северна Македонија имаат склучено Билатерален договор за правна помош во граѓански и кривични предмети [43], кој е ратификуван и е во сила. Овој договор предвидува меѓусебно признавање на јавни исправи, вклучително и изводи од матични книги, без потреба од дополнителна легализација. Ова значително го олеснува признавањето на бракови склучени во една од двете држави.

5.1.2.Развод на брак со меѓународен елемент

Според Законот за меѓународно приватно право на Србија, на разводот на бракот се применува правото кое е определено врз основа на следниот приоритетен ред:

- ако двајцата брачни другари имаат исто државјанство, се применува тоа право;
- ако имаат различно државјанство, но вообичаено живеалиште во иста држава, се применува правото на таа држава;
- ако условите од претходните алинеи не се исполнети, се применува српското право, ако брачниот другар кој поднесува тужба за развод има вообичаено живеалиште во Србија најмалку една година пред поднесување на тужбата.

Оваа одредба овозможува флексибилност и одредена предвидливост при примена на правото, но исто така и дава приоритет на местото на живеење како клучен критериум во случаи кога странските државјанства се различни.

Судовите на Република Србија се надлежни да постапуваат по брачни спорови со странски елемент доколку еден од брачните другари е државјанин на Србија, или

[43] Договор за правна помош меѓу РСМ и РС Србија („Сл. весник на РМ – Меѓународни договори“ бр. 1/2005).

еден од брачните другари има вообичаено живеалиште во Србија во моментот на поднесување на тужбата. Дополнително, постои надлежност и ако еден од брачните другари престојувал во Србија најмалку една година пред покренување на постапката.

5.1.3. Признавање на странски одлуки за развод

Србија признава странски судски одлуки за развод на брак преку посебна постапка за признавање, уредена со Законот за меѓународно приватно право. Признавањето на странска одлука се врши под следниве услови: одлуката мора да биде конечна според правото на државата во која е донесена, странката против која е донесена одлуката морала да има можност за учество во постапката (право на одбрана) и не смее да биде спротивна на јавниот поредок (ordre public) на Србија.

5.1.4. Компаративна анализа помеѓу меѓународни бракови во Република Северна Македонија и Република Србија

И Република Северна Македонија и Република Србија располагаат со современи законски решенија кои се засноваат на принципите на меѓународното приватно право, при што ги уредуваат прашањата за условите за склучување брак, формата на бракот, разводот на брак и признавањето на странски судски одлуки.

Во Република Северна Македонија условите за склучување на брак се определуваат според националното право на секој од брачните другари, додека формата на бракот се оценува според правото на местото на склучување (locus regit actum). Дополнително, разводот на брак се уредува со примена на заедничкото вообичаено престојувалиште на брачните другари или правото со кое имаат најтесна поврзаност, а признавањето на странски одлуки се врши по службена должност или по предлог на странка, врз основа на утврдени критериуми.

И во Република Србија при определување на условите за склучување брак се применува националното право на секој од брачните другари, додека формата на бракот е според правото на местото на склучување. Кога станува збор за разводот на брак, законското решение предвидува примена на заедничкото лично право, а во негово отсуство, правото на државјанство или на вообичаено престојувалиште. Признавањето на странски судски одлуки е возможно ако се исполнети условите за меѓународна надлежност, фер постапка и не противречи на јавниот поредок.

Иако двете држави немаат склучено билатерален договор за правна помош, двете се членки на Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи (1961), што овозможува употреба на апостил наместо класична легализација. Ова значително го олеснува признавањето на матични документи, изводи од книги и судски одлуки меѓу двете земји.

Правен аспект	Северна Македонија	Србија
Услов за склучување на брак	националното право на секој од страните	националното право на секој брачен другар
Форма на склучување на брак	Правото на местото на склучување (lex loci celebrationis)	според правото на местото на склучување
Развод на брак	според заедничко вообичаено престојувалиште или најтесна поврзаност	според заедничко лично право, или државјанство / престојувалиште
Признавање на странски одлуки	автоматско признавање, освен ако постојат пречки	формализирана постапка за признавање, по барање или по службена должност
Билатерален договор со Србија	Нема, но важи Хашката конвенција (1961) за апостил	Нема, се применува Хашката конвенција (1961)
Матични органи	Склучување исклучиво пред матичар	Склучување исклучиво пред матичар

Табела бр.2: Компаративна анализа помеѓу меѓународни бракови во Република Северна Македонија и Република Србија

5.2 Правна рамка за меѓународните бракови во Република Бугарија

Правната регулатива на Република Бугарија во однос на склучувањето и признавањето на бракови, вклучително и оние со странски елемент, е уредена преку Семејниот законик (Семеен кодекс) од 2009 година[44] и Законот за меѓународно

[44] Semeen_kodeks.pdf[посетено на ден 18.07.2025 година]

приватно право(Закон-Кодекс за меѓународното частно право)[45]. Регулативата е во голема мера усогласена со современите европски принципи на меѓународно семејно право, при што се води сметка и за улогата на националниот суверенитет и јавниот поредок во признавањето на странски правни односи.

5.2.1. Склучување на брак во Бугарија

Според Семејниот законик на Република Бугарија, бракот се склучува пред граѓански орган (матичар), во присуство на двајца сведоци. Религиозната форма нема правно дејство, туку има само симболичен карактер. Условите за склучување на брак се дефинирани во глава четврта од законикот и вклучуваат: доброволна согласност, дејствителна способност за склучување на брак и отсуство на законски пречки, како што се постоечки брак, роднинска врска или старателство. За странски државјани, важат истите услови, но се применуваат во согласност со Законот за меѓународно приватно право.

5.2.2. Колизиски решенија и применливо право

Бугарскиот Закон за меѓународно приватно право од 2005 година предвидува слична структура на колизиски норми за брак со странец како македонскиот Закон за меѓународно приватно право од 2020 година. Материјалните услови за склучување брак (како што се возраста, дозволеност, согласност и слично) се оценуваат според националното право на секој од идните брачни другари. Формата на склучување на бракот се оценува според правото на државата каде што бракот е склучен.

Овие одредби ја следат општоприфатената двојна колизиска техника, применета и во македонското меѓународно приватно право, што овозможува предвидливост и почитување на правниот суверенитет на државата на склучување на бракот.

5.2.3. Признавање на странски бракови

[45] Lex.bg - Закони, правилници, конституция, кодекси, държавен вестник, правилници по прилагане[посетено на ден 18.07.2025 година]

Иако Бугарија и Република Северна Македонија немаат склучено билатерален договор за меѓусебно признавање на јавни исправи, правната соработка сепак е олеснета преку заедничкото членство во Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи од 1961 година[46]. Ова значи дека актите (вклучително и изводите од матичните книги) издадени во една држава може да се признаат во другата со апостил, без потреба од дополнителна легализација. Така, македонските државјани кои склучиле брак во Бугарија можат лесно да ги признаат тие акти во матичната служба во РСМ и обратно, доколку приложат јавна исправа заверена со апостил.

Дополнително, Бугарија како членка на Европската Унија ја применува и Регулативата (ЕУ) 2016/1191, која ја укинува потребата од апостил и превод за некои лични документи издадени во ЕУ[47], што претставува поволен механизам при транснационално признавање, иако РСМ како држава-кандидат сè уште нема обврска да ја имплементира оваа регулатива.

5.2.4. Компаративна анализа помеѓу Република Северна Македонија и Бугарија во однос на меѓународните бракови

Регулирањето на брачните односи со меѓународен елемент, особено кога едниот или двата брачни другари се странци, во правниот систем на Република Северна Македонија и Република Бугарија е засновано врз слични колизиски решенија и процесни механизми, што се должи на европеизацијата на правните системи и усогласеноста со Хашките конвенции.

Сличноста помеѓу Бугарија и Северна Македонија се согледува во примената на основните колизиски принципи, како што се lex patriae за условите и lex loci celebrationis за формата на бракот. Двете држави ги почитуваат меѓународните документи како што е Хашката конвенција од 1961, што ја олеснува меѓусебната соработка во поглед на признавање на јавни документи. Сепак, правниот систем на Бугарија, како членка на ЕУ, е подложен на директно влијание од европското право, вклучително и судската пракса на Судот на правдата на ЕУ, што значи дека бугарските

[46] Hague Convention Abolishing the Requirement of Legalisation for Foreign Public Documents (1961), https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=41.[посетено на ден 18.07.2025 година]
[47] Regulation (EU) 2016/1191 of the European Parliament and of the Council of 6 July 2016, Regulation - 2016/1191 - EN - EUR-Lex[посетено на ден 18.07.2025 година]

органи имаат обврска да ја следат правната рамка за семејни односи пропишана со регулативи како Брисел II-бис (2201/2003) и Регулативата 2019/1111 (Брисел II-терц).

Во тој контекст, иако материјалните одредби за склучување на брак се слични, меѓународниот капацитет за признавање и спроведување на странски правни акти е поширок во Бугарија, поради нејзината интеграција во европското правно подрачје.

Во Северна Македонија, правната рамка е уредена со Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП) од 2020 година, каде што се уредуваат условите за склучување на брак, кои се определуваат според националното право на секој од брачните другари. Во однос на формата на склучување законот пропишува примена на правото на местото на склучување (lex loci celebrationis).

Идентичен пристап се применува и во бугарското право, каде што согласно Законот за меѓународно приватно право на Република Бугарија од 2005 година, условите за склучување на брак се одредуваат според личниот статус на секој брачен другар, а формата според правото на местото каде што бракот е склучен. Така, дури и ако се работи за брак меѓу македонски и бугарски државјанин, секој треба да ги исполнува националните материјални предуслови за брак.

Во двете држави, бракот има граѓански карактер, што значи дека склучување на брак пред религиозен претставник нема правно дејство, доколку не се спроведе и пред матичар. Ова укажува на секуларната ориентација на семејното право во двете земји и неговата заснованост врз јавноправни принципи.

Во однос на признавање на странски бракови, и двете земји го следат принципот на формална и суштинска валидност, што значи дека брак склучен во странство ќе биде признаен доколку се во согласност со правото на државата каде што е склучен, и доколку не е во спротивност со јавниот поредок (ordre public). Иако немаат билатерален договор, Македонија и Бугарија се потписнички на Хашката конвенција за укинување на легализацијата на јавни исправи од 1961 година, со што се овозможува употреба на апостил наместо легализација, што ја олеснува меѓусебната административна соработка и признавање на изводи од матични книги.

Иако законските решенија се речиси идентични, разликите можат да се појават во практичната примена, пред сè во административните процедури за склучување на брак со странец, како и во судската практика при признавање на странски бракови или разводи. Меѓутоа, во теориски и нормативен план, и двете држави демонстрираат висок степен на усогласеност со меѓународните стандарди и принципите на правна сигурност.

Правен аспект	Република Северна Македонија	Република Бугарија
Матичен закон	Закон за меѓународно приватно право (Сл. весник на РСМ бр. 87/2020)	Закон за международното частно право („Държавен вестник“ бр. 42/2005)
Условите за склучување на брак	Се применува националното право на секој брачен другар (чл. 24 ЗМПП)	Исто – личниот статус според националното право (чл. 82 ЗМЧП)
Форма на бракот	Според правото на местото на склучување (чл. 25 ЗМПП)	Исто – lex loci celebrationis
Орган пред кој се склучува бракот	Матичар (граѓански орган)	Матичар (граѓански орган)
Верски брак	Нема правно дејство	Нема правно дејство
Признавање на странски брак	Ако е склучен во согласност со странското право и не е contra ordre public	Исто
Билатерален договор со другата држава	Не постои	Не постои
Членство во Хашката конвенција (1961)	Да – дозволен апостил	Да – дозволен апостил

Табела бр.3:Компаративна анализа помеѓу Република Северна Македонија и Бугарија во однос на меѓународните бракови

5.3 Правна рамка за меѓународните бракови во Грција

Правната рамка за склучување и признавање на брак во Република Грција се заснова на одредбите од Граѓанскиот законик на Грција (Αστικός Κώδικας)[48] кои меѓудругото го уредуваат семејното право, вклучително и прашањата поврзани со склучување и раскинување на брак.

[48] Види: Άρθρο 1369–1371, Αστικός Κώδικας (Граѓански законик на Грција) Αστικός Κώδικας | Forin.gr [посетено на ден 18.07.2025 година]

Грчкиот правен систем препознава две форми на брак: граѓански и религиски. И двете форми имаат еднаква правна важност, под услов да се изврши соодветна регистрација. Граѓанскиот брак се склучува пред општински орган, обично градоначалник или општински советник, додека религискиот брак се склучува пред свештено лице на признаена верска заедница, најчесто Православната црква, но правното дејство се стекнува само ако тој брак е внесен во матичната книга на родени, венчани и починати.

Кога се склучува брак со странец, во Грција се применуваат правилата на Грчкото меѓународно приватно право, кое не е кодифицирано во еден закон, туку произлегува од Граѓанскиот законик, граѓанската постапка и меѓународните конвенции.

Што се однесува до условите за склучување на брак тие се регулирани според националното право на секој од брачните другари. Тоа значи дека, доколку некое лице е странски државјанин, се применува неговото домашно право за утврдување на брачна способност, возраст и пречки за брак (на пр. постоечки брак, роднинство и др.).

Во поглед на формата на бракот, грчкото право се придржува до начелото „lex loci celebrationis“, односно формата на склучување на бракот се оценува според правото на местото каде што е склучен бракот, како што е предвидено во член 1372 од Граѓанскиот законик[3]. Ова е од значење и во случај на признавање на странски бракови – доколку тие се склучени во форма што важи во државата каде што се извршени, истите може да бидат признати во Грција.

Грција, како членка на Европската унија, но и потписничка на повеќе меѓународни договори, ја применува и Хашката Конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи од 1961 година, овозможувајќи употреба на апостил во постапките за признавање на странски акти.

Дополнително, во случаи на развод на брак со меѓународен елемент, Грција го применува Регулативата (ЕУ) 2019/1111 (Брисел II-бис), која го уредува прашањето на надлежност и признавање на одлуки во брачните спорови и родителска одговорност, а која се применува за државјани на ЕУ. Кај државјани надвор од ЕУ, сепак, се применуваат правилата од националното грчко право за признавање на странски судски одлуки.

Во пракса, правната сигурност во Грција е заснована на комбинација од формализам (регистрација на бракот) и почитување на индивидуалните национални

права на странските државјани, со што се гарантира правна важност и за граѓански и за религиски бракови, при исполнување на минималните законски критериуми.

5.3.1. Компаративна анализа помеѓу Република Северна Македонија и Грција во однос на меѓународните бракови

Регулирањето на бракот во Грција и Република Северна Македонија покажува значајни сличности, но и неколку структурни разлики, особено во третманот на религиозниот брак, како и во примената на меѓународното приватно право при бракови со странски елемент.

Во Грција постојат две форми на брак – граѓански и религиозен, и двата имаат правно дејство, под услов да се регистрираат во матичната служба. Религиозниот брак има еднаква правна сила како граѓанскиот, ако е изведен од призната верска заедница и правилно е регистриран.

Во РСМ, според Законот за семејство, религиозниот брак нема правно дејство и се смета за неформален. Единствено граѓанскиот брак склучен пред матичар и запишан во матичната книга има правно дејство.

Во двете држави, основните услови за брак се: полнолетство, немање постоечки брак и немање роднинска врска. Сепак, Грција дозволува судска дозвола за склучување брак пред 18 години по исклучок, а слично постои и во РСМ.

При меѓународни бракови во Грција, применливото право за брачната способност е националното право на секој од брачните другари, а за формата важи правото на местото на склучување (lex loci celebrationis). Грција се повикува на традиционални колизиски норми и меѓународни конвенции.

Во РСМ, ова е уредено со Законот за меѓународно приватно право од 2020 година, според кој материјалните услови се уредуваат според националното право на секој од брачните другари, а формата на бракот – според правото на местото на склучување, што е идентична правна логика.

Елемент	Грција	Република Северна Македонија
Правна рамка	Граѓански законик (Αστικός Κώδικας)	Закон за семејство (Сл. весник на РСМ бр. 80/21 и др.) ЗМПП (2020)

Форми на брак	Граѓански и религиозен (двата правно валидни)	Само граѓански брак има правно дејство
Регистрација на брак	Задолжителна за правна важност, и за религиозен брак	Се склучува само со регистрација
Минимална возраст	18 години (со можност за судско одобрување под 18)	18 години (со дозвола од суд од 16 години)
Брачна способност (меѓународно)	Национално право на секој брачен другар)	Национално право на секој брачен другар
Форма на брак (меѓународно)	Право на местото на склучување (lex loci celebrationis)	Право на местото на склучување
Признавање на странски брак	Да, ако се исполнети условите на странската држава и се регистрира	Да, ако е во согласност со ЗМПП и јавниот поредок
Применливи меѓународни инструменти	Хашка конвенција за апостил, билатерални договори	Хашка конвенција, билатерални договори, ЗМПП
Верски елементи во правниот систем	Верскиот брак има правна важност ако е признат и регистриран	Религиозниот брак нема правно дејство

Табела бр.4: Компаративен приказ на меѓународни бракови помеѓу Република Грција - Република Северна Македонија

5.4. Правна рамка во Република Албанија

Правната рамка што го регулира склучувањето и раскинувањето на брак во Република Албанија е содржана во Семејниот законик (Kodi i Familjes së Republikës së Shqipërisë), усвоен со Закон бр. 9062 од 8 мај 2003 година, кој е во сила од 1 декември 2003 година[49]. Овој закон ја определува формата, условите за склучување на брак, како и последиците од него, притоа почитувајќи ги основните човекови права, начелата на доброволност и еднаквост.

Бракот може да се склучи само ако двете лица дадат доброволна согласност и имаат најмалку 18 години возраст. Исклучок е дозволен само со судска дозвола во

[49] Закон бр. 9062, 08.05.2003, Kodi i Familjes së Republikës së Shqipërisë, во сила од 01.12.2003; kodi_i_familjes_22.pdf [пристапено на ден 18.07.2025 година]

посебни околности. Забранет е брак меѓу блиски роднини, лица кои се во постоечки брак или лица лишени од деловна способност.

Во Албанија, единствено граѓанскиот брак има правна сила, додека верските церемонии не создаваат правни последици. Бракот мора да биде склучен пред службено лице од матичната служба, а странките се обврзани да ја пријават својата намера најмалку петнаесет дена пред церемонијата.

Албанското право овозможува склучување брак меѓу албански и странски државјани. Согласно Законот за меѓународно приватно право на Албанија (Ligji për të drejtën ndërkombëtare private, Ligj Nr. 10428, dt. 2.6.2011), прашањата поврзани со брачната способност се уредуваат според националното право на секој од брачните другари, додека формата на склучување на брак се оценува според правото на местото каде е склучен бракот[50].

Албанија применува принцип на меѓусебно признавање и реципроцитет, но исто така и меѓународните договори што ги има ратификувано. Странски судски одлуки во брачни спорови (вклучително и разводи) може да бидат признати ако се исполнети одредени законски услови, особено ако странската одлука не е во спротивност со албанскиот јавен поредок.

Албанија и Република Северна Македонија имаат склучено Договор за правна помош во граѓански и кривични работи, потпишан во Тирана на 14 март 1994 година и ратификуван во Службен весник на РМ бр. 30/1995[51]. Овој договор овозможува поедноставено признавање на бракови, разводи и други семејни статуси, со користење на апостил во согласност со Хашката конвенција од 1961 година за укинување на потребата од легализација.

5.4.1. Компаративна анализа помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија

Ако се направи споредба помеѓу овие две држави може да се заклучи дека и двете држави предвидуваат минимална возраст од 18 години, доброволна согласност, како и забрана за брак меѓу блиски роднини или лица во постоечки брак.

[50] Ligj Nr. 10428, dt. 2.6.2011, Për të drejtën ndërkombëtare private të Republikës së Shqipërisë; ligji_drejten_nderkombetare_private_1_571.pdf [пристапено на ден 18.07.2025 година]

[51] Договор меѓу Владата на РМ и Советот на Министри на РА за правна помош во граѓански и кривични предмети, „Службен весник на РМ“ бр. 30/1995.

Дополнително, во Албанија, можно е судско одобрување за брак под 18 години во посебни случаи.

И двете земји признаваат само граѓански (цивилен) брак. Верските церемонии немаат правно дејство освен ако не се проследени со цивилен брак.

Во двете држави е дозволено склучување брак меѓу домашен и странски државјанин, под услов да нема законски пречки. Според ЗМПП на двете земји, брачната способност се оценува според националното право на секој од идните сопружници.

И Албанија и Република Северна Македонија вршат признавање на странски бракови и разводи преку судска или управна постапка, под услов одлуката да не е во спротивност со јавниот поредок. Применуваат Хашка конвенција за апостил, како и билатералниот договор за правна помош од 1994 година, кој предвидува директно признавање на изводи и судски решенија без потреба од легализација.

Правна област	Албанија	Северна Македонија
Законска рамка	Семеен законик (Закон бр. 9062/2003); ЗМПП (Закон бр. 10428/2011)	Закон за семејство; ЗМПП (Сл. весник бр. 87/2020)
Минимална возраст	18 години (со можност за судско одобрување)	18 години (со можност за судска дозвола)
Форма на брак	Само цивилен брак пред матичар	Само цивилен брак пред матичар
Брак со странец	Дозволен; брачната способност според националното право на секој	Дозволен; брачната способност според националното право на секој
Колизиски норми	Национално право на идниот сопружник	Национално право на идниот сопружник
Признавање на странски брак	Преку ЗМПП и договори; потребна е апостилација	Преку ЗМПП и договори; потребна е апостилација
Признавање на странски развод	Признавање преку суд; не смее да биде спротивно на јавниот поредок	Признавање преку суд; не смее да биде спротивно на јавниот поредок
Билатерален договор	Договор со РСМ од 1994 г. (Сл. весник бр. 30/1995)	Договор со Албанија од 1994 г. (Сл. весник бр. 30/1995)
Апостил режим	Да, членка на Хашка конвенција од 1961	Да, членка на Хашка конвенција од 1961

Табела бр.5: Компаративен приказ на меѓународни бракови во Република Албанија и РСМ

5. ПРИЗНАВАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА СТРАНСКИ СУДСКИ ОДЛУКИ

Судската одлука, без оглед на својата правосилност, извршност или процесна регуларност, по својата правна природа е национален акт, донесен во рамките на суверената судска власт на одредена држава. Како таква, таа во принцип произведува правно дејство само во рамките на територијалната јурисдикција на државата чиј суд ја донел. Ова произлегува од основниот постулат на државниот суверенитет и принципот на територијалност, според кои секоја држава има монопол на својата територија врз извршувањето на судска власт и признавање на странски државни акти.

Сепак, современите глобални социоекономски и личноправни односи, како и зголемената мобилност на граѓаните, сè почесто наметнуваат потреба судски одлуки да имаат прекугранично дејство. Примери за тоа се пресуди за развод на брак, старателство врз дете, поделба на имот или признавање на странска пресуда за издршка. За една таква одлука да може да се примени или изврши на територијата на друга држава, таа мора да биде претходно призната од органите на таа држава, во согласност со внатрешното законодавство или со меѓународен договор кој ги уредува таквите постапки.

Механизмот на признавање и извршување на странски судски одлуки претставува форма на јурисдикциска соработка меѓу државите, со цел да се обезбеди правна сигурност, стабилност на правните односи и еднаков третман на странските граѓани. Главни извори што ја уредуваат оваа материја се:меѓународните договори (билатерални и мултилатерални),националното законодавство на државите, како што е Законот за меѓународно приватно право, како и меѓународната судска пракса, особено во случаи каде што не постои применлив меѓународен договор.

Во ситуација кога не постои договор меѓу две држави, признавањето на странска одлука може да биде условено со постоење на т.н. фактички или де факто реципроцитет. Тоа значи дека една држава ќе признае судска одлука донесена во друга држава само ако постои практика или уверување дека таа втора држава под слични услови би признала одлука донесена од првата држава. Иако ваквиот основ не обезбедува целосна правна извесност, тој игра значајна улога во отсуство на формални договори, особено во односите со држави со кои не постојат блиски правни врски.

Поради тоа, потребата од усогласување на националните системи со меѓународните стандарди, како и активното учество во меѓународни договорни рамки, станува сè поважна за државите кои сакаат да обезбедат ефективна заштита на правата на своите државјани во прекугранични ситуации. Република Северна Македонија, преку своите билатерални договори за правна помош и усогласениот Закон за меѓународно приватно право, прави обиди да создаде предвидлив и транспарентен систем за признавање и извршување странски одлуки, со што се обезбедува и поширока правна интеграција во европскиот и меѓународниот правен простор.

6.1.Преглед на уставните и законските одредби

Правната рамка која го уредува прекугранично признавање и извршување на странски граѓански судски одлуки во Република Северна Македонија (РСМ), вклучително и одлуките за склучување и развод на брак, се заснова на систем на коегзистенција и хиерархија помеѓу внатрешното право и меѓународните договори. Таквата правна архитектура претставува еден од клучните елементи на современото меѓународно приватно право и рефлектира усогласување со европските и меѓународните стандарди за правна сигурност и меѓусебно признавање на судски одлуки.

6.1.1. Уставни основи

Според членот 118 од Уставот на Република Северна Македонија, ратификуваните меѓународни договори се составен дел од внатрешниот правен поредок и непосредно се применуваат, при што имаат примат над законите[52]. Овој уставен принцип е особено важен во областа на признавање и извршување странски судски одлуки, каде што можеби постои несогласување помеѓу домашното законодавство и меѓународно-правните обврски на државата. Така, во случаите кога странска судска одлука за развод на брак е предмет на признавање, приоритетот му се дава меѓународниот договор кој го регулира прашањето, ако истиот е директно применлив и е ратификуван според уставната процедура.

[52] Устав на Република Северна Македонија, Службен весник на РМ бр. 52/91, чл. 118.

6.1.2. Национални законски извори

Законот за меѓународно приватно право од 2020 година претставува современ кодифициран акт кој детално ги уредува правилата за признавање и извршување на странски судски одлуки, вклучително и во брачни спорови. Според ЗМПП, примената на неговите одредби се исклучува во случај кога е во сила ратификуван меѓународен договор, со што повторно се потврдува приматот на меѓународното право[53] .

Во однос на признавањето и извршувањето странски судски одлуки, ЗМПП содржи три посебни глави:

- Глава I – дефиниции,
- Глава II – услови за признавање и извршување,
- Глава III – постапка за признавање и извршување.

Признавањето на странска судска одлука за склучување или раскинување на брак е дозволено доколку се исполнети кумулативните услови , меѓу кои спаѓаат: дека одлуката е конечна и извршна според правото на државата на потекло, дека постои меѓународна надлежност на странскиот суд согласно критериумите во ЗМПП, дека не се повредени основните начела на македонскиот правен поредок (т.н. клаузула на јавен поредок).

Особено е важно што ЗМПП предвидува дека самото признавање на странскиот развод на брак, без посебна тужба, може да биде сторено инцидентно, т.е. во рамки на друга постапка, како што е постапка за утврдување на старателство, делба на имот или наследство.

6.1.3. Меѓународни правни извори

Република Северна Македонија има склучено повеќе билатерални договори за правна помош кои ги уредуваат прашањата за признавање и извршување на судски одлуки во граѓански и семејни предмети. Овие договори претставуваат директна основа за автоматско или поедноставено признавање на странските судски одлуки во државата со која е склучен договорот. Таков пример е Договорот за правна помош во граѓански и

[53] Закон за меѓународно право(Службен весник на РСМ,бр.32/20, чл.2 ст.2

кривични работи со Република Србија од 1996 година[54], кој предвидува дека странските одлуки (вклучително и разводи) се признаваат без потреба од реципроцитет ако се исполнети условите од договорот. Слични договори постојат и со Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Бугарија, Полска, и други држави, кои предвидуваат поедноставена или автоматска постапка за признавање. Овие билатерални договори се од клучно значење во пракса, бидејќи многу од разводите на брак кои треба да се признаат во Северна Македонија се од држави од поранешна СФРЈ, со кои се одржуваат тесни лични и семејни врски.

Република Северна Македонија е членка на значителен број мултилатерални конвенции што опфаќаат аспекти на меѓународното приватно право. Некои од овие мултилатерални договори се потпишани и ратификувани од Северна Македонија, додека, пак, други се наследени од СФРЈ. Иако Република Северна Македонија не е членка на ЕУ, таа е учесничка во одредени Хашки конвенции, кои ја уредуваат материјата на признавање на странски одлуки, меѓу кои и Хашката конвенција за признавање и извршување на странски пресуди во граѓански и трговски предмети[55].

Во процесот на приближување кон правниот поредок на Европската Унија, Република Северна Македонија се соочува со потребата од темелна правна хармонизација, особено во областа на меѓународното приватно право (МПП). Поради сè поголемата динамика на прекугранични односи – трговски, семејни, наследно-правни и договорни – неопходно е националното законодавство да биде во согласност со актуелните тенденции на европското МПП, како од аспект на надлежноста на судовите, така и во поглед на применливото право и признавањето на странски одлуки.

Во таа насока, донесувањето на Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП) во 2020 година претставува значаен исчекор во модернизацијата и европеизацијата на националниот систем на МПП. Законодавецот, имајќи ги предвид правните развои во Европската Унија, инкорпорираше повеќе суштински елементи од европските регулативи, со цел да се овозможи побрза адаптација на домашните судии, практичари и правни субјекти уште пред членството на државата во ЕУ.

---

[54] Договор помеѓу РМ и РС Србија за меѓусебна правна помош во граѓански и кривични предмети, Службен весник на РМ – Меѓународни договори бр. 6/97

[55] Министерот за правда Кренар Лога во рамките на дводневната работна посета на Хаг ја потпиша Хашката конвенција за признавање и извршување на странски пресуди во граѓански и трговски предмети од 2 јули 2019 година. Конвенцијата беше потпишана во присуство на генералниот секретар на Хашката конференција за меѓународно приватно право, Кристоф Бернанскони и амбасадорката на Република Северна Македонија Бети Јачева. pravda.gov.mk/vest/6547 последна посета на ден[29.07.2025 година]

Меѓу најважните структурни и концептуални иновации што произлегуваат од европското право и се преземени во ЗМПП се:проширување на автономијата на волјата како точка на поврзување, особено во договорните и брачните односи; редуцирање на значењето на државјанството како класичен колизиски фактор, на сметка на повеќе флексибилни критериуми; воведување на вообичаено престојувалиште (habitual residence) како алтернатива или дури и примарен фактор за поврзување и ограничување на институтот на исклучива надлежност, со цел да се избегнат конфликти и паралелни постапки.

Овие насоки се во склад со унифицираните инструменти на ЕУ во областа на граѓанските и семејноправните односи, кои сè повеќе тежнеат кон предвидливост, флексибилност и заштита на послабата страна, особено во семејните и потрошувачките спорови.

Во согласност со оваа стратегија, македонскиот ЗМПП од 2020 година се усогласува со следниве клучни регулативи на Европската Унија:

Регулатива (ЕУ) 2016/1103 за брачно-имотниот режим[56]-Оваа регулатива уредува надлежноста, меродавното право и признавањето на одлуки поврзани со имунот правен режим на брачните другари, со цел унапредување на прекуграничната правна сигурност во бракови со странски елемент. ЗМПП ја следи оваа насока преку овозможување избор на право и критериуми засновани на заедничко престојувалиште.

Регулатива (ЕУ) 1259/2010 (Рим III)[57]- таа се однесува на меродавното право за развод и законска разделба, дозволувајќи на брачните другари да изберат применливо право, а во отсуство на избор, примената на правото на вообичаено престојувалиште. Овие решенија се директно рефлектирани во македонскиот ЗМПП.

Регулатива (ЕЗ) 4/2009 за издршка[58]- Регулативата уредува надлежност, меродавно право и извршување на одлуки за издршка на деца и брачни другари. ЗМПП ја следи оваа рамка со јасно дефинирани критериуми за надлежност и признавање во вакви спорови.

[56] Council Regulation (EU) 2016/1103 of 24 June 2016 „Службен весник на ЕУ“ L183/1.

[57] Council Regulation (EU) No 1259/2010 of 20 December 2010 (Rome III) „Службен весник на ЕУ“ L 343/10

[58] Council Regulation (EC) No 4/2009 of 18 December 2008 „Службен весник на ЕУ“ L 7, 10.1.2009.

Регулатива (ЕЗ) 593/2008 (Рим I)[59]-таа се однесува на меродавното право за договорни обврски и овозможува високо ниво на автономија на волја при изборот на применливо право во договори со странски елемент.

- Регулатива (ЕЗ) 864/2007 (Рим II)[60]-се однесува на вондоговорни обврски, вклучително и штета и неосновано збогатување. Примената на принципот на објективна блиска поврзаност е отсликана и во ЗМПП.
- Регулатива (ЕУ) 1215/2012 (Брисел I – новела)[61]- таа уредува надлежност и признавање на одлуки во граѓански и трговски предмети, вклучувајќи автоматско признавање и поедноставено извршување, модели кои ЗМПП делумно ги презема преку либерализирање на постапката за признавање.
- Регулатива (ЕУ) 650/2012 за наследување[62]-со оваа регулатива се воведува заеднички пристап за надлежност, избор на право и издавање на Европски сертификат за наследување. Во ЗМПП се следи истиот модел со приоритет на вообичаено престојувалиште и дозволен избор на право во наследните работи.

Со преземањето на концепти и решенија од наведените регулативи, Законот за меѓународно приватно право од 2020 година ја поставува Република Северна Македонија на патот кон полноправно интегрирање во европското правно поднебје. Усогласувањето овозможува не само практична подготвеност на судиите и правниците, туку и создавање правна култура усогласена со европските вредности – предвидливост, правна сигурност и еднаков третман на граѓаните во прекугранични односи.

6.2. Институционална рамка за признавање и извршување на граѓанските судски одлуки

6.2.1. Преглед на законските одредби и учесници во постапката за признавање и извршување на граѓански судски одлуки

Признавањето и извршувањето на странските судски одлуки, особено оние што се однесуваат на брачните односи, претставува клучен аспект на меѓународното приватно право. Во правниот поредок на Република Северна Македонија, оваа постапка

[59] Regulation (EC) No 593/2008 (Rome I) „Службен весник на ЕУ“ L177/6.
[60] Regulation (EC) No 864/2007 (Rome II), „Службен весник на ЕУ“ L 199/40.
[61] Regulation (EU) No 1215/2012 (Brussels I Recast), „Службен весник на ЕУ“ L351/1.
[62] Regulation (EU) No 650/2012 of 4 July 2012, „Службен весник на ЕУ“ L 201/107.

е квалификувана како вонпарнична, и нејзиното водење спаѓа во надлежност на редовните судови. Имено, признавањето на странските одлуки претставува предуслов за нивната правна ефикасност на територијата на државата, а нивното извршување обезбедува материјално-правна реализација на правата и обврските утврдени со самата одлука.

Согласно Законот за меѓународно приватно право постапката за признавање и извршување на странски судски одлуки е детално уредена во одделни поглавја, при што се наведени критериумите за признавање, правната форма, како и процесните предуслови кои треба да се исполнат. Овој закон, како *lex specialis*, се применува во сите случаи кога се работи за одлуки донесени од странски судови или органи, кои се однесуваат на лични и семејни односи, вклучително и разводот на брак, ништовноста на бракот или признавањето на постоење/непостоење на брак.

Постапката по својот карактер е вонпарнична, што значи дека се води по правилата на Законот за вонпарнична постапка освен ако со ЗМПП не е предвидено поинаку. Надлежен за водење на постапката е основниот суд на чие подрачје треба да се изврши пресудата, или на подрачјето на живеалиштето на странката против која се бара признавање или извршување. Овие судови ја играат централната улога во т.н. егзекватурна постапка, т.е. постапка на признавање на странска одлука како еднаква на домашна судска одлука.

Во рамките на оваа постапка, се идентификуваат неколку клучни засегнати страни кои, иако со различен степен на инволвираност, имаат суштинско значење за валидна и ефикасна трансмисија на странската судска одлука во домашниот правен поредок.

Судовите на Република Северна Македонија како носители на судската власт, се примарните актери во оваа постапка. Тие го проверуваат постоењето на формалните и материјалните предуслови за признавање или извршување, како што се: надлежноста на странскиот суд, почитување на правото на одбрана, конечноста на одлуката, нејзината неспротивност на јавниот поредок и постоењето на реципроцитет, доколку тоа се бара. Надлежноста и организацијата на судовите е уредена со Законот за судовите. Посебно е важно да се напомене дека во брачни спорови, спор на признавање најчесто се одлуки за развод, поништување или утврдување на брак, а поретко одлуки поврзани со споредни прашања како што се старателството или издршката, кои пак подлежат на одделни правила.

Во делот на извршувањето на странските одлуки (на пример, обврска за плаќање издршка), значајна улога имаат извршителите, чија дејност и овластувања се уредени со Законот за извршување. Тие постапуваат по извршна исправа – која може да биде и странска судска одлука, откако ќе биде призната – и ја спроведуваат наплатата или извршувањето на обврската на територијата на Република Северна Македонија.

Во системот на меѓународна правна помош во граѓанско-правната материја, особено во доменот на признавањето и извршувањето на странски судски одлуки, значајна институционална улога има Министерството за правда на Република Северна Македонија. Ова министерство, преку својот посебно формиран Сектор за меѓународна правна помош во граѓанско-правната и кривичната материја, претставува централна институција задолжена за координирање и спроведување на различни аспекти од меѓународната правна соработка[63].

Секторот има широк спектар на надлежности кои вклучуваат, но не се ограничени на:

- Постапување по барања за обезбедување правна помош од странски и домашни судови во граѓанско-правната материја, вклучително и барања за признавање и извршување на странски судски одлуки;
- Водење и обработка на статистички податоци поврзани со граѓански предмети;
- Преговарање и потпишување на билатерални договори за правна помош, како и надзор над нивната примена и ефективно спроведување;
- Набљудување на примената на ратификуваните меѓународни договори и конвенции, со цел обезбедување на нивна усогласена имплементација во националниот правен систем;
- Соработка со дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство, особено во ситуации каде што е потребна правна помош за македонски државјани или за странски државјани на територијата на државата.

Примената на меѓународните договори и конвенции во оваа област бара функционална и континуирана институционална координација, која најчесто се организира преку таканаречени централни органи предвидени со самите конвенции. Во правниот и административниот систем на Република Северна Македонија, овие

[63] Министерство за правда на Република Северна Македонија, <u>Годишен извештај за работата на Секторот за меѓународна правна помош</u>, достапно на: www.justice.gov.mk [посетено последно на 29.07.2025 година].

централни органи, во најголем дел од случаите, се сместени токму во рамките на Секторот за меѓународна правна помош при Министерството за правда.

На пример, во примената на Хашката конвенција од 1970 година Министерството делува како посредник меѓу домашните судски и административни органи и странските централни органи. Неговата улога во вакви постапки е од суштинско значење за обезбедување правна сигурност, навремено постапување и усогласеност со меѓународните обврски на државата.

Во контекст на брачните односи, особено релевантно е учеството на Министерството во предмети каде се бара признавање на странска одлука за развод или други семејноправни прашања. Неговото посредување, обезбедување информации, како и трансфер на документација до и од странски органи, значително го олеснуваат процесот за странките и обезбедуваат доследна примена на применливото право.

Иако во постапката за признавање немаат директна улога, нотаријатот и органите за водење матични книги (посебно во контекст на брачните односи) се значајни при впишување на промените што произлегуваат од странска судска одлука (на пример, промена на брачниот статус во матичната книга на венчаните).

Правната практика има суштинско значење во областа на признавањето и извршувањето на странските судски одлуки, како и во доменот на меѓународната правосудна соработка. Имајќи предвид дека овие постапки претставуваат инструмент преку кој правосилните странски одлуки добиваат дејство во националниот правен поредок, нивната ефикасна имплементација е од клучно значење за заштитата на правата и интересите на странките во прекугранични спорови.

Според важечката законска рамка во Република Северна Македонија, постапката за признавање и извршување на странски судски и арбитражни одлуки е уредена во Законот за меѓународно приватно право од 2020 година („Службен весник на РСМ“ бр. 32/2020). Со оваа регулатива се обезбедува систематизиран и јасен процес кој, покрај судските одлуки, опфаќа и странски арбитражни одлуки, со што се потврдува отвореноста на националниот правен поредок кон различни форми на решавање на спорови со меѓународен карактер.

Постапката за признавање и извршување е процесуално квалификувана како вонпарнична постапка, што значи дека се одвива со поедноставени правила, без спротивставени страни во класична смисла, и се води пред надлежен граѓански суд. Барањето за признавање или извршување го поднесува заинтересираната страна – најчесто доверителот кој се повикува на странската одлука – преку писмен предлог. Во

пракса, со оглед на сложеноста на процедурата и потребата од приложување на соодветна документација (превод на одлуката, потврда за правосилност, доказ за меѓународна надлежност на странскиот суд и сл.), подносителот обично ангажира правен застапник, односно адвокат, кој ја подготвува и поднесува иницијативата до надлежниот суд.

Притоа, судот ја оценува исполнетоста на законските услови за признавање и извршување, како што се: надлежноста на странскиот суд, правосилноста и извршноста на странската одлука, нејзината усогласеност со јавниот поредок на Републиката, како и постоењето или непостоењето на претходно водена постапка пред домашен суд за истото прашање (nebis in idem). Со ваквиот пристап, ЗМПП не само што го усогласува националното законодавство со современите стандарди на меѓународното право, туку и ја зајакнува довербата во правосудните системи на други држави, овозможувајќи правната заштита обезбедена во една држава да биде ефективно реализирана и во Северна Македонија. Ова, од своја страна, претставува фундаментален предуслов за унапредување на прекуграничната соработка, правната сигурност и правичниот пристап до правдата.

Иако во Република Северна Македонија не постојат значајни невладини организации кои се специјализирани исклучиво за прашања поврзани со признавање и извршување на странски судски одлуки или за меѓународна правна помош во граѓанско-правната материја, сепак може да се забележи позитивен општ тренд на соработка помеѓу Министерството за правда и граѓанскиот сектор. Оваа соработка, иако преовладувачки се остварува во други области од правото (како човекови права, борба против корупција или владеење на правото), претставува потенцијална основа за понатамошно проширување на активностите и во сферата на меѓународното приватно право. Унапредувањето на ваквата соработка би придонело за подобро информирање на граѓаните за можностите за признавање на странски одлуки и за пристап до правна помош во прекугранични спорови.

Од друга страна, академската заедница игра значајна и стабилна улога во развојот и унапредувањето на правната рамка во Република Северна Македонија, вклучително и во областа на меѓународното приватно право. Соработката помеѓу Министерството за правда и универзитетите е воспоставена на повеќе нивоа, при што универзитетските професори и истражувачи често учествуваат во работните групи за изготвување и усогласување на ново законодавство, меѓу кои и Законот за меѓународно приватно право од 2020 година.

Дополнително, наставниот кадар на правните факултети е редовно вклучен во обуките на судии и јавни обвинители, што ги организира Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“. Преку овие обуки се овозможува пренос на научни сознанија и компаративни искуства кон практичарите, што е особено важно во сфера каде што се бара толкување и примена на сложени поврзувачки правила, како што е случајот со прекуграничното признавање и извршување на судски и арбитражни одлуки.

Во таа смисла, иако невладиниот сектор засега има ограничена улога во оваа област, академската заедница претставува клучен чинител во развојот на правната мисла и нормативната основа во областа на меѓународното приватно право. Понатамошното поврзување на академијата со институциите и со граѓанското општество би можело да ја зголеми свеста и експертизата во оваа стручна, но сè поактуелна област.

Сето ова упатува на тоа дека постапката за признавање и извршување на странски судски одлуки претставува комплексен механизам кој ги инволвира не само судовите, туку и широк спектар на други релевантни институции. Особено во сферата на брачните односи, каде што личните права и статуси на странките се во прашање, правната сигурност и соработката меѓу надлежните органи се од суштинско значење за доследна и правично уредена постапка.

6.3. Видови странски судски одлуки што се признаваат и извршуваат – осврт на семејната материја

Законот за меѓународно приватно право од 2020 година во членот 157 ја дава основната дефиниција и обемот на странските одлуки кои може да бидат предмет на признавање и извршување во Република Северна Македонија. За разлика од претходните законски решенија, ЗМПП од 2020 година дава проширено толкување на терминот „странска одлука“, вклучувајќи не само одлуки донесени од судови, туку и судски порамнувања, како и одлуки на други релевантни органи од државата на потекло, доколку тие имаат исто правно дејство како и судските одлуки[64].

Особено значајна е одредбата според која за целите на признавањето, не е одлучувачко именувањето на актот или органот кој ја донел одлуката, туку неговата

[64] Член 157 став 1 од Законот за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр. 32/2020).

суштина, односно дали станува збор за одлука што спаѓа во предметниот опсег на ЗМПП, утврден во членот 1 од законот[65]. Со ова се потврдува современиот и флексибилен пристап во меѓународното приватно право, што има цел да го олесни правниот промет и да ја зголеми правната сигурност, особено во прекуграничните семејни односи.

Во доменот на семејното право, најчести видови странски одлуки што се признаваат се:

- Одлуки за развод на брак,
- Одлуки за поништување на брак,
- Одлуки за утврдување или негирање на родителска врска,
- Одлуки за старателство и одземање или ограничување на родителско право,
- Одлуки за алиментација,
- Привремени мерки за заштита на малолетни деца или на жртви на семејно насилство.

Согласно членот 157 од ЗМПП, декларативни, конститутивни и кондемнаторни одлуки може да бидат признаени, но само кондемнаторните (на пр., алиментациски обврски) се подобни за принудно извршување, поради нивната природа. Така, на пример, одлука за развод на брак има конститутивно дејство – го раскинува брачниот однос и може да биде призната во РСМ без потреба од извршување. Од друга страна, одлука за исплата на алиментација може да се признае и воедно и изврши, преку националниот систем на извршување.

Понатаму, при примената на овие норми во практичниот контекст, судовите во РСМ имаат обврска да го почитуваат начелото на ефективност на странските одлуки, што значи дека не смеат да ја одбијат нивната примена само затоа што се нарекуваат поинаку или се донесени во поинаква постапка, како што е често случај во споредба на континенталните и англосаксонските правни системи. Тоа има особено значење кај одлуки за развод донесени врз основа на спогодба или одлуки на верски органи, кои, под одредени услови, исто така може да бидат предмет на признавање.

Во рамките на ваквиот модерен систем, македонското право ја покажува својата усогласеност со европските тенденции, како и со принципите содржани во

[65] Член 1 од истиот закон ги утврдува личните и имотните односи од меѓународен карактер, меѓу кои спаѓаат и семејните односи

меѓународните инструменти (на пр. Хашката конвенција од 1970 година за признавање на разводите и правосилноста на одлуките за брачниот статус)[66].

6.4. Поведување на постапката – надлежност на судовите во Северна Македонија во врска со признавањето и извршувањето странски пресуди

Признавањето на странски судски одлуки претставува важен дел од меѓународното приватно право, особено кога се работи за одлуки донесени од странски судови во врска со личен статус на физички лица (на пример, развод на брак, утврдување на родителски права, издршка), како и во имотно-правни спорови. Законот за меѓународно приватно право од 2020 година ги утврдува правилата за тоа кој орган е надлежен за постапување по вакви барања.

Процедурата за признавање и извршување на странски судски одлуки во правниот систем на Република Северна Македонија се карактеризира со двојност во процесниот пристап, зависно од тоа дали признавањето се бара како главно барање во самостојна постапка или како претходно прашање во рамките на друга судска постапка. Оваа дистинкција е од суштинско значење за разбирањето на надлежноста на судовите, како и процесните последици од решението за признавање.

Кога признавањето на странска судска одлука се бара со посебно барање, надлежноста да постапува и одлучува ја имаат основните судови. Овие судови се надлежни поради комплексноста и интернационалниот карактер на постапките, кои често вклучуваат примена на странски правни системи и меѓународни инструменти. Во однос на месната надлежност, важи општото правило според кое надлежен е секој суд кој има стварна надлежност согласно одредбите од Законот за парнична постапка (ЗПП). Тоа значи дека местото на живеалиште, престојувалиште, седиште на странката или локацијата на имотот на кој се однесува одлуката, може да биде релевантно за утврдување на месната надлежност.

Постапката за признавање е непарнична и се иницира со посебно барање, при што судот ја оценува странската одлука низ призма на условите пропишани во ЗМПП. Одлуката што ќе се донесе во оваа постапка произведува erga omnes дејство, односно нејзините правни последици важат за сите, а не само за странките во постапката.

[66]Hague Convention on the Recognition of Divorces and Legal Separations, 1970

Покрај можноста за водење на посебна постапка, ЗМПП ја предвидува и можноста странската одлука да биде признаена во контекст на друга судска постапка, како претходно прашање. Тоа се случува во ситуации кога странска судска одлука е од значење за решавање на главното прашање во домашната судска постапка – на пример, странка во постапка за поделба на имот или за издржување се повикува на странска пресуда за развод или родителски права.

Во такви случаи, не се донесува посебно решение за признавање, туку домашниот суд може проценски и лимитирано да се изјасни за важноста на странската одлука само за потребите на конкретната постапка. Ова претставува т.н. признавање со ограничено дејство (inter partes) – таквата одлука не произведува ефекти надвор од таа постапка и не е обврзувачка за други судови или институции.

Ваквиот механизам има практична и процесна корист, особено кога итноста на постапката или нејзината природа (на пр. извршување на привремена мерка, решавање на спор околу старателство итн.) не дозволува одлагање поради водење на посебна постапка за признавање. Сепак, тој носи и одредени ризици, бидејќи неопределеноста на правните ефекти може да доведе до правна несигурност или спротивставени одлуки во иднина.

Во целина, механизмите за признавање на странски пресуди во правниот поредок на Северна Македонија овозможуваат флексибилен, но правно конзистентен пристап. Дистинкцијата помеѓу признавање како главно барање и претходно прашање овозможува соодветно прилагодување на процесот според природата на предметот и итноста на ситуацијата. Притоа, улогата на основните судови со проширена надлежност како централен форум за овие прашања обезбедува правна стручност и предвидливост, што е од суштинско значење во областа на меѓународното приватно право.

Согласно член 166 став 1 од Законот, за признавањето на странска судска одлука одлучува судија поединец на основниот суд. Со тоа, законодавецот го определува судот како надлежен орган во судска постапка, што подразбира примена на правилата од Закон за парничната постапка (ЗПП) како процесен закон, освен каде што со ЗМПП не е поинаку определено[1]. Употребата на терминот „судија поединец“ ја исклучува можноста одлучувањето да биде доверено на совет од судии или на друг судски орган (на пример, Апелационен суд), што е особено значајно за обезбедување на процесна економичност и предвидливост.

Во став 2 на истиот член, се уредува месната надлежност: „месно е надлежен секој стварно надлежен суд“. Оваа одредба овозможува одредена флексибилност, бидејќи не ја ограничува надлежноста на еден конкретен суд по територија (на пример, според местото на живеалиште на странката или местото на извршување на одлуката), туку дозволува избор меѓу повеќе месно надлежни судови, се додека се исполнети и критериумите за стварна надлежност[67].

Дополнително, оваа формулација ја рефлектира тенденцијата за поедноставување и либерализација на режимот за признавање, при што се минимизираат процесните пречки за признавање на странски одлуки, особено оние кои произлегуваат од различни судски системи.

Треба да се напомене дека постапката за признавање на странска судска одлука е неконфликтна (non-contentious), односно таа не се спроведува како редовен спор меѓу две страни, туку како декларативна постапка со која судот утврдува дали се исполнети законските услови за признавање на странската одлука (на пример, правосилност, надлежност на странскиот суд, почитување на правото на одбрана, непостоење спротивност со јавниот поредок и сл.).

6.5. Постапка за признавање на странски судски одлуки

6.5.1. Поведување на постапката

Признавањето на странски судски одлуки е централен институт во областа на меѓународното приватно право, преку кој одлуки донесени од странски судови можат да произведат правни дејства во Република Северна Македонија. Ова е особено значајно во случаите кога се работи за одлуки за развод на брак, поништување на брак или утврдување на неговото постоење/непостоење, бидејќи тие директно влијаат врз личниот статус на странките.

Членот 165 од Законот за меѓународно приватно право го утврдува процесниот механизам за признавање на странски судски одлуки, со јасно дефинирана постапка, ограничен обем на судско испитување и широка легитимација на подносителите. Примената на оваа норма е клучна во областа на семејното право, каде личниот статус на граѓаните зависи од признавањето на странските одлуки, особено во случаи на брак и развод.

[67] Види чл. 166 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

Согласно член 165 став 1 од ЗМПП, постапката за признавање на странска судска одлука се поведува со предлог. Ова значи дека иницијативата за признавање не е по службена должност, туку мора да биде поднесена од заинтересирано лице, преку писмен предлог до надлежен основен суд. Предлогот мора да содржи:

- Странската судска одлука (во оригинал или овластена копија),
- Доказ за нејзина правосилност,
- Овластен превод и, доколку е потребно, апостила или легализација,
- Документи што го потврдуваат правниот интерес на подносителот (особено релевантно кај разводите),
- Податоци за странките и кратко образложение за бараната правна последица[68].

Во став 2 се уредува обемот на судското разгледување: „Судот... ќе се ограничи на тоа да испита дали се исполнети претпоставките од членовите 159 до 163“. Тоа значи дека македонскиот суд не ја преиспитува суштината (meritum) на странската одлука, туку проверува само дали се исполнети формалните и материјалните услови за нејзино признавање, кои вклучуваат:

- Надлежност на странскиот суд
- Правична постапка и право на одбрана
- Правосилност и извршност на одлуката
- Непостоење на противна македонска одлука
- Непостоење повреда на јавниот поредок [69]

Ова е во согласност со меѓународните стандарди за признавање на странски одлуки, каде што националниот суд има декларативна функција, а не ревизорска.

Признавање на странска судска одлука во работи што се однесуваат на личната состојба (личен статус) може да бара секој кој има правен интерес[70]. Ова е од особена важност во случаи на развод на брак, бидејќи:

- Обично еден од брачните другари го поднесува предлогот со цел разводот стекнат во странство да се евидентира во македонските матични книги.
- Децата или наследниците исто така можат да имаат интерес, на пример, во постапки за наследување, издршка или определување на матичното презиме.

[68] Види чл. 165 ст.1 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)
[69] Види чл. 165 ст.2 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)
[70] Види чл. 165 ст.3 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

- Во случаи на нов брак во РСМ, потребно е претходниот развод да биде признаен, за да не настане двојна брачна состојба.

Правниот интерес не е формално дефиниран, но во судската практика тој се толкува широко и флексибилно, особено кога се работи за лични и семејни односи.

При постапка за признавање на странска одлука за развод или поништување на брак, најчести ситуации во пракса се:

- Брачен другар македонски државјанин кој склучил или развел брак во странство и сака признавање на тој развод заради внесување во матичната книга на венчаните;
- Судска одлука од ЕУ земја или трета држава што мора да се признае за странката повторно да може да склучи брак во Македонија;
- Доказ за престанок на брак заради регулирање на имотни, наследни или други обврски;
- Родителски права или издршка на деца, кои произлегуваат од развод во странство, како основа за признавање и натамошно извршување.

Согласно македонското право, не може да се склучи нов брак ако во домашните матични книги не е евидентиран престанокот на претходниот. Затоа, признавањето на странската одлука за развод претставува нужен предуслов за законска повторна склученост.

6.5.2. Услови за признавање и извршување на странски судски одлуки за кои судот внимава по службена должност

ЗМПП од 2020 година предвидува дека на повеќето услови за признавање на странските судски одлуки судот внимава по службена должност и со тоа овозможува брзо признавање засновано врз објективни околности.

Членот 159 од ЗМПП претставува клучна процесна и формална бариера за признавање на странски судски одлуки, бидејќи без валидна потврда за правосилност и (по потреба) извршност, не може да се дозволи трансфер на странски правен акт во македонскиот правен поредок. Неговата примена е од особена важност во семејноправната материја, особено кај разводи, постапки за издршка и постапки за поделба на имот по престанок на бракот. Овој член ги утврдува основните формални претпоставки што мора да бидат исполнети за странската одлука да може да се признае,

а доколку е побарано, и да се изврши. Тоа се однесува на: доказ за правосилност, доказ за извршност (по потреба) и заверен превод, ако документот не е на македонски јазик.

Странката која поднесува предлог за признавање на странска судска одлука има обврска да приложи: оригиналот на судската одлука или нејзин заверен препис и потврда за правосилност издадена од надлежен суд или друг надлежен орган на државата во која е донесена одлуката[71]. Оваа обврска има формално-правен карактер и е од суштинско значење за да се утврди дека странската одлука веќе ги има завршено сите инстанциони постапки во матичната држава и дека таа не подлежи на жалба, ниту е суспендирана. Со тоа се гарантира дека македонскиот суд ќе постапува само по конечни одлуки кои имаат дејство *res iudicata*.

Ова особено е важно кај одлуки за развод на брак или утврдување на родителски права, бидејќи тие одлуки непосредно влијаат врз личниот и семејниот статус на странките. На пример, македонските матични книги не можат да евидентираат развод стекнат во странство, сè додека не се поднесе правосилна странска судска одлука, признаена според македонското право.

Кога странката бара признавање на извршноста на странска судска одлука, покрај доказот за правосилност, потребна е и посебна потврда за извршност. Извршноста значи дека странската одлука може фактички да се принудно изврши, односно да се побара извршување преку извршители, конфискација, уплата на средства и сл. Потврдата за извршност мора да покаже дека одлуката може да се спроведе без потреба од дополнителни постапки во странство, што значи дека нејзиниот извршен ефект е веќе настанат во земјата на потекло.

Доколку странската судска одлука или нејзиниот заверен препис не е на јазик што е во службена употреба во Република Северна Македонија (македонски јазик), подносителот мора да приложи заверен превод. Преводот треба да биде извршен од овластен судски преведувач, целосен, а не селективен и да биде идентичен на оригиналот во поглед на суштината. Во спротивно, судот може да ја отфрли пријавата како неуредна.

Признавањето на странски судски одлуки во Република Северна Македонија е подложено на проверка дали странскиот суд имал надлежност според критериумите признаени од македонскиот правен поредок. Една од клучните пречки за признавање, согласно член 160 од ЗМПП, се јавува кога се утврдува дека во конкретниот спор

[71] Види чл.159 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

постои исклучива надлежност на суд или друг орган на Република Северна Македонија, а странскиот суд сепак донел одлука[72].

Исклучивата надлежност претставува правна категорија во која само домашните судови имаат право да постапуваат и да одлучуваат по одреден вид спорови. Тоа значи дека, без оглед на согласноста на странките, ниту еден странски суд не може валидно да постапува по ваков спор. Причината за тоа лежи во заштитата на јавниот интерес, суверенитетот на државата, како и во потребата од еднообразно и доследно уредување на одредени правни односи.

Во правната теорија, исклучивата надлежност се поврзува со форумот на lex fori, т.е. приматот на домашниот правен систем да одлучува за прашања кои имаат значајна територијална, јавна или институционална врска со државата. Таквите прашања не се препуштаат на судовите на други држави, дури и кога одлуката може да биде правично донесена.

Оваа позиција се совпаѓа со правото на многу европски држави, кои ги предвидуваат прашањата поврзани со статусот на граѓаните, јавното уредување, и регистрацијата на лични состојби како исклучиво во надлежност на домашните судови Во рамките на постапките за брак и развод, македонските судови најчесто не се сметаат исклучиво надлежни. Тоа значи дека странска судска одлука за развод на брак, склучен во странство, може да се признае, освен ако се работи за брак склучен пред орган во РСМ, каде поништувањето или утврдувањето на неважноста може да вклучи регистарски аспекти или пак странскиот суд решил за ефекти кои директно се во спротивност со јавниот поредок на РСМ, што индиректно може се поврзе со прашања од исклучива надлежност (на пр., старателство над дете со државјанство на РСМ без соодветна примена на домашното право).

Една од значајните новини кои ги воведува Законот за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија од 2020 година во делот на признавање и извршување на странски судски одлуки е т.н. „принцип на огледало“. Овој принцип претставува инструмент за спречување на прекумерна надлежност на странски судови и гарантира заштита на суверенитетот и правниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно ЗМПП, странска судска одлука нема да се признае ако надлежноста на странскиот суд била заснована врз околности кои не би биле доволни за да се заснова

[72] Види чл.160 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

надлежност на судовите на Република Северна Македонија во слични случаи со меѓународен елемент.[73] Овој механизам дејствува како огледало на македонските правила за меѓународна судска надлежност — признавање е можно само ако странскиот суд одлучувал врз основа на правила на надлежност кои се компатибилни со македонските критериуми.

Принципот на огледало има двојна функција: заштита од арбитраност на странските судови кои би можеле да постапуваат и да одлучуваат во ситуации во кои македонските судови, според националното право, не би се сметале за надлежни и усогласување со стандардите на правична постапка и со очекувањата на странките во прекугранични односи.

Во контекстот на меѓународните бракови и разводи, примената на принципот на огледало е особено значајна. На пример, ако странски суд донел пресуда за развод врз основа на слабо релевантна врска (на пр. државјанство на еден од брачните другари без други конекции со државата на судењето), македонскиот суд може да ја одбие признавањето на таа одлука доколку според членовите 75-77 од ЗМПП таквата врска не би била доволна за да се заснова меѓународна надлежност на домашните судови.

На пример, македонскиот закон дозволува надлежност на судот ако едниот од брачните другари е државјанин на РСМ или ако обајцата имале заедничко живеалиште во РСМ пред поднесување на тужбата. Ако странскиот суд, напротив, одлучувал само врз основа на моменталниот престој од неколку месеци без постојан карактер, тогаш тоа би било спротивно на домашниот пристап и би значело дека не е исполнет принципот на огледало.

Овој принцип делува како негативна претпоставка во постапката за признавање. Тој не бара активно докажување, туку судот по службена должност треба да провери дали надлежноста на странскиот суд е заснована на критериуми што се прифатливи според македонското меѓународно приватно право.Така, ако странскиот суд постапувал врз основа на критериуми кои не би биле доволни да се активира надлежноста на судовите на РСМ, признавањето ќе биде одбиено, дури и ако не постојат други пречки, како што се повреда на јавниот поредок или нееднаквост во постапката.

Во членот 162 ст.1 од ЗМПП пак се утврдува дека :“странската судска одлука нема да се признае:ако суд или друг орган на Република Северна Македонија веќе донел правосилна одлука во иста правна работа, или ако во РСМ веќе е признаена

[73] Чл.161 од ЗМПП од 2020 година

странска судска одлука донесена во истата работа и меѓу истите странки“[74].

Ова претставува класична примена на доктрината на res judicata (решена работа), која го штити домашниот правен поредок од ситуација на двојно регулирање или конфликт меѓу судски одлуки. Во контекст на меѓународни бракови, ова правило има особена важност. На пример, доколку едниот брачен другар веќе добил правосилна пресуда за развод од суд во Северна Македонија, судот ќе ја одбие можноста за признавање на странска одлука за истиот развод меѓу истите лица, и обратно.

Ова има цел да се заштити статусот на личноста (лична состојба) и да се спречи правна несигурност, како на пример ситуација во која едно лице би било истовремено признаено како разведено и како во брак, по различни правни режими.

Ставот 2 од истиот член предвидува дека:„ судот ќе запре со постапката за признавање на странска судска одлука ако:пред суд на РСМ е во тек порано поведена постапка за иста правна работа и меѓу истите странки сè до нејзиното правосилно завршување“[75].

Оваа одредба претставува правна реакција на паралелни постапки и е насочена кон избегнување на правна конкуренција и колизија меѓу одлуки. На пример, ако брачниот другар веќе покренал постапка за развод во Северна Македонија, а другиот во меѓувреме добил странска пресуда за развод и бара нејзино признавање, тогаш домашниот суд ќе ја прекине постапката за признавање сè додека не заврши домашната бракоразводна постапка. Со тоа се штити надлежноста на домашните судови и се обезбедува приоритет на веќе започната домашна постапка.

Овие одредби не само што имаат процесен карактер, туку ја рефлектираат и обврската за почитување на правото на фер и правично судење. Признавање на странска пресуда во ситуација кога во домашниот правен систем постои веќе донесена или започната постапка би значело и повреда на начелото на предвидливост и правна сигурност, кое е клучно за заштита на странките во семејноправни спорови.

Во системот на меѓународно приватно право, јавниот поредок (ordre public) претставува ограничувачки корективен принцип, кој овозможува државата да одбие примена или признавање на странски правен акт или судска одлука, доколку истите се во фундаментална спротивност со темелните начела и вредности на домашниот правен поредок.

[74]Види чл.162 ст.1 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)
[75] Види чл.162 ст.2 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

Според член 163 од ЗМПП,:„Странската судска одлука нема да се признае, ако дејството на нејзиното признавање очигледно е во спротивност со јавниот поредок на Република Северна Македонија.“[76]Оваа одредба е од императивен карактер и се применува исклучиво во исклучителни случаи, кога признавањето на одлуката би довело до повреда на основните уставни и морално-правни начела на правниот систем на Република Северна Македонија.

Во областа на меѓународните бракови и разводи, повикувањето на јавниот поредок најчесто се јавува во следниве ситуации:1. Признавање на странски развод што е спротивен на основните принципи за еднаквост и правична постапка, 2. Признавање на полигамен брак, 3. Признавање на развод во кој не се заштитени интересите на децата и други.

6.5.3. Услови за кои судот внимава по приговор на странките

Можноста да се одбие признавање странска одлука по приговор на странките во ЗМПП од 2020 година е сведена на минимално ниво, и тоа само во ситуациии на сериозни повреди на процесните права, со посебен акцент на повредата на правото на одбрана од страна на странските судските органи.Во ЗМПП од 2020 година, во членот 164 се предвидени три ситуации кога судовите ќе одбијат признавање и извршување странска пресуда по приговор на странката во врска со повреда на правото на одбрана:„ поради неправилности во постапката, странката (во главната постапка) немала можност да учествува во неа; или поканата, тужбата или решението со кое е започната постапката не ѝ биле лично доставени, односно дека воопшто немало ниту обид за лична достава, освен ако на кој било начин се впуштила во расправање за главната работа во првостепената постапка; или не ѝ било оставено доволно време за подготвување на својата одбрана од моментот на доставување на исправата за започнување на постапката до закажувањето на расправата“.[77]

Овие ситуации, доколку се докажат, претставуваат пречка за признавање на странската одлука, бидејќи се оценува дека истата е донесена во постапка што не ги задоволува стандардите на фер судење според меѓународното право (вклучително и член 6 од Европската конвенција за човекови права).

[76] Види чл.163 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)
[77] Види чл.164од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

Во областа на меѓународните бракови и разводи, овие услови имаат посебна тежина, бидејќи често странките живеат во различни држави и постои ризик од неуредна достава на судски документи, бракоразводните постапки неретко се покренуваат без знаење на едниот брачен другар, особено кога странките се во лоша комуникација или едниот брачен другар ја користи географската дистанца како правна предност и може да се случи разводот да се изрече во држава каде што важат поинакви процесни гаранции, што значи дека странската одлука можеби е донесена во постапка што не ги почитува минималните стандарди на правичност.

На пример, ако еден македонски државјанин се развел во странство, а неговиот брачен другар не бил правилно известен за постапката или не му било дозволено да се брани, тогаш македонскиот суд ќе одбие признавање на таа одлука, сè додека не се докаже дека условите за фер постапка биле исполнети.

Во практика, судовите во Република Северна Македонија се обврзани да ја применат оваа одредба само доколку странката поднесе приговор и навремено ја докаже повредата. Тоа значи дека товарот на докажување паѓа на онаа страна што тврди дека нејзиното право на одбрана било нарушено. Судот не постапува по службена должност во овие случаи, туку само по барање на странките.

Овој пристап е усогласен и со меѓународните стандарди и конвенции, како што е Конвенцијата од Хаг од 1970 година за признавање и извршување на странски судски одлуки во граѓански и трговски работи, како и Европската конвенција за човекови права, каде што правото на фер судење е заштитено во секоја фаза од постапката.

6.5.4. Тек на постапката по предлог за признавање странска судска одлука за развод на брак

Постапката за признавање на странска судска одлука, особено кога станува збор за развод на брак, претставува значаен сегмент во примената на меѓународното приватно право, имајќи го предвид сè поголемиот број на бракови со странски елемент. Член 168 од Законот за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија го регулира формалниот тек на оваа постапка, обезбедувајќи процесна рамка за судската одлука донесена од странски суд да произведе правно дејство во правниот поредок на Северна Македонија[78].

[78] Види чл.168 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

Постапката започнува со поднесување на предлог за признавање од страна на заинтересирана странка – најчесто тоа е едниот од поранешните брачни другари, кој сака одлуката за развод донесена од странски суд да биде признаена во РСМ, со цел таа да предизвика правно дејство (на пример, заради ново склучување брак или заради уредување на лични и имотни односи).

На пример македонска државјанка, која живеела и се развела во Германија од германски државјанин, може да поднесе предлог до Основниот граѓански суд во Скопје како стврано и месно надлежен суд за признавање на одлуката за развод донесена од германскиот суд.

Доколку судот утврди дека се исполнети сите формални и суштински услови за признавање според членовите 160–167 од ЗМПП тој донесува решение со кое ја признава странската судска одлука. Ова решение има декларативна природа – признава веќе донесена одлука, без повторно разгледување на нејзината материја.По донесувањето на решението за признавање, судот е должен да го достави до спротивната странка, односно до другите учесници во странската постапка, и да ги поучи дека имаат право на приговор во рок од 30 дена од денот на приемот.Правото на приговор има процесна и заштитна функција: спротивната странка може да укаже дека постојат пречки за признавање, како на пример дека не била уредно известена за странската постапка, дека одлуката е спротивна на јавниот поредок, дека нејзините права биле повредени во странската постапка, итн. На пример македонски државјанин поднел предлог за признавање на одлука за развод донесена во Швајцарија. Спротивната странка – швајцарска државјанка, поднесува приговор тврдејќи дека не била уредно известена за постапката, па судот го одбива признавањето согласно член 165 од ЗМПП.

Член 168 став 3 воведува исклучок од обврската за доставување на решението за признавање до спротивната странка, во случаи кога се исполнети следните кумулативни услови: се работи исклучиво за развод на брак; барањето за признавање го поднесува лице кое е државјанин на Република Северна Македонија и спротивната странка не е државјанин на РСМ и нема живеалиште ниту вообичаено престојувалиште во РСМ. Целта на овој исклучок е да се спречи непотребно одолговлекување и непотребна правна формалност, кога спротивната странка нема никаква врска со РСМ и не постојат реални процесни интереси за доставување и приговор.На пример

македонска државјанка која живее во Австралија поднесува барање за признавање на одлуката за развод донесена од австралиски суд. Нејзиниот поранешен сопруг е австралиски државјанин и никогаш не живеел во РСМ. Судот донесува решение за признавање без да го достави до него, согласно став (3) од член 168.

Со признавањето, странската одлука има иста правна сила како домашна судска одлука, и може да се користи за: упис на разводот во матичната книга на венчаните; склучување нов брак или за спроведување други постапки (на пример, поделба на имот во Македонија или утврдување на родителска надлежност, ако таа е одлучена во странската одлука).

По донесување на решението за признавање, спротивната странка има право на приговор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението[79]. Приговорот претставува редовен правен лек со кој се активира преиспитување на првичното решение, и е од суштинско значење за заштита на правото на правично судење и процесна еднаквост. На пример ако едниот поранешен брачен другар смета дека странската одлука за развод е донесена без негово уредно известување (на пример, без превод или без можност за одбрана), тој има право да поднесе приговор, барајќи судот да ја преиспита одлуката за признавање.

Според член 169, по приговорот одлучува судот кој го донел решението за признавање, но во состав од тројца судии. На тој начин се обезбедува поголема правна гаранција и независна проценка, преку зголемување на бројот на судии и колегијално одлучување. Овој модел претставува отстапување од првичната постапка, во која најчесто судот постапува во состав од еден судија (судија поединец). Преминувањето во колегијален состав има за цел да се зголеми тежината и валидноста на одлуката што ќе се донесе по приговорот. Законот изречно предвидува дека судот одлучува по приговорот по одржано рочиште. Оваа одредба има неколку важни последици: овозможува странките да бидат сослушани во живо, со што се зајакнува правото на одбрана; судот може непосредно да ги испита фактите и доказите кои странките ги изнесуваат во прилог на своите тврдења и обезбедува транспарентност и процесна правичност.

Одлуката што ја донесува судот по приговорот има декларативна природа и истата претставува судска одлука против која странките може да поднесат жалба до повисок суд, согласно општите правила за правна заштита.

[79] Види чл.169 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

Оваа фаза од постапката овозможува: контрола на првостепената одлука, вградување на второ ниво на судска проверка, без неопходност веднаш да се премине на жалбена постапка и дополнителна гаранција за ефективна заштита на интересите на странките, особено кај сензитивни прашања како развод, родителска грижа и семејни односи.

Постапката за признавање на странска судска одлука, особено кога станува збор за лични и семејни односи како што се развод на брак, старателство, издршка и слично, не завршува со првостепеното решение на основниот суд. Законот за меѓународно приватно право, преку член 170, предвидува трет правен степен на заштита – можност за жалба до апелационите судови, која претставува последната редовна фаза во оваа постапка.[80]

Третата фаза има за цел да обезбеди целосна судска контрола врз процесот на признавање. Таа се активира во две ситуации:кога првостепениот суд го одбил предлогот за признавање и кога судот донел одлука по приговор без оглед дали го уважил или одбил приговорот. Во двата случаи, странката има право на жалба до надлежниот апелационен суд, како второстепен суд со материјална и процесна надлежност да ја преиспита законитоста и правилноста на решението.

Жалбата треба да се поднесе во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката од страна на странката. Се работи за субјективен рок, кој е краток, но доволен, имајќи предвид дека постапката за признавање е дел од неспорна судска постапка. Ако жалбата се поднесе по истекот на 15 дена, таа ќе биде отфрлена како ненавремена.

Апелациониот суд има овластување да ја испита: законитоста на првостепената одлука (дали судот правилно го применил ЗМПП); процесната правилност (дали постапката е спроведена со почитување на правото на странките да бидат сослушани) и материјалната основа за признавање или одбивање на признавањето (дали странската судска одлука исполнува критериуми како: надлежност, конечност, јавен поредок, известување на странките и сл.). Во зависност од наодите, апелациониот суд може: да ја потврди одлуката на првостепениот суд, да ја преиначи и да ја укине и да го врати предметот на повторно одлучување.

Вградувањето на третата фаза преку жалба има две клучни функции: правна сигурност: се обезбедува финална контрола на одлуката што има прекугранични последици и заштита на странките: особено важно кај семејни спорови, бидејќи тие

[80] Види чл.170 од Законот за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)

директно го засегаат личниот статус, правото на повторен брак, родителски односи, итн. Преку оваа фаза се обезбедува не само второстепена контрола, туку и целосна правна и процесна заштита на странките. Особено во семејноправната сфера, каде што признавањето на странска одлука за развод, старателство или издршка може значително да влијае врз правниот статус на лицата, третата фаза има клучна улога во обезбедувањето на правична, предвидлива и правно стабилна разрешница.

Во рамките на европското контекстуално право, оваа жалбена фаза е усогласена со минималните стандарди на фер судење и со компаративните решенија во земјите од ЕУ.

6.5.5 Судска практика по предлог за признавање странска судска одлука

Судската пракса има клучна улога во развојот и изедначувањето на примената на нормите за признавање на странски одлуки. Анализата на конкретни судски одлуки овозможува увид во начинот на кој судовите во Северна Македонија пристапуваат кон прашања како што се: правосилноста на странската одлука, нејзиното донесување во рамки на надлежноста на странскиот суд, односот со веќе поведени постапки пред домашните судови, како и потенцијалното прекршување на основните начела на домашниот правен поредок.

Во овој дел од трудот ќе биде претставена анализа на релевантни примери од судската пракса во Република Северна Македонија, со цел да се прикаже не само практичната примена на законските норми, туку и предизвиците со кои се соочуваат странките и судовите при толкувањето и примената на правилата за признавање.

Еден илустративен пример за начинот на кој судовите во Република Северна Македонија ги применуваат законските одредби за признавање на странски судски одлуки е одлуката на Основниот суд во Штип, Псо.бр. 10/22. Во конкретниот предмет, судот го одби предлогот за признавање на странска судска одлука со образложение дека подносителот не ја доставил странската одлука во оригинал или во заверен препис, како што тоа експлицитно го бара членот 159 од Законот за меѓународно приватно право (Сл. сник на РСМ бр. 32/2020). Според судот, отсуството на ваква формална документација претставува процесна пречка која го онеспособува судот да постапува по суштината на барањето.

Со пресудата ГЖ.бр. 178/23 од 5 април 2023 година[81], донесена од страна на Апелациониот суд Штип, првостепената одлука е потврдена. Второстепениот суд ја прифати аргументацијата на Основниот суд, нагласувајќи дека исполнувањето на формалните предуслови претставува conditio sine qua non за воопшто да се пристапи кон материјалната оценка на условите за признавање, како што се постоењето на правосилност, надлежноста на странскиот суд или почитувањето на јавниот поредок.

Овој случај недвосмислено ја потврдува позицијата на македонската судска практика дека формалната исправност на поднесоците и приложените документи е основен предуслов за водење на постапката за признавање. Притоа, судовите покажуваат рестриктивен пристап во однос на недоставување оригинал или заверен препис на странската одлука, без можност за надоместување на тој недостаток преку дополнителни изјави или уверувања. Таквиот пристап има за цел да обезбеди правна сигурност и автентичност на странската одлука, што е од особена важност во прекуграничните постапки, каде што довербата во странските правосудни органи мора да се поткрепи со докази за формалната валидност на нивните одлуки.

Во предметот Псо.бр. 2/22, решаван од Основниот суд во Штип со одлука од 28 декември 2022 година, предлогот за признавање на странска судска одлука е отфрлен поради непостоење на еден од задолжителните формални елементи предвидени со Законот за меѓународно приватно право. Имено, судот утврдил дека и по дадената можност за уредување на предлогот, предлагачот не го надополнил истиот на начин што не доставил доказ за правосилност и извршеност на странската одлука чие признавање се бара. Отсуството на ваква потврда, односно доказ, претставува процесна пречка што оневозможува судот да премине на оценка на материјалните услови за признавање.

Жалбата на предлагачот е одбиена како неоснована со одлука на Апелациониот суд Штип ГЖ.бр. 212/23 од 28 април 2023 година[82], со што е потврдена правилноста на првостепената постапка и заклучоците на Основниот суд. Апелациониот суд исто така ја потенцирал важноста на докажаната правосилност на странската пресуда, оценувајќи дека без неа не може да се утврди дали пресудата е способна да произведе правно дејство во домашниот правен поредок.

Во предметот ВПП.бр. 361/22, решаван од Основниот граѓански суд Скопје со одлука од 3 октомври 2022 година, судот го отфрлил предлогот за признавање на

[81] Одлуки на судови [последно пристапено на ден 05.08.2025 година]
[82] Одлуки на судови [последно пристапено на ден 05.08.2025 година]

странска судска одлука поради непостоење на задолжителен доказ за правосилност на странската пресуда. И покрај тоа што предлогот бил уредно поднесен во однос на другите елементи, отсуството на доказ за конечноста на странската одлука било доволна причина судот да ја одбие можноста да се впушти во натамошна анализа на предлогот.Според Основниот граѓански суд Скопје со оглед дека предлагачот во законски определениот рок од страна на судот го вратил поднесокот но без бараната исправка поточно не доставил оригинал од странската судска одлука со потврда на правосилност, напротив доставената странска судска одлука во списите на предметот која е во оригинал е сочинета од три страни и истата нема потврда на правосилност, биле исполнети условите за орфлање на предлогот

Отсуството на ваква потврда во конкретниот случај, и покрај дадената можност за дополнување, претставувало формален недостаток што онеспособува понатамошно постапување по суштината на предметот.

Одлуката на првостепениот суд била потврдена со второстепената пресуда на Апелациониот суд Скопје, ГЖ.бр. 3547/22 од 10 мај 2023 година[83]. Апелациониот суд целосно ја прифатил аргументацијата дека доказот за правосилност е conditio sine qua non за признание, и дека неговото недоставување води до неизбежно отфрлање или одбивање на предлогот. Второстепениот суд исто така укажал на важноста од строго почитување на процесната дисциплина и обврската на странката да обезбеди целосна и формално исправна документација.

Овој случај е уште еден потсетник на ригидноста на македонската судска пракса кога станува збор за процесните предуслови за признавање на странски судски одлуки. Судовите не толерираат пропусти во поглед на доставата на формално потребните документи, како што е доказот за правосилност, бидејќи токму тој е гаранција дека странската одлука може да произведе правни дејства во правниот поредок на Република Северна Македонија. Правилната и доследна примена на овие формални барања ја зацврстува правната сигурност, но истовремено упатува на потребата странките да се информираат за техничките и материјалните услови при поднесување на предлози за признавање.

Во предметот Псо.бр. 16/19, решаван од Основниот суд Струмица со одлука од 29 август 2019 година, судот го отфрлил предлогот за признавање на странска судска одлука, со образложение дека документите доставени од предлагачот не ги исполнуваат

[83] Одлуки на судови[последно пристапено на ден 05.08.2025 година]

формалните предуслови предвидени со важечкото законодавство. Поточно, кон предлогот биле приложени странска пресуда и апостил, но апостилот не бил нотарски заверен, што според судот претставувало формален недостаток кој онеспособува натамошна процесна оцена на предметот.

Судот својата одлука ја темелел на тогаш важечкиот ЗМПП особено на одредбите од чл.101 кои се однесуваат на потребните прилози за признавање на странска судска одлука. Иако во самата пресуда и апостил се содржани суштински релевантни информации, недостатокот на нотарска заверка на апостилот бил третиран како формална пречка.

Апелациониот суд Штип, постапувајќи по жалба на предлагачот, со одлука ГЖ.бр. 800/19 од 23 септември 2019 година[84], ја потврдил одлуката на првостепениот суд. Во образложението, второстепениот суд се повикал на строго толкување на формалните барања за валидност на документацијата, оценувајќи дека непостоењето на заверка од надлежен орган (нотариус) го нарушува интегритетот и автентичноста на документот. Според мислењето на судот, заверката е нужна за да се обезбеди правна сигурност и да се потврди дека документот е издаден во согласност со правниот поредок на државата на потекло.

Во предметот Псо.бр. 21/24, решаван од Основниот суд Струмица со одлука од 16 јули 2024 година, судот го одбил предлогот за признавање на странска судска одлука за развод на брак поради сериозни недостатоци во поднесената документација. Имено, од страна на предлагачот биле приложени одредени писмени докази, но од нив не можело со сигурност да се утврди бројот на пресудата, ниту нејзината правосилност и извршност, ниту пак дали истите се однесуваат токму на конкретната пресуда за развод на брак со взаемна согласност. Во овој случај постоела нејаснотија во поглед на идентитетот на документите, односно дали тие навистина се однесуваат на пресудата која се сака да се признае.

Апелациониот суд Штип, одлучувајќи по жалбата, со пресуда ГЖ.бр. 433/24 од 28 октомври 2024 година[85], ја потврдил одлуката на првостепениот суд. Второстепениот суд истакнал дека судот не смее да се впушта во суштинска оценка на странска одлука доколку идентификацијата на одлуката не е јасна и недвосмислена, или ако не е обезбедена нејзина правна сигурност преку потврда за правосилност и/или

[84] Одлуки на судови [последно пристапено на ден 05.08.2025 година]

[85] Одлуки на судови [последно пристапено на ден 05.08.2025 година]

извршност. Овој случај укажува на една важна димензија во постапката за признавање на странски судски одлуки: не само што документите мора формално да ги исполнуваат законските барања, туку и нивната содржина мора јасно и недвосмислено да ја потврдува одлуката што се признава. Недоволната идентификација на документите или отсуството на врска меѓу нив и одлуката за која се бара признавање, претставува материјален и процесен недостаток што води до одбивање на предлогот. Судската практика со ваквиот пристап го штити домашниот правен поредок од евентуални злоупотреби и несигурност во признавањето на странски одлуки.

Преку горенаведенета судска практика, се потврдува начелото дека признанието на странска одлука не е можна без претходно утврдување на нејзината конечност и правна сила, со цел да се заштити правната сигурност и да се избегне паралелно дејствување на одлуки кои не се конечно решени во странство.

И покрај доминантниот формалистички пристап во судската пракса во Република Северна Македонија при одлучување по предлози за признавање на странски судски одлуки, постојат и случаи во кои предлогот е уважен, кога странката уредно ја исполнила доказната и формалната обврска во согласност со Законот за меѓународно приватно право (ЗМПП). Таков е предметот ПСО.1/21 на Основниот суд во Кочани, решен со одлука од 10 март 2021 година, со која судот го уважил предлогот за признавање на странска судска одлука. Постапувајќи по жалба Апелациониот суд Штип, со решение ГЖ.бр. 262/21 од 16 април 2021 година[86], ја потврдил првостепената одлука, прифаќајќи ја аргументацијата дека се исполнети сите предуслови за признавање предвидени во ЗМПП („Службен весник на РСМ“ бр. 32/2020). Овој предмет е важен пример дека, кога се исполнети сите формални и суштински услови, судовите постапуваат позитивно по барањето за признавање. Овие случаи ја покажуваат балансираната примена на ЗМПП и укажуваат дека правната рамка не е сама по себе рестриктивна, туку бара дисциплиниран и целосен пристап од странките во поглед на подготовката на поднесоците и прилозите.

Во моментот не постои јавно достапна, официјална и сеопфатна статистика за тоа колкав е вкупниот број на поднесени предлози за признавање на странски судски одлуки и колку од нив се одбиваат или отфрлаат од судовите во Република Северна Македонија. Судскиот совет на РСМ или Министерството за правда повремено објавуваат општи статистики за работата на судовите, но не водат посебна категорија за предмети

[86] Одлуки на судови [последно пристапено на ден 05.08.2025 година]

од областа на меѓународно приватно право или конкретно за признавање на странски судски одлуки.Единствен начин да се добие ваква прецизна статистика е преку барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до: основните судови, апелационите судови или Министерството за правда на РСМ.

Иако не постојат официјални статистички податоци за процентот на отфрлени или одбиени предлози за признавање на странски судски одлуки во Република Северна Македонија, анализата на достапната судска пракса укажува на значаен број на случаи во кои постапките не завршуваат со признавање. Најчеста причина за тоа се формални недостатоци, како што се недоставување на доказ за правосилност, неизвршена нотарска заверка на приложените документи или недоволна јасност во идентификацијата на странската одлука. Ова упатува на заклучок дека судовите применуваат рестриктивен и формалистички пристап, што создава потреба за поголема правна едукација на странките и нивните застапници при поднесување на вакви предлози.

При изработката на овој труд беше спроведена анкета на тема: „Постапка за признавање на странски судски одлуки во семејноправната област“(Прилог бр.2), со цел да се добие мислење од судии и адвокати кои практично се вклучени во примената на одредбите од меѓународното приватно право и семејното право. Фокусот на анкетата беше ставен на идентификување на актуелните предизвици, толкувачките дилеми и потребата од законски и процедурни подобрувања во областа на признавање на странски одлуки за брак и развод на брак.


Анкетата опфати прашања поврзани со: зачестеноста на предмети за признавање странски одлуки, земјите од каде најчесто потекнуваат странските судски одлуки, најчестите формални недостатоци во документацијата, специфични проблеми при примената на Законот за меѓународно приватно право од 2020 година, времетраењето на постапката, како и предлози за измена или унапредување на законската и подзаконската рамка.

Резултатите од анкетата покажаа дека судиите и адвокатите често се соочуваат со недоволно прецизни или нецелосни странски документи, како и со проблеми во однос на веродостојноста, преводот и легализацијата на странските судски одлуки. Дополнително, беше истакната потребата од поголема јасност во критериумите за признавање, особено во контекст на јавниот поредок, како и од пообемна меѓусекторска и меѓународна соработка, особено со државите со кои Република Северна Македонија нема билатерални договори.

Анкетата исто така укажа на постоење на разлики во праксата помеѓу одделни судови, што резултира со правна несигурност и потреба од уедначување на судската практика. Одреден број испитаници посочија дека позитивен придонес би имала изработка на упатства или интерни протоколи за судовите, како и дополнителни обуки за судии и адвокати кои работат во оваа материја.

Заклучоците добиени од анкетата претставуваат значаен емпириски влог во анализата на правните и практичните предизвици во постапката за признавање странски судски одлуки и се вградени во понатамошната разработка и препораките на овој труд.


Така на прашањето: „Колку често сте учествувале во постапки за признавање на странски судски одлуки во врска со брак или развод?“ од анкетата спроведена меѓу 10 испитаници – судии и адвокати – произлегува дека најголем дел од нив имаат искуство со постапки за признавање на странски судски одлуки во врска со брак или развод. Поточно, 40% одговориле дека повремено учествуваат, а 30% дека често учествуваат во вакви постапки. Ова укажува на релативно високо ниво на застапеност на вакви случаи во нивната професионална практика.Од друга страна, 20% од испитаниците ретко се среќаваат со вакви предмети, додека само 10% никогаш не учествувале во таква постапка. Тоа значи дека дури 90% од анкетирани правници имаат директно искуство со оваа проблематика, што укажува на актуелност и значење на темата во правната практика.



Слика 5. Учество на судии и адвокати во постапки за признавање на странски судски одлуки во врска со брак или развод

На прашањето: „Од кои држави најчесто потекнуваат странските судски одлуки што се бараат за признавање во Република Северна Македонија?“, 10 испитаници (судии и адвокати) дале следни одговори: Србија ја навеле 7 испитаници (70%), Бугарија ја навеле 4 испитаници (40%), Германија ја навеле 5 испитаници (50%), Италија – ја навеле 3 испитаници (30%) и Швајцарија ја навеле 2 испитаници (20%).

На прашањето пак:„Дали, според Вашето искуство, постапката за признавање е доволно јасно регулирана со Законот за меѓународно приватно право од 2020 година?„ од анкетата спроведена меѓу 10 судии и адвокати, само 20% одговориле дека постапката е доволно јасно регулирана, додека мнозинството, односно 50%, сметаат дека постапката е регулирана делумно. Исто така, 20% од испитаниците сметаат дека не е доволно јасно регулирана, а 10% немаат став по ова прашање.




Слика 6. Перцепција на испитаниците за јасноста на регулираноста на постапката за признавање според Законот за меѓународно приватно право од 2020 година

Анализата на одговорите на 10 испитаници (судии и адвокати) покажува дека најчестите процесни и правни пречки при признавање на странски судски одлуки за развод на брак во Република Северна Македонија се разновидни и опфаќаат повеќе сегменти на постапката. Најголем број од испитаниците – 7 од 10 (70%) – ја посочиле повредата на правото на одбрана на странката во странската постапка како сериозна пречка, бидејќи директно влијае врз почитувањето на основните принципи на фер судење и правна сигурност. 6 од 10 (60%) испитаници истакнале недостаток од доказ за конечност на странската одлука, што го оневозможува нејзиното признавање во домашниот правен систем. Понатаму, 5 од 10 (50%) одговориле дека се соочиле со проблеми со легализација или апостил на одлуката, додека 4 од 10 (40%) навеле недоволна соработка со странските институции како фактор што предизвикува одложувања и административни тешкотии. 4 од 10 (40%) испитаници исто така истакнале непостоечка или нецелосна преведена документација, што ја отежнува проценката на содржината и правното дејство на одлуката. Помал дел, 3 од 10 (30%), го посочиле потенцијалниот судир со јавниот поредок на Република Северна Македонија како пречка, особено во ситуации кога одлуката содржи одредби спротивни на темелните вредности заштитени со домашниот правен поредок. Најмал број – 2 од 10

(20%) – навеле недостаток на правна основа за признавање (поради отсуство на билатерален договор или принцип на реципроцитет).

Анализата на одговорите на испитаниците (судии и адвокати) во врска со времетраењето на постапката за признавање на странска судска одлука во Република Северна Македонија покажува дека во најголем број случаи оваа постапка се одвива во период од 1 до 3 месеци. Конкретно, 5 од 10 испитаници (50%) го посочиле овој временски интервал како најчест во нивната практика.Понатаму, 2 од 10 испитаници (20%) изјавиле дека постапката завршува за под 1 месец, што укажува на случаи со комплетна и уредна документација и без процесни пречки. 2 испитаници (20%) навеле дека времетраењето најчесто е 3 до 6 месеци, што обично се должи на потребата од дополнителни докази, преводи или потврди од странските институции. Најмал дел, 1 испитаник (10%), посочил дека постапката може да трае и над 6 месеци, особено во ситуации со сложени случаи или кога е потребна меѓународна правна помош.




Слика бр.7 : Времетраењето на постапката за признавање на странска судска одлука во Република Северна Македонија

На прашањето: „Колку често странките не успеваат да обезбедат доказ за конечност на странската судска одлука?“ испитаниците одговориле на следниов начин: често – 4 од 10 испитаници (40%), повремено – 3 од 10 испитаници (30%), ретко – 2 од 10 испитаници (20%) и никогаш – 1 од 10 испитаници (10%).

На прашањето, пак: „Во која мера судиите се повикуваат на јавниот поредок како причина за одбивање на признавање на странска судска одлука?“ испитаниците одговориле:често – 1 од 10 испитаници (10%), повремено – 4 од 10 испитаници (40%), ретко – 3 од 10 испитаници (30%) и никогаш – 2 од 10 испитаници (20%).

Резултатите од анкетата со 10 испитаници за прашањето: „Дали сметате дека би бил корисен централен електронски регистар или база на податоци за признаени странски одлуки?“ со „Да“ одговориел 8 од 10 испитаници (80%), со „Не“ 1 од 10 испитаници (10%) и „Можеби“ 1 од 10 испитаници (10%).



Слика бр.8:„Потреба од централен регистар на признаени странски одлуки“

Резултатите од анкетата со 10 испитаници укажуваат на јасна потреба за дополнителна едукација и обука на судии и адвокати во областа на признавање на странски судски одлуки. Најголем дел од испитаниците, 70% (7 од 10), сметаат дека таква обука е неопходна, додека 20% (2 од 10) сметаат дека тоа е потребно делумно, односно во ограничен обем. Само 10% (1 од 10) од испитаниците сметаат дека дополнителна едукација не е потребна.

Овие резултати покажуваат дека постои загриженост во правната професија околу јасноста и применливоста на Законот од 2020 година, што укажува на можност за дополнително појаснување или унапредување на нормативниот текст и неговата практична примена.

7.ПРАКТИЧНИ ПРОБЛЕМИ И ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ ПРИЗНАВАЊЕТО НА СТРАНСКИ БРАКОВИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

7.1. Воведни напомени

Признавањето на странски бракови е комплексна правна област која се наоѓа на пресекот меѓу националното семејно право, меѓународното приватно право, и во извесни случаи, јавниот поредок. Во контекст на зголемениот број транснационални бракови, мобилноста на граѓаните и глобализацијата, се јавуваат низа практични и нормативни предизвици при признавање на бракови склучени во странство од страна на надлежните органи во Република Северна Македонија.Процедурата за признавање на странски бракови во Република Северна Македонија, иако законски уредена преку Законот за меѓународно приватно право од 2020 година, во пракса се соочува со бројни предизвици кои произлегуваат како од правната рамка, така и од фактичките околности што ги следат транснационалните брачни односи.

7.2. Недостаток на унифицирани стандарди за форма и суштина на бракот

Иако принципот на признавање на странски судски одлуки за брак е општоприфатен, проблемите настануваат кога странскиот брак е склучен во форма што не соодветствува на македонското законодавство. На пример, некои држави дозволуваат верски или обичајни форми на брак, без потреба од регистрирање пред државен орган, додека во Република Северна Македонија признавањето на бракот е строго врзано за исполнување на формални и суштински услови пропишани со Закон за семејство. Ова доведува до ситуации каде бракови склучени во странство не се признаваат поради наводна „формална невалидност“.

7.3. Неуредени или тешко достапни странски документи

Еден од честите практични проблеми е обезбедувањето на соодветна и правно валидна документација од странство, потребна за поведување постапка за признавање. Станува збор за потврди за правосилност и автентичност на странски одлуки, преведени и легализирани согласно меѓународни стандарди (Апостил или конзуларна

легализација). Понекогаш, странките доаѓаат од држави со нефункционални административни системи, поради што прибавувањето на такви документи станува речиси невозможно.

7.4.Недоволна информираност на странките и органите

Многу граѓани, особено оние кои живеат и стапиле во брак во странство, не се свесни дека за да има правно дејство во РСМ, странскиот брак треба да биде признаен и заведена матична евиденција. Дополнително, некои органи кои постапуваат во оваа област (на пример, управни служби или службеници за матични книги) честопати немаат доволна стручна обука за примена на ЗМПП, што резултира со одбивање или одложување на признавањето, дури и во случаи каде нема реална законска пречка.

7.5. Судски формализам и долгото времетраење на постапките

Иако со Законот за меѓународно приватно право од 2020 година се предвидува поедноставена постапка за признавање на одлуки што се однесуваат исклучиво на развод на брак, во пракса постапките можат да потраат значително долго, особено ако се поднесува приговор или жалба од спротивната страна. Дополнително, судовите често инсистираат на строга формализација на сите елементи на странската одлука, вклучително и дословна примена на правните концепти од домашното право, што може да доведе до одбивање на признавање и покрај тоа што странската одлука е конечна и правосилна.

7.6.Недостаток на правна помош и толкување

Лицата со ограничени финансиски можности, особено кога станува збор за граѓани кои живеат надвор од државата, често не можат да добијат соодветна правна помош за да спроведат постапка за признавање. Во некои случаи, се јавува и јазична бариера, особено ако странската одлука е донесена на неевропски јазик, а преводот не е овластен или е спорен во смисла на правниот контекст. Иако признавањето на странски бракови е законски дозволено и уредено во Законот за меѓународно приватно право, недореченостите, административните бариери, отсуството на правна сигурност и

меѓународната неусогласеност ја прават оваа постапка сложена и често фрустрирачка за граѓаните. Неопходна е реформа во административната пракса, уредување на критериумите за јавен поредок, како и поттикнување на билатерални и мултилатерални договори за автоматско признавање на бракови со странски елемент.

8. ПРОВЕРКА НА ХИПОТЕТСКА РАМКА

Во воведот на овој труд беше поставена хипотеза дека правната рамка за склучување и признавање на бракови со странци во Република Северна Македонија, особено процедурата за признавање на странски судски одлуки од семејната област, се соочува со бројни практични предизвици**.** Предпоставката се базира на очекување дека постапките во практика се комплексни, со непотполна документација, долги рокови и различна судска примена на колизиските норми.

Проверка на хипотетската рамка беше извршена преку анализа на законската регулатива во РСМ**,** вклучително на Законот за семејство и Законот за меѓународно приватно право од 2020 година, преку компаративна анализа на регулативата во соседните држави (Србија, Албанија, Бугарија, Грција), разгледување на судска пракса и резултати од анкети спроведени меѓу службеници и судии и адвокати, особено во делот на признавање на странски бракови и разводи.

Од извршената анализа произлегува дека:

- Условите за склучување на брак со странци се јасно дефинирани во законот, но практично се јавуваат проблеми при доставување и легализација на странски документи (изводи од матични книги, потврди за слободна брачна состојба, апостил), што влијае на времетраењето на постапката.
- Признавање на странски бракови и одлуки од семејната област, особено разводи, се регулира преку законските одредби од ЗМПП,но во пракса се забележуваат потешкотии при утврдување на применливо право, како и во случаите кога странската одлука не содржи јасни рокови или причини за доспевање на обврските.
- Компаративната анализа покажува дека соседните држави имаат слична законска рамка, но постојат разлики во формалностите, административната

практика и временските рокови за признавање на странски одлуки, што влијае на правната сигурност на странките.

- Судската пракса и анкети ја потврдуваат хипотезата дека практичните предизвици се присутни и дека е потребно подобрување на меѓународната соработка меѓу судовите и административните органи за поефикасна примена на законската рамка.

На основа на овие согледувања, поставената хипотеза е делумно потврдена**.** Законската рамка во РСМ обезбедува основа за регулирање на меѓународните бракови и признавање на странски одлуки, но практичните проблеми и непоследователната примена ја оправдуваат претпоставката дека постојат предизвици кои влијаат на ефикасноста и правната сигурност на постапките.

Оваа проверка на хипотетската рамка го потврдува значењето на анализата во претходните глави и обезбедува основа за формулирање на препораки, односно предлози за подобрување на правната и судската практика, особено во делот на меѓународните бракови и признавање на странски одлуки од семејната област.

9.ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВНАТА И ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА РАМКА

Со цел поефикасно справување со правните и административните предизвици што произлегуваат од склучувањето и регулирањето на меѓународните бракови, неопходно е да се предложат конкретни мерки за унапредување на постојната правна и институционална рамка во Република Северна Македонија. Такви предлози и мерки се: усогласување на националното законодавство со европските стандарди, јакнење на административните капацитети, едукација на службениците и судиите, п одобрување на меѓународната соработка, создавање на централизирана база на податоци и други.

Потребно е да се изработат унифицирани насоки и прирачници за работа со странски документи, признавање на странски бракови и примената на Законот за меѓународно приватно право. Во моментов, различните толкувања доведуваат до правна несигурност и нееднаков третман на граѓаните. За надминување на овој проблем потребно е издавање на интерни упатства од страна на Министерството за правда, со задолжителна примена и одржување на редовни обуки за административните службеници.

Во однос на склучувањето на меѓународните бракови ЗМПП од 2020 година

претставува значаен чекор напред во уредувањето на меѓународните приватноправни односи, но неговата имплементација во доменот на меѓународните бракови покажува дека потребна е понатамошна правна доработка. Усогласувањето со европските регулативи, регулирањето на признавањето на странски јавни исправи и попрецизното дефинирање на јавниот поредок ќе придонесат за правна сигурност, еднаков третман на странските и домашните државјани и ефективна заштита на семејните права.

Иако членовите 24–27 од ЗМПП од 2020 година се однесуваат на условите, формата, поништувањето и разводот на брак, не се доволно разработени следните ситуации:

- Бракови склучени меѓу лица со повеќе државјанства или лица без државјанство.
- Бракови склучени во држави кои не издаваат класични јавни исправи (на пр. верски или обичајни бракови).

Истражувањето и мониторингот на состојбите поврзани со меѓународните бракови претставуваат неопходен предуслов за градење правен систем кој е транспарентен, ефективен и усогласен со европските и меѓународните стандарди. Република Северна Македонија има потреба од интегриран систем на прибирање податоци, анализа на практика и проценка на ефектите од примената на законската рамка, со цел да се обезбеди фер третман и заштита на правата на сите лица во транснационални семејни односи.

Во Република Северна Македонија недостасуваат сеопфатни, систематски истражувања и официјални статистики кои би дале прецизна слика за:

- Бројот на склучени меѓународни бракови годишно (и по земја на потекло).
- Бројот на меѓународни разводи и нивната правна обработка.
- Чести причини за одбивање на упис на странски брак или развод во матичната евиденција.

` Недостатокот на податоци ја отежнува и работата на институциите при формулирање политики, а уште повеќе го ограничува граѓанскиот надзор врз нивното постапување.

Анкетата со матичните служби покажа дека голем дел од службениците се соочуваат со нејаснотии при проверка на странски документи и примена на колизиските правила. Затоа се препорачува организирање на редовни обуки и семинари, со практични примери, судска пракса и примена на ЗМПП, особено на одредбите што се однесуваат на способноста за склучување брак, обликот и последиците на бракот.

Препораки за воспоставување на систем за истражување и мониторинг се следниве:

- Институционални механизми:

- Воспоставување на одделение во Управата за водење на матични книги кое ќе собира и анализира податоци за меѓународни бракови и разводи.
- Изработка на годишни извештаи што ќе содржат податоци, проблеми, добри практики и предлози за унапредување на институционалната постапка.
- Меѓусекторска соработка помеѓу МВР, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика и академските институции.

-Академски и истражувачки ангажман

- Правните факултети да иницираат истражувачки проекти за компаративна анализа на законите и праксата за меѓународни бракови.
- Соработка со меѓународни организации и проекти за прибирање добри практики и стандардизирани индикатори.

- Улога на граѓанското општество

- Организациите за заштита на човекови права и мигранти да собираат податоци за нарушени права при административни постапки.
- Активно учество во мониторинг на транспарентноста и ефективноста на матичните служби и судовите.

Во однос на признавањето на странските судски одлуки во брачните односи потребно е прецизирање на одредбите во Законот за меѓународно приватно право од 2020 година. Имено, иако ЗМПП од 2020 година донесе значајни подобрувања во поглед на јасноста и систематизацијата, одредени норми и понатаму оставаат простор за различно толкување. Се предлага појасно да ја дефинира формата и содржината на потребните документи, како и роковите за постапување. Дополнително, се предлага прецизирање на условите под кои судот може да одбие признавање, во согласност со судската практика и принципот на јавен поредок, за да се овозможи поголема предвидливост.

Потребно е и подобрување на судската пракса и нејзина достапност. Во моментов, не постои систематизиран пристап до судската пракса во врска со признавање на странски разводи и бракови. Се препорачува создавање јавна база на пресуди на судовите од прв и втор степен, која ќе овозможи поголема транспарентност,

еднаков третман и доследна примена на правото. Преку анализа на таквите пресуди, ќе се обезбеди и повратна информација за идентификување на системски слабости.

На крај се предлага и склучување на нови и ревизија на постојните билатерални договори. Република Северна Македонија има склучено неколку билатерални договори за правна помош со соседни држави, но дел од нив се застарени или не ги третираат доволно детално прашањата за семејноправни односи. Се препорачува ревизија на овие договори со цел вклучување на прецизни одредби за признавање на бракови и разводи, како и засновање на поблиска институционална соработка (на пр. преку заеднички комитети). Иако РСМ не е членка на ЕУ, при донесувањето на нови законски решенија, треба да се земат предвид регулативите на ЕУ во областа на семејното право и меѓународното приватно право (на пр. Брисел II-бис и Рим III). Прилагодувањето на овие стандарди ќе ја олесни идната интеграција и ќе придонесе за поефикасно решавање на трансграничните семејноправни спорови.

Овие препораки имаат за цел не само да ја унапредат правната сигурност на странките, туку и да придонесат кон создавање на попрозрачна, ефикасна и европски усогласена практика во областа на семејното и меѓународното приватно право.

ЗАКЛУЧОК

Склучувањето и раскинувањето на брак со странски државјани денес претставува сè поактуелно правно прашање, особено во услови на зголемена мобилност, транснационални миграции, како и глобализација на приватноправните односи. Овие феномени се особено видливи во правните системи на државите како Република Северна Македонија, кои, иако формално-правно нудат нормативна рамка за регулирање на овие односи, сепак се соочуваат со бројни практични, процесни и институционални предизвици.

Современиот Закон за меѓународно приватно право на Република Северна Македонија од 2020 година донесува значителен напредок во уредувањето на правните релации со странски елемент, преку јасна кодификација на колизиските норми, предвидување на релевантното право во случаите на склучување и раскинување на брак, како и прецизирање на условите за признавање и извршување на странски судски одлуки. Ова го приближува македонското меѓународно приватно право до современите европски и меѓународни правни текови, а истовремено обезбедува поголема правна сигурност за странките во постапката.

Меѓутоа, во пракса, примената на овие норми се соочува со низа предизвици. Од една страна, постојат административни и документациски пречки при докажувањето на материјалната подобност на странскиот државјанин за стапување во брак – потешкотии кои произлегуваат од недоволната соработка со странски институции, недостапноста на документи, особено во случаи на државјани од нестабилни или слабо организирани правни системи, но и поради недоволна унифицираност во практиката на органите надлежни за водење на матичните книги.

Од друга страна, постапките за развод на мешани бракови, особено кога странката престојува надвор од територијата на РСМ, бараат дополнително внимание во однос на надлежноста на судовите, применливото право и признавањето на странските судски одлуки. Иако ЗМПП предвидува објективни критериуми за определување на применливото право – државјанство или обично престојувалиште на странките – сè уште во пракса се среќаваат различни толкувања и недоследна примена, што води кон правна несигурност, продолжени судски постапки и зголемени трошоци за странките.

Клучен дел од анализата се однесува на признавањето и извршувањето на странски судски одлуки поврзани со бракот. И покрај тоа што ЗМПП од 2020 година обезбедува транспарентна правна рамка за признавање на странски одлуки и ги вградува современите критериуми – конечност на одлуката, нејзина непротивност на јавниот поредок, надлежност на странскиот суд, фер постапка – практичната реализација на овие норми честопати се соочува со проблеми. Најчести пречки се доцнењето или нецелосноста во доставување на документацијата, отсуството на правна помош од одредени држави, како и отежната примена на принципот на реципроцитет во отсуство на билатерални договори.

Компаративната анализа со соседните држави како Србија, Албанија, Грција и Бугарија открива сличности, но и суштински разлики. Така, Србија има сличен правен пристап со РСМ, но се потпира повеќе на критериумот на обичното престојувалиште отколку на државјанството при изборот на применливо право. Албанија, од друга страна, има понормативен, но во практика поконзервативен пристап со ограничена примена на колизиски норми и поголема фокусираност на внатрешноправните решенија. Овие разлики уште повеќе ја истакнуваат потребата од усогласување и хармонизација на националните законодавства со европските тенденции.

Имајќи го предвид сето погоре изложено, може да се заклучи дека за натамошно подобрување на состојбата во оваа област, потребни се неколку клучни чекори: институционално унапредување преку континуирана едукација на матичарите, судиите и административните службеници во областа на меѓународното приватно право; Развивање на унифицирани административни протоколи и образци за обработка на документи поврзани со странски државјани; Подобрување на меѓународната и билатералната правна соработка, вклучително и склучување нови договори за правна помош и признавање на одлуки во граѓанска материја; Развој на дигитални платформи за проверка и размена на документи, како и нормативно приближување кон правото на ЕУ, особено кон Регулативите „Брисел IIбис“ и „Рим III“, со цел да се обезбеди покохерентна примена на колизиските норми и принципите на правна сигурност и предвидливост.

Само преку воспоставување на правен и институционален систем кој овозможува доследна, предвидлива и ефикасна примена на нормите од меѓународното приватно право, ќе може да се гарантира еднаков пристап до правото за сите странки, независно од нивната национална припадност. Ова, пак, ќе придонесе за јакнење на

владеењето на правото, почитување на основните човекови права и унапредување на меѓународната правна интеграција на Република Северна Македонија.

ПРИЛОЗИ

ПРИЛОГ 1

АНКЕТА на тема „Брак со странец во Република Северна Македонија“

1.Колку често имате случаи на склучување брак со странски државјанин во вашата матичната единица?

(а) Многу често
(б) Повремено
(в) Ретко
(г)Никогаш

2.Од кои држави најчесто доаѓаат странските државјани што склучуваат брак во РСМ?

(Може да се изберат повеќе одговори)

☐ Србија
☐ Албанија
☐ Косово
☐ Бугарија
☐ Турција
☐ Германија
☐ Италија
☐ Австрија
☐ Швајцарија
☐ Друга: _____

3.Кои документи странците најчесто не ги доставуваат или ги доставуваат нецелосно при поднесување барање за склучување брак?

(Може да се изберат повеќе одговори)

☐ Потврда за слободен брачен статус (неженет/неомажена)
☐ Извод од матична книга на родени
☐ Потврда за државјанство
☐ Пасош или друг личен документ
☐ Потврда за престој или дозвола за престојување
☐ Апостил или легализација на документите
☐ Овластен превод на македонски јазик
☐ Друго: _____

4.Колку е потребно време, во просек, за обработка на барање за склучување брак со странец(од прв контакт до закажување/записник)?

(а) Помалку од 3 дена
(б) 3–7 дена
(в)Повеќе од 7 дена

6.Со кои проблеми најчесто се соочувате при обработка на документи од странство?

(Може да се изберат повеќе одговори)

☐ Недостаток на апостил или легализација
☐ Нејасна или непотполна содржина на документите
☐ Недостаток на овластен превод на македонски јазик
☐ Документи издадени од нерелевантен орган
☐ Застареност на документите
☐ Недоволна соработка со дипломатско-конзуларни претставништва
☐ Несоодветна формална форма (неисполнети формални услови)
☐ Друго: _____

7.Дали странците генерално се добро информирани за процедурата и потребните документи за склучување брак во РСМ?

(а)Да
(б)Делумно
(в)Не

8.Дали сметате дека законската регулатива за брак со странци е јасна и доволно прецизна за спроведување?

(а)Да
(б)Делумно
(в)Не

9.Дали Управата има доволно стручни упатства и обуки за постапувањето со странски документи при склучување брак?

(а)Да
(б)Делумно
(в)Не
(г)Не сум запознаен/а

ПРИЛОГ 2:

Анкета на тема: „Постапка за признавање на странски судски одлуки во семејноправната област“

1.Колку често сте учествувале во постапки за признавање на странски судски одлуки во врска со брак или развод?

а)Често

б) Повремено

в) Ретко

г) Никогаш

2. Од кои држави најчесто потекнуваат странските судски одлуки што се бараат за признавање?

(Може да се изберат повеќе одговори)

☐Србија
☐Албанија
☐Бугарија
☐Грција
☐Германија
☐Италија
☐Турција
☐САД
☐Швајцарија

☐ Друга: _____

3.Дали, според Вашето искуство, постапката за признавање е доволно јасно регулирана со Законот за меѓународно приватно право од 2020 година?

а) Да

б) Делумно

в) Не

г)Немам став

4.Кои се најчестите процесни или правни пречки при признавање на странски судски одлуки за развод на брак?

(Може да се изберат повеќе одговори)

☐Недостиг од доказ за конечност на странската одлука

☐Недоволно јасна надлежност на странскиот суд

☐Недоволна соработка со странските институции

☐Проблеми со легализација или апостил на одлуката

☐Непостоечка или нецелосна преведена документација

☐Повреда на правото на одбрана на странката во странската постапка

☐Потенцијален судир со јавниот поредок во Република Северна Македонија

☐Недостаток на правна основа за признавање (нема договор или реципроцитет)

☐ Друго: _____

5.Колку време во просек трае постапката за признавање на странска судска одлука во практика?

а) Под 1 месец

б) 1–3 месеци

в) 3–6 месеци

г) Над 6 месеци

6.Колку често странките не успеваат да обезбедат доказ за конечност на странската судска одлука?

а) Често

б) Повремено

в) Ретко

г)Никогаш

7.Во која мера судиите се повикуваат на јавниот поредок како причина за одбивање на признавање?

а) Често

б) Повремено

в) Ретко

г)Никогаш

8.Дали сметате дека би бил корисен централен електронски регистар или база на податоци за признаени странски одлуки?

а) Да

б) Не

в)Можеби

9.Дали постои потреба од дополнителна едукација или обука на судии и адвокати во областа на признавање на странски судски одлуки?

а) Да

б) Не

в) Делумно

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Регулатива (ЕУ) бр. 1259/2010 на Советот од 20 декември 2010 година за спроведување на засилена соработка во областа на правото што се применува за развод и раздвојување, Службен весник на ЕУ, L 343, 29.12.2010,
2. Дескоски Т., Доковски В., (2021 година) Меѓународно приватно право, Скопје
3. Проф.Д-р. Хаџивасилев М., (1987 година) Семејно право, Скопје,
4. Фосет Џ.Џ., Карутерс Џ.М., сер Норт П., (2010 година) Меѓународно приватно право, Скопје,
5. Џунов Т., (1995 година), Меѓународно приватно право, Скопје,
6. Проф. Мариен Блер Д.,доцент по право, Мерл Вајнер Х.(2009година) Меѓународно семејно право: конвенции, статути и регулаторни материјали, Скопје
7. Закон за меѓународно приватно право („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/2020)
8. Закон за семејството („Службен весник на РМ“ бр. 80/92, 9/96, 38/04 и др.),
9. Hague Convention on Celebration and Recognition of the Validity of Marriages, concluded at The Hague on 14 March 1978.
10. Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети меѓу Република Македонија и Република Србија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2005);
11. Договор меѓу Република Македонија и Република Албанија за заемна правна помош во граѓански и кривични предмети („Службен весник на РМ“ бр. 10/2001).
12. Закон бр. 8116 од 29.3.1996 година за Законот за граѓанска постапка на Република Албанија, Сл. в. бр. 138 од 07/12/1998 г., со измените.
13. Закон бр. 8417 од 21.10.1998 година за Уставот на Република Албанија, член 122, Службен весник бр. 9/1996, со измените.
14. Законот за матичната евиденција („Сл. весник на РМ“ бр. 8/1995 со измени и дополнувања)
15. Породични закон на Србија („Службени гласник РС“ бр. 18/2005).
16. Закон о међународном приватном праву,(Службени гласник РС“, бр. 87/2011)
17. Договор за правна помош меѓу РСМ и РС Србија („Сл. весник на РМ – Меѓународни договори“ бр. 1/2005).
18. Semeen_kodeks.pdf
19. Hague Convention Abolishing the Requirement of Legalisation for Foreign Public Documents (1961), https://www.hcch.net/en/instruments/conventions/full-text/?cid=41.[посетено на ден 18.07.2025 година]
20. Regulation (EU) 2016/1191 of the European Parliament and of the Council of 6 July 2016,
21. Regulation - 2016/1191 - EN - EUR-Lex[посетено на ден 18.07.2025 година]
22. Άρθρο 1369–1371, Αστικός Κώδικας (Граѓански законик на Грција)
23. Закон бр. 9062, 08.05.2003, Kodi i Familjes së Republikës së Shqipërisë, во сила од 01.12.2003;

24. Ligj Nr. 10428, dt. 2.6.2011, Për të drejtën ndërkombëtare private të Republikës së Shqipërisë; ligji_drejten_nderkombetare_private_1_571.pdf [пристапено на ден 18.07.2025 година]
25. Договор меѓу Владата на РМ и Советот на Министри на РА за правна помош во граѓански и кривични предмети, „Службен весник на РМ“ бр. 30/1995.
26. Устав на Република Северна Македонија, Службен весник на РМ бр. 52/91,
27. pravda.gov.mk/vest/6547
28. Council Regulation (EU) 2016/1103 of 24 June 2016 „Службен весник на ЕУ“ L183/1.
29. Council Regulation (EU) No 1259/2010 of 20 December 2010 (Rome III) „Службен весник на ЕУ“ L 343/10
30. Council Regulation (EC) No 4/2009 of 18 December 2008 „Службен весник на ЕУ“ L 7, 10.1.2009.
31. Regulation (EC) No 593/2008 (Rome I) „Службен весник на ЕУ“ L177/6.
32. Regulation (EC) No 864/2007 (Rome II), „Службен весник на ЕУ“ L 199/40.
33. Regulation (EU) No 1215/2012 (Brussels I Recast), „Службен весник на ЕУ“ L351/1.
34. Regulation (EU) No 650/2012 of 4 July 2012, „Службен весник на ЕУ“ L 201/107
35. Министерство за правда на Република Северна Македонија, <u>Годишен извештај за работата на Секторот за меѓународна правна помош</u>, достапно на: www.justice.gov.mk [посетено последно на 29.07.2025 година].
36. Прекугранично признавање и извршување странски судски одлуки во Југоисточна Европа и перспективи на Хашката конвенција за пресуди од 2019 година-Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH-Скопје, 2021 година
37. Одлуки на судови